СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31

Вторник, 31 декември 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 52 ГОД. XIX

Цена на овој број е 180.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1 Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671

712.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1964 ГОДИНА

Се прогласува Општествениот план на Југославија за 1964 година, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 17
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1964 ГОДИНА

ПРВ ДЕЛ

Одлучувајќи за Предлогот на општествениот план на Југославија за 1964 година, што ѝ го поднесе Сојузниот извршен совет, и земајќи ги предвид разгледувањата на проблематиката на овој план во највисоките органи на Сојузната стопанска комора, на Сојузот на синдикатите на Југославија и на Постојаната конференција на градовите на Југославија, во кои земаа учество и претставници на органите на Сојузниот извршен совет, а опирајќи се врз соработката во подготвувањето на предлозите на општествените планови помеѓу органите на Сојузниот извршен совет и органите на републиките и врз анализите на Сојузниот завод за стопанско планирање и други општествени органи и установи, Сојузната скупштина констатира:

Поволните стопански движења кои по двегодишниот период на поуспорен стопански растеж почнаа да се манифестираат веќе во втората половина на 1962 година, продолжија на сите подрачја на стопанската активност и во 1963 година. Задоволителните резултати остварени во оваа година, заедно со активирањето на новите производствени капацитети, со можностите за понатамошно проширување на размената со странство и со понатамошното развивање на општествено-економските односи и со усовршувањето на нивните форми, овозможуваат во 1963 година манифестираните поволни тенденции во развојот на стопанството да продолжат и во 1964 година.

Во рамките на постигнатите поволни резултати во 1963 година особено се истакнуваат високата норма на растежот на производството и на продуктивноста на трудот, понатамошното проширување на економските односи со странство и поголемата усогласеност во движењето на производството и потрошувачката, што сé овозможи во таа година да се оствари и значаен пораст на реалната потрошувачка и создадат потребни услови за понатамошен побрз стопански развој. Таквите резултати го прават реално очекувањето дека насоките, целите и задачите на Сојузниот општествен план за 1963 година ќе бидат во целост остварени, а на некои подрачја и позначително надминати.

Ваквите движења во стопанството укажуваат и на квалитетно новите тенденции во целокупниот стопански живот, кои во прв ред се резултат од постимулативното дејство на стопанскиот систем и неговото понатамошно усовршување, од побрзото и поуспешно приспособување на стопанството кон новите услови за стопанисување, како и од активноста на сите субјективни сили на општеството заради остварување на одлуките и ставовите на Извршниот комитет и IV пленум на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

Успешниот развој на стопанството во 1963 година го овозможија и го поттикнуваа и други фактори. Наспоредното и складно развивање на личната и инвестиционата потрошувачка создаде простор и услови за ширење на производството наменето за домашниот пазар, а поголемиот извоз се покажа како значајна компонента на развојот без која на веќе достигнатиот степен на стопанскиот развиток не можат да се остваруваат ниту брз растеж ниту други позитивни ефекти во стопанисувањето. Повторно постигнатата складност помеѓу порастот на продуктивноста на трудот и реалните лични доходи, кои во претходната година заостануваа зад порастот на продуктивноста на трудот, беше понатамошен фактор за забрзаниот стопански развиток и создавање услови за поголема стопанска стабилност.

Успешниот стопански развиток е овозможен и со зголемувањето на производствените капацитети и со подобрите производни можности во речиси сите стопански дејности, со значително подобреното снабдување со репродукциони материјали, како и со усовршувањето на производството со воведување на посовремена техника и со нејзината модернизација во многу стопански организации, во што имаа значаен удел напредокот во ширењето на кооперацијата и специјализацијата на производствените организации и засилувањето на интеграционите процеси во целото стопанство

Општиот полет во целокупното производство го поттикнуваа и го олесниј и мерките на тековната економска политика, особено мерките на кредитно-монетарната политика. Со поластичното кредитирање постигнатите складни односи помеѓу купувачката сила и понудата создаваа поповолни услови за развој на производството и за реализација на дел во поранешното производство создадени прекумерни залихи на некои производи.

Поволните стопански движења во 1963 година беа следени и од извесни проблеми, на чие решавање овој план му обрнува посебно внимание, а такво внимание треба да му обрнат и плановите на сите општествено-политички заедници и работни организации, како и сите општествени органи што ќе одлучуваат за мерките на тековната стопанска политика во 1964 година.

Меѓу овие проблеми, покрај нерешените или неадекватно решените проблеми во областа на стопанскиот систем, особено се истакнуваат напрегна-

тоста на енергетскиот биланс и недостигот на капацитети за производство на некои репродукциони материјали за кои е нецелесообразно да се обезбедуваат со увоз. И недоволноста на некои основни земјоделски производи, а особено на производи на сточарското производство што сé уште осетно заостанува зад нараснатите потреби, беше значаен фактор за нестабилноста на пазарот и фактор за ограничување на побрзиот реален растеж на личната потрошувачка. Во 1963 година дојде и до поизразито појавување на поозбилен несклад помеѓу сообраќајните капацитети и потребите на стопанството, кој и во наредната година би можел неповолно да дејствува врз стопанските движења. Проблемите на пазарот беа потенцирани и од постојано појавуваното заостанување на капацитетите на услужните дејности и деталистичката трговија, а недостигот на доволни резерви од некои производи значајни за широката потрошувачка и репродукцијата укажува на неодложната потреба од нивно формирање во поголеми количини.

Со мерките на економската политика и соодветната активност на сите општествени фактори треба да се обезбедат услови и во 1964 година да продолжат поволните стопански движења и пополно да се појават позитивните тенденции од 1963 година, при отстранување на појавените во оваа година недостатоци и при решавање на проблемите што би можеле да го попречуваат поволниот стопански развиток во идната година. Економската политика во 1964 година, како прва година од новиот седумгодишен план, треба, развивајќи ги понатаму позитивните тенденции што се појавија во 1963 година, да осигури успешен, хармоничен и брз стопански развој, што ќе биде и во духот на основната концепција на развојот на стопанството во наредниот седумгодишен период.

Во оваа смисла, заради обезбедување непосреден и што постабилен развој на стопанството во 1964 година, а имајќи предвид дека целите и задачите на овој план претставуваат дел од реализацијата на седумгодишниот план, основните економско-политички цели на развојот би морале првенствено да бидат усретсредени врз зацврстувањето и понатамошното проширување на самоуправувањето, врз понатамошното развивање на стопанскиот систем со цел за усовршување и подобрување на условите за стопанисување, врз постигањето на понатамошен динамичен пораст на производството и продуктивноста на трудот, врз зголемувањето на животниот стандард, врз порастот на личната потрошувачка и општествениот стандард во согласност со зголемувањето на продуктивноста на трудот врз проширувањето на надворешнотрговската размена, а особено врз понатамошниот пораст на извозот, понатамошниот развој на недоволно развиените републики и подрачја и врз уште порешителната ориентација да се активираат резервите во производствените капацитети и вишоците на работна сила во работните организации.

Покрај општите економски и општествени услови, таквиот развој на стопанството во 1964 година ќе го обезбедуваат особено мерките што веќе се преземени или се подготвуваат во правецот на понатамошно усовршување и изградба на стопанскиот систем врз основите што го најдоа својот израз во Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Во овој поглед посебно се истакнуваат прашањата во врска со уедначувањето на условите за работа и стекнување доход меѓу стопанските гранки и групите стопански организации.

Брз стопански развиток во идната година овозможуваат и веќе остварените значајни вложувања во реконструкции, модернизација и нови производствени капацитети, потоа постоењето на сé уште недоволно користени капацитети, веќе создадените услови за подобрување на економската положба на земјоделството, при подобрената снабденост со репродукциони материјали, како и продолжувањето на активноста на стопанството во правецот на зголемување на извозот што е суштествен услов и основа на побрзиот растеж на производството.

За успешниот развој исто така ќе придонесе и суштествено новата тенденција, која сé повеќе се стабилизира во работните колективи, зголемувањето на производството да се остварува при умерен пораст на запосленоста и при релативно висок пораст на продуктивноста на трудот. Таквите односи се постигнати, пред сé, со развивањето на внатрешната распределба во работните организации и со изнаоѓањето на поадекватни мерила и критериуми за распределба на личните доходи во согласност со постигнатите успеси во работата на работното место, во работната единица и работната организација како целина. Понатамошното унапредување на внатрешната распределба врз принципите на што подоследна распределба според трудот ќе ја засили ориентацијата на работните колективи зголемувањето на своите реални доходи да го бараат во единствено рационалниот извор — во зголемувањето на производството и на продуктивноста на трудот.

Големото значење што научните истражувања го имаат во општествениот и стопанскиот развиток неопходно бара значително поголеми и потрајни ангажирања на сите фактори за што поголемо забрзување на нивниот развој за што побргу да се отстрани релативното заостанување во оваа област на општествената дејност, а во согласност со потребите и целите на стопанскиот и општествениот развиток во новиот седумгодишен план.

За да се осигури остварување на целите и извршување на задачите што овој општествен план ги утврдува и со тоа обезбеди понатамошен општ материјален и културен напредок на југословенската социјалистичка заедница, како и понатамошен брз пораст на стопанството и на животниот стандард на населението, неопходна е и понатамошната активност и понатамошното настојување на сите општествени и политички организации и на сите органи на општественото самоуправување да се остваруваат и решаваат тие цели и задачи.

Земајќи ги предвид резултатите на досегашниот стопански развој, и посебно на развојот остварен во 1963 година, како и можностите кои со тоа се дадени за стопански развој во 1964 и наредните години и за задоволување на општествените потреби кои со тој развој треба да се осигурат, а сметајќи со понатамошното и пополно активирање на сите материјални и општествени сили за развивање на општественото производство и социјалистичките општествени односи, Сојузната скупштина со овој план ги утврдува целите и задачите на стопанскиот и општиот општествен развој и насоките за економската политика што ќе ја остваруваат сите општествени фактори во 1964 година.

ВТОР ДЕЛ

Глава I

ПРОИЗВОДСТВО

1. Врз основа на расположивите производствени капацитети и реално оценетите услови за снабдување на производството со репродукциони материјали, како и врз основа на можноста за пласман на производите на внатрешниот пазар и за понатамошно зголемување на извозот, можно е да се очекува пораст на вкупното производство во 1964 година за околу 10% и на производстото во општествениот сектор за околу 12%.

Ваквата оценка на порастот на производството е заснована врз дејствувањето на веќе дадените фактори на тој пораст и врз веќе манифестираните тенденции во стопанските движења, а смета со просечни временски услови за земјоделско производство и за производство на електрична енергија. Земајќи ги предвид можните поголеми ефекти од понатамошното усовршување на стопанскиот систем и пополното приспособување на стопанските организации кон неговото дејство, како и подобро-

то искористување на можностите за зголемување на извозот, би можеле да се постигнат во производството и подобри резултати. Со тоа се оставаат определени резерви што дозволуваат утврдените со овој план цели и задачи на стопанскиот развој посигурно и пополно да се остварат и спроведувањето на насоките на стопанската политика за 1964 година полесно да се приспособи кон условите што во таа година ќе бидат фактично дадени.

2. Сметајќи со понатамошно поволно дејствување на општите услови на работењето и со продолжување на позитивните тенденции кои во 1963 година доведоа до брз растеж на индустриското производство при значајно зголемување на производноста на трудот, со зголемување и поефикасно користење на производствените капацитети и на реалните можности за снабдување на индустријата со репродукциони материјали, а земајќи ги предвид и условите за пласман на индустриските производи на домашниот пазар и во извозот и одмерувајќи ги границите што определени ограничувачки фактори му ги наметнуваат на индустриското производство, можно е да се смета со пораст на ова производство во 1964 година за околу 11%, при зголемување на продуктивноста на трудот за 8%. При тоа се предвидува дека енергетското производство ќе порасне за околу 8%, производството на основни метали за нешто помалку од 5%, производството на опрема и трајни потрошни добра за околу 12%, производството на хемиската индустрија за околу 17%, индустриската преработка на земјоделски производи за околу 12%, индустриската преработка на дрво за околу 15%, производството на материјали наменети за градежништвото за околу 11% и производството на индустријата на текстил, кожа и гума за околу 10%.

Остварувањето на овие производствени резултати во 1964 година во многу ќе зависи од можноста за успешно отстранување на неповолното дејствување на определени фактори кои инаку би можеле побитно да го успорат и темпото на индустрискиот развој во наредната година и остварувањето на долгорочните цели на стопанската политика. Меѓу тие фактори се истакнуваат релативното заостанување на производството што има услови за потраен поволен извоз, напрегнатите енергетски биланси, кусокот на капацитети за производство на определени репродукциони материјали, особено на производи на металургијата, и тешкотиите во транспортот. Иако заради отстранување на поважните структурни неусогласености во производството веќе се донесени претходни одлуки за изградба на соодветни капацитети, а некои други се подготвуваат, за 1964 година уште не може да се смета со дејство на оваа изградба поради долгорочниот карактер на активирањето на соодветните вложувања. Поради тоа ќе биде потребно мерките на тековната стопанска политика и расположивите средства да се носочат кон максимално мобилизирање на дадените можности и кон активирање на постојните латентни резерви во ова производство. Отаде во 1964 година останува како една од примарните задачи на носителите на стопанската активност да вложуваат координирани напори за максимално користење на постојните капацитети што го снабдуваат стопанството со енергија, суровини и полуфабрикати.

За да може и во 1964 година успешно да продолжи забрзаното вклучување во меѓународната размена и за да се користат сите предимства што проширениот извозен пазар ги дава за зголемување на рационалноста на производството, потребно е работните организации, деловните банки и сите активни фактори во стопанството да му обрнат особено внимание на квантитативното и квалитативното унапредување на извозот. Ваквата ориентација е од посебна важност ако се има предвид дека, со оглед на релативно бавниот пораст на производството за извоз, за 1964 година се смета со пораст на индустрискиот извоз од околу 12%, т. е. со норма која побитно не ја надминува нормата на производството. За понатамошниот напредок на индустријата и на целокупното стопанство би било од првостепено значење кога со иницијатива на производителите, а пред сé со користење на резервите во капацитетите со поинтензивна експлоатација на природните извори и со соодветно приспособување на квалитетот и асортиманот на производите кон потребите на странскиот пазар, темпото на растежот на извозот би се зголемило над предвидената норма. Оријентација кон вакво зголемување на извозот во 1964 година треба да биде една од основните цели на индустриското производство, дотолку повеќе што, покрај потребата од решавање на прашањата на платниот биланс, со зголемениот извоз — со оглед на проширувањето на пазарот — истовремено се подобруваат и условите на производството.

За да можат да се прошират границите кои на растежот на индустриското производство му ги поставува енергетскиот биланс, кој се базира на претпоставката на услови на просечна климатска година, и со тоа да се дадат можности за користење на уште постојните резерви и за растеж на индустријата побрз од предвидениот, ќе биде нужно со посебни мерки да се обезбеди динамично усогласување на енергетското производство и потрошувачката, како и итно да се преземат технички мерки за намалување на загубите во мрежата и преносот, да се вршат ремонти на електраните во периодите на релативно пониска потрошувачка на електрична енергија и да се преземат сите мерки за побрза изградба на електроенергетски капацитети. Потребно е да се обезбеди и поголем увоз на електрична енергија и со тоа, каде е тоа можно, да се осигури поголемо производство и извоз. Електростопанските организации и заедници треба со најголема одговорност да се однесуваат кон задачата производството уредно и квалитетно да се снабдува со електрична енергија.

Релативното заостанување на производството на металуршките гранки ќе бара од производителите на производи на црната и обоената металургија и на други основни масовни суровини и репродукциони материјали координирани напори за максимално користење на постојните капацитети и за побрзо завршување и активирање на капацитетите во изградба.

Иако кусокот во производството на цемент во 1963 година ќе биде покриен од увоз, недостигот на капацитети за производство на цемент ќе претставува и во наредните години во значителна мера ограничувачки фактор на градежната дејност, па решението на овој проблем, покрај решенијата што може да ги даде поинтензивното користење на постојните капацитети, треба да се бара и во итната изградба на нови капацитети.

Со насочување на средствата на општествените инвестициони фондови и на средствата на банките во соодветни вложувања, со ангажирање на средствата на работните организации и со други мерки на инвестиционата политика треба да се решаваат, пред сé, истакнатите ограничувачки фактори на растежот на индустриското производство, а со мерките и акциите во областа на деловното здружување на најширока основа и со други мерки — да се овозможи користење на сите потенцијали што ѝ стојат на располагање на индустријата на сегашниот степен од нејзиниот развој.

3. По осетното зголемување на земјоделското производство во 1963 година, се очекува дека е можно, при просечни временски услови, во 1964 година да се оствари пораст на физичкиот обем на вкупното земјоделско производство од околу 7%, на производството на општествените стопанства — за околу 16%, на производството на индивидуалните производители во кооперација со социјалистички стопански организации — за околу 33%, и на производството на индивидуалните производители во целина — за околу 5,5%.

Се оценува, исто така, дека вкупното поледелско производство ќе порасне за околу 8% и сто-

чарското производство за околу 8,5%. При тоа се смета со остварување на производство на пченица од околу 4,6 милиони тона, на пченка околу 6,3 милиони тона, на шеќерна репка од околу 3 мидиони тона и на месо од околу 670 илјади тона.

Расположивата материјална база, посебно обезбеденоста со репродукциони материјали, дозволува, при полна мобилизација на земјоделските организации, особено на задругите и другите фактори, да се постигнат и поголеми норми на растежот односно поголемо производство на одделни производи. За поголемото и порационално користење на производствените капацитети, на работната сила и на расположивите количини на репродукциони материјали ќе придонесат и акционите програми што треба да ги донесат стопанските комори, здруженијата на производителите и слични институции.

Зголемувањето на сточниот фонд и обезбедувањето на услови за зголемување на производството на производи од добиток, особено на свинско месо, живина, млеко и јајца, претставуваат една од основните задачи и во 1964 година. За извршување на оваа задача, покрај зголемувањето на гарантираните цени и премии за месо и млеко во 1963 година, во 1964 година се обезбедени и доволни количини на концентрирана сточна храна од увоз, а се зголемени и залихите на сточна храна кај земјоделските производители. Со ова се создадени услови за зголемување на производството во сточарството кај општествените стопанства и во кооперација со индивидуални производители. Покрај извршувањето на овие задачи во сточарството, во 1964 година и зголемувањето на производството на пченица е една од најважните задачи, за чие извршување треба да се мобилизираат сите сили.

Врз порастот на земјоделското производство ќе влијае поправањето на економската положба на земјоделството, што веќе овозможи поголема заинтересираност и ориентација на земјоделските организации, а и на индивидуалните производители, поефикасно да ги користат, во кооперација на овие производители со организациите на општествениот сектор, расположивите средства и да воведуваат современа технологија со цел за зголемување на производството.

Кај општествените стопанства откупните цени, поради извршеното нивно зголемување во изминатите години, станаа постимулативни за развивање на производството; договарањето за производство и испорака и понатаму ќе дава силен поттик за зголемување на производството на најважни земјоделски производи; сеидбените површини ќе бидат поголеми за околу 11%; за род ќе стасат нови површини на овошници и лозја; ќе дојде до пошироко применување на современата технологија, а со оглед на поголемата рентабилност што со нивната употреба се остварува, и до поголема употреба на вештачки ѓубриња и други современи средства за производство — на концентрирана сточна храна, на средства за заштита на растенијата и добитокот и други. Особено треба да се истакне дека веќе во 1963 година се обезбедени средства за набавка на потребни количини вештачки ѓубриња и концентрирана сточна храна од увоз.

До зголемување на производството и подигање на продуктивноста на трудот кај општествените стопанства треба да дојде и поради подобро користење на расположивите средства за производство, поради порешителна ориентација кон модернизација на производството на одделни производи, поради усовршување на организацијата на работата и поради понатамошно унапредување на внатрешните односи што ги поттикнуваат интересите на сите фактори во стопанствата кон постигање подобри резултати во производството. Во врска со тоа, потребна е посебна грижа за зголемување на бројот и подобрување на составот и опремата на стручните кадри на земјоделските организации

Спроведените економски мерки во 1962 и 1963 година исто така создадоа соодветни услови за побрзо развивање на кооперативните односи помеѓу задругите и индивидуалните производители. Покрај растителното производство, интересирањето на индивидуалните производители особено расте за кооперацијата во сточарското производство. Оваа соработка има особено значење за зголемувањето на производството на месо за пазарот. Во 1964 година кооперацијата во сточарството треба да се зголеми за околу 50%.

Со зголемени вложувања на средства од сите извори во земјоделско производство, а особено на средства од инвестиционите фондови на општествено-политичките заедници и градовите, треба да се овозможи во 1964 година да се зголемат површините во општествена сопственост и опременоста на земјоделските организации со механизација, а посебно опременоста на општите земјоделски задруги со трактори и комбајни заради проширување на кооперацијата во поледелството и подобрување на услугите.

4. Во областа на шумарството сечата на дрво во општественото производство во 1964 година треба да достигне 10,6 милиони м³, т.е. за околу 5% да биде поголема од оценетата сеча во 1963 година. Со ова треба да се обезбедат потребни суровини за преработка на дрво во индустријата, како и производи на шумарството и производи на примарната преработка на дрво за извоз.

За реализација на предвиденото производство по обем и структура, а особено во поглед на иглолисното дрво, ќе биде потребно да се подобрат условите на работењето на стопанските организации во шумарството и во индустријата на дрво, како во смисла на регулирањето на цените на производите на шумарството, нивното усогласување со цените на полуфабрикатите и готовите производи, така и во поглед на мерките за реконструкција, модернизација и техничко опремање на дрвната индустрија и експлоатационите работи во шумарството. Со ова исто така треба да се овозможи интензивирање на шумско-одгледувачките работи, кои во текот на последните неколку години стагнираат или заостануваат, и побрза изградба на шумски комуникации. За извршување на предвидените задачи во шумарството ќе биде неопходно, покрај средствата на стопанските организации, да се обезбедат и дополнителни средства од фондовите на општествено-политичките заедници и од средствата на деловните банки.

5. Реализацијата на предвидениот обем и структура на инвестициите во 1964 година бара пораст на производството на градежништвото на општествениот сектор за околу 12%.

Волкавиот обем на градежните работи во 1964 година со поместување на структурата во правецот на високоградба, како и очекуваниот пораст на градежните работи во наредните години, бараат значително проширување на материјалната основа на градежништвото, како со зголемување на производството на современи материјали и конструкции за рационална изградба, така и со значително поголема опременост на градежништвото со механизација.

За да може овој зголемен обем на работите што порационално да се изврши, потребно е со благовремени одлуки за намераваната изградба и со договорање да се обезбедат солидни и благовремени подготовки, со прецизирање на договорните обврски во поглед на обезбедувањето на средства, како и во поглед на цените и роковите за изградба, да се создадат што постабилни односи и со благовремени порачки и испораки на градежни и други материјали и елементи за вградување и со создавање соодветни резерви — да да се обезбеди континуитет во изградбата на објекти, а со тоа и рамномерно производство и што пополно користење на индустриските и транспортните капацитети што ги користи градежништвото.

Зголемувањето на обемот станбената изградба бара уште побрзо и посмело воведување на си-

стемот на производство на станови за пазар, кој значително придонесува за воведување на современа техника и технологија, за зголемување на продуктивноста на трудот и за порационална станбена изградба воопшто. Воведувањето на системот на производство на станови за пазар овозможува и понатамошни унапредувања на организацијата на претпријатијата производители на станови во правецот на специјализација, кооперација и интеграција. На градежните претпријатија треба да им се обезбедат кредити за обртни средства за вакво производство на станови, од станбените фондови и средствата на деловните банки и од други расположиви средства, а под истите услови под кои овие кредити им се даваат на други производители.

Задачите на обновата и изградбата на Скопје и во оваа година бараат од стопанските организации на градежништвото посебни напори и ангажирање заради нивното извршување.

Стопанските организации на градежништвото треба сé повеќе да се ориентираат кон комплексна изградба на инвестициони објекти и врз таа основа да ги искористат предимствата што може да ги даде кооперацијата и во оваа област.

Со претпоставеното подобрување на организацијата на работата и со зголемувањето на инвестиционите вложувања, пред сé во градежната механизација, може да се очекува зголемување на продуктивноста на трудот во градежништвото за околу 6,5%.

6. Предвиденото движење на производството, на внатрешната и меѓународната размена, на личната потрошувачка и туризмот, ќе бара пораст на обемот на сообраќајните услуги за околу 7%, при што на внатрешниот стоковен сообраќај — за околу 10%.

Со оглед на можностите за остварување поголем обем на индустриското, земјоделското и друго производство, на надворешната трговија и транзитот на стоки, потребите на стопанството од транспортни услуги можат да бидат и поголеми од горе предвидените.

Кога се имаат предвид тешкотиите што во 1963 година се појавувале во подмирувањето на стопанските потреби од сообраќајни услуги, првенствено поради недоволни транспортни капацитети, извршувањето на значително зголемениот обем на сообраќајот во 1964 година ќе бара посебни мерки и напори, особено кај железничкиот, речниот и друмскиот сообраќај.

Заостанувањето на можностите на превозот зад потребите на стопанството би можело да предизвика озбилни тешкотии за стопанскиот развиток. Поради тоа е неопходно расположивите инвестициони средства во сообраќајот првенствено да се насочуваат кон проширување на транспортните капацитети и кон отстранување на т.н. „тесни грла" со проширувања, реконструкции и модернизација. За побрзо да се воспостават услови за похармоничен развој на сообраќајот, во финансирањето на инвестициите во областа на сообраќајот, покрај работните организации, треба во многу поголема мера отколку досега да учествуваат и републиките, околиите и општините, деловните банки и корисниците на транспортот. Средствата на федерацијата се наменети главно за изградба на основни сообраќајници значајни за целата земја, за кои веќе се донесени посебни одлуки за изградба, и се насочени така што со побрзо активирање на одделни објекти и делници да се постигнува нивното најуспешно користење.

Наспоредно со вложувањата, неопходно е да се преземаат и други мерки за зголемување на транспорните можности. За таа цел треба, особено со подолготрајна соработка на корисниците на сообраќајни услуги и на работните организации во сообраќајот и со пополна координација на одделни сообраќајни дејности, да се постигне што подобро користење на расположивите транспортни капацитети, што порационална распределба на превозот на одделни гранки на сообраќајот и со поголема рамномерност во превозот.

Подобро користење на капацитетите и поголема рамномерност во превозот треба да се осигури со поширока примена на системот на договарање на подолг рок помеѓу работните организации во сообраќајот и корисниците на транспортот, со посебно организирање превоз на поголеми количини стоки, со забрзување на натоварот и истоварот по пат на подобра организација, на поширока примена на механизацијата и спроведување непрекината работа на поголеми натоварно-истоварни места, со забрзување на превозот и циркулацијата на транспортните средства и со забрзување на поправката на возилата, како и со преземање на други организациони, економски и технички мерки.

Заради постигање порационална распределба на превозот и растоварување на железниците, неопходно е поголемо користење на друмскиот сообраќај во превозите на стоки на пократки релации, поорганизирана и пополна употреба на моторни возила за сопствени потреби, како и поголемо ангажирање на речниот сообраќај во внатрешниот превоз и извозот на стоки, а посебно во комбинираниот железнички и речен сообраќај.

Заради овозможување похармонични односи помеѓу сообраќајот и другите стопански области, во 1964 година треба да се подобрат условите на работењето на работните организации во областа на сообраќајот и да се преземат мерки за пополна примена на општите начела на стопанскиот систем врз работењето на овие организации. Во таа смисла належните органи ќе ги разгледаат можностите за измени во системот на амортизацијата и за измени во системот на формирањето и во начинот на утврдувањето на тарифите во областа на сообраќајот. Особено е значајно со создавање на соодветни општи услови за работење на работните организации во сообраќајот и со усовршување на внатрешните односи во овие организации да се поттикне интересот на работните заедници тие да станат основниот фактор за решавање на проблемите на сообраќајот.

Покрај мерките за решавање на текуштите проблеми во сообраќајот, во 1964 година треба да се преземаат и мерки за обезбедување долгогодишен развој на сообраќајот, особено за подготвување транспортни капацитети што не можат да се осигурат во пократки рокови, како што е договарање долгорочна испорака на железнички возни средства и сл.

7. Врз основа на предвидувањата на движењата на производството и потрошувачката се очекува дека стоковниот промет во трговијата на мало во 1964 година ќе порасне за околу 12,5%, а на трговијата на големо — за околу 11%.

Заради остварување на ваков обем на прометот неопходно е да се зголемат напорите за посестран и побрз развиток на трговијата, со цел што понапред да се подобрат условите за снабдување на потрошувачите и за пласман на производите.

Особено внимание треба да му се обрне на решавањето на проблемите на развојот на материјалната основа на трговијата, зашто досега е остварен, и покрај зголемените вложувања, само релативен напредок, кој не е во согласност со зголемениот број на населението и со остварениот промет, а уште помалку со нараснатото производство и побарувачка. Бидејќи заостанувањето на развојот на трговијата зад развојот на производството претставува сериозна пречка за реализација на производството и за снабдување на потрошувачите во онаа мера што ја овозможуваат расположивите стоковни фондови, неопходно е трговската мрежа на мало, посебно онаа што се занимава со промет на прехранбени производи, да се прошири и да се опреми со средствата за современо услужување, а истовремено да се прошири и складовниот простор во трговијата за сместување и чување на потребните залихи на стоки.

Модернизирањето на постојните и изградбата на нови, современи предажни и складовни капацитети, со основната ориентација кон отстранување на т.н. „тесни грла" во прометот на стоки треба да се остварува, каде е тоа множно и корисно, напоредно со создавањето на покрупни, современо организирани и опремени, трговски организации со поширок делокруг на работењето.

Во врска со предвидувањето на побрзиот развој на современите трговски објекти, кои треба да го овозможат и забрзат прометот и на земјоделски и на индустриски производи, потребно е да се засилат вложувањата на средства на трговските стопански организации во ваквите објекти, а исто така и вложувањата на средства на општествените инвестициони фондови, на средства што се формираат од закупнината на деловните простории, како и вложувањата на средства со кои слободно располагаат банките и заинтересираните производителски организации.

Со оглед на постојните проблеми на снабдувањето со земјоделско-прехранбени производи, особено со месо, млеко и нивните преработки, кај кои во 1963 година дојде до позначителен пораст на цените, ќе биде неопходно настојувањата на комуните и снабдувачките организации и во 1964 година да бидат насочени кон благовремено обезбедување на пазарот со доволни количини на земјоделско-прехранбени производи и кон стабилизација на нивните цени. Со таа цел треба да се поддржува и понатаму да се усовршува започнатата практика на договорање однапред на производство за потребите на градовите и индустриските и туристичките центри, која во изминатата година даде позитивни резултати во снабдувањето со зеленчук. На засилувањето и правилното користење на фондовите за ризици во 1964 година треба да им се обрнува уште повеќе внимание, за да се осигури и со тоа производството и прометот на земјоделско-прехранбени производи да бидет во согласност со потребите на потрошувачите.

На секторот на трговијата со индустриски производи потребно е да се осигури трговијата понепосредно да му ги пренесува на производството барањата на потрошувачите, за да се постигне поголема усогласеност помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на индустриски производи.

Подобрата снабденост на трговијата и понормалната циркулација на стоките треба да се обезбедува и со соодветна кредитна политика.

8. Во 1964 година треба да се продолжи со напорите за понатамошно успешно развивање на туризмот во позначајните места и подрачја што располагаат со услови за зголемување на прометот на домашни и странски туристи и за постигање соодветни економски ефекти од тој промет.

Со цел за развој на домашниот туризам, во 1964 година е потребно и понатаму да се прошируваат туристичките капацитети што служат за сместување и исхрана на работните луѓе и на членовите на нивните фамилии, на децата и младината при користењето на годишен, неделен и дневен одмор, како и понатаму да се подобруваат условите под кои ќе можат да се користат тие.

Во врска со тоа, треба да се обезбедат соодветни вложувања на средства од фондовите на заедничката потрошувачка на стопанските организации, на средства на општествените организации и општествено-политичките заедници за проширување на капацитетите на одморалиштата, летувалиштата, камповите и други туристички населби кои треба да придонесат за поширок и поинтензивен развој на домашниот туризам. Побрзиот развој на домашниот туристички промет може да се оствари и со понатамошно проширување на капацитетите за сместување на домашни туристи во приватни домаќинства, што со годни мерки би требало да се поттикнува.

Кај развојот на домашниот туризам треба да се води сметка и за подоброто користење на капацитетите на постојните одморалишта. Постојните капацитети на одморалишта, со оглед на нивното нерамномерно користење, претставуваат во туризмот значајна резерва, па поради тоа со подоследно воведување на диференцирани цени во сезоната и вон неа, со порамномерен распоред на годишните одмори, како и со подоследна примена на економските принципи во работењето и со слични мерки, можно е да се задоволат поцелосно потребите на домашниот туризам.

Во врска со предвидувањата на развојот на домашниот туризам, би било нужно во федерацијата, републиките и комуните што понапред да се разгледаат проблемите на организацијата на туризмот и да се изгради односно усоврши туристичкото законодавство со донесување општи и специјални прописи со кои ќе се обезбедат услови за понатамошен развој на домашниот туризам.

Многу поволните резултати постигнати во 1963 година во проширувањето и унапредувањето на материјалната основа на туризмот, во развојот на туристичкиот промет и во зголемувањето на економските и финансиските ефекти од туристичкиот промет на странци, овозможуваат и во 1964 година да се продолжи со политиката на забразување на развојот на сите дејности што се занимаваат со давање туристички услуги.

За 1964 година се предвидува понатамошен пораст на ноќевањата на странски посетители за околу 26% и пораст на девизните приходи од промет на овие посетители за околу 36%.

Остварувањето на ваквото зголемување на прометот на странски посетители бара и зголемување на активноста на стопанските организации што се занимаваат со прифаќање на странски туристи и со давање туристички услуги, како и полна поддршка од комуните и други општествени фактори во реализацијата на предвиденото развој на туристичките капацитети. Потребно е, во врска со тоа, понатаму да се унапреди царинската служба и службата на граничната контрола и да се подобрат материјалните услови на нивната работа, за да се поправи и забрза извршувањето на царински и други гранични формалности.

Федерацијата во 1964 година ќе учествува во кредитирањето на инвестициите за изградба на објекти наменети за унапредување на туристичкиот промет на странци, а наедно ќе се обезбеди и соодветно вложување на средства на стопанските организации, комуните и републиките или на средства од други извори.

Се оценува дека прометот на стоки и услуги во угостителството во 1964 година ќе порасне за околу 10%. Во врска со тоа, се очекува засилено ангажирање на угостителското стопанство во правецот на подобро и пополно задоволување на осетно порастната побарувачка на услуги за сметување и исхрана. Таквото ангажирање е особено неопходно поради тоа што се предвидува значително проширување на сместувачките капацитети наменети за развој на туризмот, како и поради поинтензивно проширување на современите угостителски капацитети за исхрана не само во туристичките места туку и во индустиските центри и други места. Во 1964 година треба да се осигури понатамошна модернизација на постојните угостителски објекти и создавање на покрупни, современо организирани и опремени угостителски организации.

За да се подигне квалитетот на угостителските услуги на повисоко ниво, во следниот период треба да се преземат особени мерки за оспособување на угостителски кадар и за побрзо вклучување на квалификувани работници во угостителските работни организации.

9. Во областа на занаетчиството се очекува пораст на производството и услугите за околу 10%, при што во општествениот сектор за над 12%.

Со цел за извршување на предвиденото обем и подобрување на занаетчиските услуги а со тоа и за пополно задоволување на побарувачката за овие услуги, неопходно е да се носочат напорите и расположивите средства кон проширување и подобро користење на услужните капацитети по пат на ниво-

ната модернизација и специјализација, како и кон создавање нови услужни капацитети. За зголемување на капацитетите на услужното занаетчиство треба во поголема мера да придонесат и производителите на трајни потрошни добра.

Заради пополно задоволување на потребите од услуги, неопходно е општествено-политичките заедници да ги зголемат вложувањата во услужни занаетчиски капацитети, како и со соодветни мерки да обезбедат поповолни услови за развој на услужното занаетчиство. Покрај тоа, треба да се преземат посебни мерки за стручно оспособување на занаетчиски работници и за нивното побрзо вклучување во стопанските организации, како и да му се обрне повеќе внимание на образованието на занаетчискиот подмладок односно на создавањето на материјални услови за зголемување на бројот на учениците во занаетчиството.

Со соодветна даночна политика треба да се поттикне и приватното занаетчиство во поголема мера да се вклучи во задоволувањето на потребите од занаетчиски услуги.

Глава II
ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Порастот на извозот на стоки и услуги, кој беше мошне значаен во претходните две години и кој за обете тие години заедно изнесуваше 40%, ќе продолжи, иако со побавно темпо, и во 1964 година. Предвиденот пораст на производството ќе овозможи извозот на стоки и услуги во идната година да се зголеми за околу 13%.

Побавниот пораст на извозот во 1964 година упатува на потребата од преземање мерки, врз основа на пополно користење односно модернизација на постојните капацитети, кооперација и специјализација, да се намалат трошоците и обезбеди поголемо производство на стоки наменети за извоз. Исто така е потребно да се создадат соодветни услови за подобро приспособување на структурата на производството кон можностите за пласман на странските пазари.

Зголемувањето на приходите од извоз во идната година ќе се оствари, како и досега, претежно со зголемување на извозот на индустриски производи, а во помала мера со зголемување на извозот на земјоделски производи. Позначителен пораст на приходите се очекува од нестоковно работење, т. е. од промет на странски туристи, од сообраќајни услуги и парични трансфери.

2. Намалувањето на увозот на основни производи за исхрана, до кое треба да дојде поради поповолната овагодишна жетва, ќе овозможи во 1964 година, и покрај поосетното зголемување на увозот на други потрошни добра и средства за производство, вкупните расходи за увоз на стоки и услуги да се остварат при поблаг пораст отколку во 1963 година.

Со увозот ќе се обезбедат потребни количини на репродукциони материјали за остварување на предвиденот пораст на индустриското производство, значително поголеми количини средства за унапредување на земјоделското производство, како и поголеми количини сточна храна за стабилизирање на цените на овие производи и за овозможување поинтензивно гоење на добиток. Истовремено ќе се овозможи поосетно зголемување на увозот на опрема, неопходен увоз за изградба на Скопје, поголем увоз на потрошни добра и плаќање на нестоковни расходи.

3. За зголемувањето на извозот и пополното вклучување на нашето стопанство во меѓународната поделба на трудот ќе придонесе унапредувањето на размената со одделни региони и земји врз основа на зголемувањето на увозот и приспособувањето на неговата структура кон потребите на економски најцелесообразните односи во надворешнотрговската размена.

Значаен фактор за проширување на економските односи со странство претставува и проширувањето на обемот на економски целесообразната производствена кооперација. Поради тоа оваа соработка треба да се проширува со изнаоѓање нови подрачја каде таа може да се остварува и со поинтензивно поврзување во разни фази од производствената кооперација подразбирајќи ги тука и заедничките технолошки и економски истражувања, проектирање и настап на трети пазари.

Зголемувањето на стоковните фондови врз основа на поголем увоз и ориентацијата кон постигање похармонични регионални односи по пат на приспособување на структурата на размената би можеле да придонесат за порастот на извозот над нивото предвидено со планот. Со подобро користење на постојните капацитети врз основа на поголем увоз на репродукциони материјали и опрема, како и со зголемен увоз на стоки за лична потрошувачка и над нивото предвидено со планот, можат да се обезбедат дополнителни фондови на стоки од домашно производство за извоз, односно да се создадат услови за зголемен пласман на производи во одделни земји.

Во рамките на стопанскиот систем, а посебно на надворешниотрговскиот режим, треба да се стремиме кон објективизирање на критериумите по кои се врши размената на одделни видови стоки со странство, со тоа што ќе се обезбедува рационална заштита на домашното производство. Во оваа смисла понатамошното порешително ублажување на административните рестриктивни мерки при увозот, а особено при увозот за производство наменето за извоз, кои дејствуваат како фактор што го ограничува унапредувањето на стоковната размена и на производство, се поставува како важен услов за остварување поволни односи во надворешнотрговската размена.

Со мерките на кредитната политика и со условите на кредитирањето треба да се поттикнуваат извозот и производството за извоз.

4. Со ориентација кон поголем увоз од земјите во кои се располага во поголема мера со соодветни средства за плаќање треба да се намалат постојните клириншки побарувања и да се остварат услови за поинтензивно зголемување на извозот во овие земји.

За таа цел треба со приспособување на структурата на стоковната размена да се обезбедат услови за нејзиното зголемување или според потребите да се преземаат мерки заради похармонично движење на извозот во одделни земји и подрачја со движењето на увозот од тие земји и подрачја.

Зголемувањето на обемот и проширувањето на структурата на увозот од земјите во развој ќе придонесат за зголемување на нивните девизни приходи, што ќе им овозможи поголеми набавки во нашата земја. За тоа ќе придонесе и намалувањето на царината односно на внатрешните такси на увоз на тропски производи од овие земји.

5. За унапредувањето на стоковната размена треба да придонесе и приспособувањето на надворешнотрговската мрежа кон специфичните услови за тргување со одделни подрачја и земји, како и подоброто усогласување на односите помеѓу сите носители на надворешнотрговската активност во земјата.

6. Со подобрување на релациите помеѓу извозот и увозот ќе се намали во идната година дефицитот на платниот биланс. Треба да се стремиме намалувањето на дефицитот да се постигне на што повисоко ниво на надворешнотрговскиот промет, водејќи сметка за што поповолен регионален распоред на размената. Истовремено се смета со понатамошно зголемување на девизните резерви.

7. Треба да се очекува дека претстојната Светска конференција за трговија и развој и мултилатералните преговори за намалување на тарифите ќе придонесат за постепено отстранување на пречките што го спречуваат побрзиот развој на меѓународната стопанска соработка и проширувањето на економските односи на Југославија со други земји.

8. Сојузниот извршен совет и надлежните органи на управата врз основа на постојните овластувања ќе преземаат во 1964 година потребни мерки за решавање на задачите наведени во овој оддел.

Глава III

ЗАПОСЛЕНОСТ

1. Во текот на 1962 и 1963 година дојде до значајни промени во тенденциите за запослување. Работните организации во стопанството, поттикнати со новите услови за работење и стекнување доход, повеќе се ориентираа кон подобро користење на работната сила со која веќе располагаа, а помалку отколку порано кон ново запослување, така што темпото на зголемувањето на запосленоста е осетно намалено. Врз ваквиот правец и интензитет на запослувањето влијаат и соодветните реконструкции и модернизацијата на производствените капацитети во стопанството, кои поради природата на техничките и технолошките промени бараат помал обем на новозапослени лица и кога е во прашање познато зголемување на производството. Слични тенденции се манифестираат и во општествените служби надвор од стопанството. Во државните органи дојде до поблаго намалување на бројот на запослените лица и поради спроведените организациони измени.

И во 1964 година истите фактори, како и понатамошните мерки за усовршување на стопанскиот систем, ќе дејствуваат во правецот на понатамошно поттикнување кон порационална и поекономична употреба на сите фактори на производството. Имајки го тоа предвид, за следната година се очекува дека, при предвиденот пораст на општествениот производ, бројот на запослените во стопанството на општествениот сектор ќе се зголеми за околу 4%.

Се очекува дека запослувањето на нови лица во општествените служби и државните органи на власта и управата ќе биде релативно значително помало отколку во стопанството. Развивањето на општествените служби, особено на школството, здравството и дејностите на разни социјални институции, ќе бара, меѓутоа, и соодветно зголемување на запосленоста во тие служби. Имајки го ова предвид, може да се очекува дека зголемувањето на запосленоста во нестопанските дејности во идната година ќе изнесува околу 1,4%

2. Во 1964 година ќе биде од посебна важност работните организации да ги усогласат своите планови и политиката на запослувањето со мерките што ќе ги преземаат заради постепено преминување на скратена работна недела. Затоа се смета дека, при намаленото работно време, стопанските организации ќе ги користат постојните резерви на работна сила, ќе вршат при тоа поцелесообразен распоред на запослените на одделни работни места и ќе воспоставуваат поповолни односи во нивниот распоред по смени, како и дека ќе вложуваат организирани напори постојните вишоци на запослени лица да се оквалификуваат односно преквалификуваат и што пополно и попродуктивно да се активираат. Покрај тоа, посмелата и поширока примена на функционалната и забрзана амортизација, при соодветни поволни услови за развој на производството во следната година, ќе овозможи користење на постојните вишоци на работна сила за работа во повеќе смени, во кој поглед постојат сé уште значајни резерви во нашето стопанство.

За да се оствари што понапред и што пополно уставната одредба за воведување на 42-часовна работна недела, потребно е кај вложувањата од општествените инвестициони фондови и од средствата на работните организации да им се осигури предност на оние вложувања што повеќе придонесуваат за зголемување на продуктивноста на трудот и за подобро користење на скратеното работно време

3. Посебно се очекува дека работните организации и надлежните органи во политиката на запослувањето, а со оглед на тоа дека е постојната структура на запослените лица според нивната стручна спрема сé уште незадоволителна, ќе водат сметка за потребата да се подобри стручниот состав на запослените. Сега постојат објективни услови стручниот состав на запослените побргу да се подобрува со пристигање на поголем број кадри оспособени со редовно школување. Бројот на лицата што ќе завршат факултети, високи и виши школи изнесува околу 15% од предвиденото зголемување на вкупниот број на запослените во 1964 година (наспрема 4,7% — во 1961 година), на оние со средна спрема — околу 15,5%, а на оние со завршено училиште за квалификувани работници — околу 27%. Поради тоа се очекува дека работните организации во својата политика на запослувањето максимално ќе ги користат можностите што се даваат за подобрување на стручниот состав на запослените. Работните организации би требало да преземат и систематски мерки што би им помогнале на стручните кадри што ги запослуваат, што побргу да се вклучат во работата и управувањето со работната организација.

4. Би било нужно и да се засилат напорите во работните организации за подигање стручното знаење на веќе запослениот персонал. Во таа смисла би требало да се преземат пошироки систематски мерки за дополнително стручно образование, за ликвидирање на неписменоста на запослените лица, како и за пополно економско образование на запослените. Во таа работа би требало пошироко да се користи соработката на работничките и народните универзитети и соодветните училишта.

5. Во 1964 година е потребно да се преземаат и систематски и покоординирани акции за решавање на проблемите на лицата што се привремено вон работен однос. Тоа не би требало да биде грижа само на службата за запослување, туку и на другите фактори што можат да придонесат за успешно решавање на овие проблеми.

За да можат неквалификуваните лица што се привремено вон работен однос побрзо и поуспешно да се запослуваат и за да се спречи поголем прилив на неквалификувана работна сила во стопанството, неопходно е да се преземаат организирани мерки за претходно стручно оспособување на оваа работна сила. Мерките во тој правец треба да ги преземаат, пред сé, општините, органите за труд и заводите за запослување, усогласувајќи ги со потребите на работните организации од нова работна сила.

Глава IV

ПРОДУКТИВНОСТ НА ТРУДОТ

1. Резултатите постигнати во 1963 година во зголемувањето на продуктивноста на трудот спаѓаат во најзначајните резултати остварени во таа година. Подигањето на продуктивноста на трудот на повисоко ниво е не само трајна основа за сузбивање на заостанатоста во сите области на производството и општествениот живот и за постојано подигање на животниот стандард, туку и услов да се преодолеат најкрупните тешкотии со кои непосредно во сегашниот момент се судрува нашето стопанство и неговиот развој. Само активирањето на латентните производствени резерви што се дадени во недоволно искористените производствени капацитети и во неискористените можности што ги даваат подобрата организација на трудот и примената на подобра технологија, потоа развивањето на научноистражувачката работа и примената на нејзините резултати во производството, подигањето на стручноста на работните луѓе, унапредувањето на мерките за заштита при работата и активирањето на другите фактори за поголема продуктивност на трудот — можат да осигурат во наредната година со расположивите средства да се оствари предвиденот обем на производството, да се зголеми извозот и намали дефицитот во платниот биланс, да се отстранат тешкотиите во транспортот и да се осигурат похармонични и постабилни односи на внатрешниот пазар, а истовремено да се остварат и претпоставките за понатамошен по-

брз пораст на производството, за поголеми ефекти во развојот на стопански недоволно развиените краишта или во станбената изградба и во други области во кои е неопходно побрзу да се оди напред. Сè тоа се наедно претпоставки и за остварување на предвидениот пораст на реалната потрошувачка и за подигање на животниот стандард на работните луѓе, а значителното зголемување на продуктивноста на трудот е и битен услов за спроведување на уставната одредба за воведување на 42-часовна работна недела.

Бидејќи општите услови на работењето и другите фактори што во 1963 година доведоа до значително зголемување на продуктивноста на трудот ќе дејствуваат во 1964 година, уште потолно се очекува дека во таа година предвиденот пораст на општествениот производ во поголем дел ќе биде резултат од зголемувањето на продуктивноста на трудот, а во помал — резултат од зголемувањето на запосленоста. За да се остварі со овој план предвиденото зголемување на општествениот производ при превиденот пораст на запосленоста, во 1964 година продуктивноста на трудот во општествениот сектор на стопанството треба да се зголеми за околу 7%.

2. Во 1964 година, покрај понатамошно активирање и другите фактори за поголема продуктивност на трудот, треба да му се обрне посебно внимание на понатамошното развивање и усовршување на стимулативните форми на распределба на чистиот приход и личните доходи во работните организации и на понатамошното развивање на научноистражувачката работа и на примената на нејзините резултати во производството.

За таа цел треба понатаму да се развиваат и усовршуваат самоуправувањето во работните организации и односите и формите на распределба на нивниот чист приход што ќе придонесат за потполната и доследна примена на начелото на распределбата според трудот и за засилувањето на заинтересираноста на работниците за подигање на продуктивноста на трудот и постигање подобри стопански резултати воопшто. Исто така, треба понатаму да се развива научноистражувачката работа во поголеми и поразвиени работни организации и во заеднички научноистражувачки институции на повеќе организации и нивни здруженија, а исто така и соработката на работните организации со самостојните научноистражувачки институции, давајќи ѝ на таа соработка, секогаш кога е тоа можно, карактер на постојаност. Оваа работа и соработка треба да се осигури и со поголемо ангажирање на средства од работните организации и општествените инвестициони фондови, како и со средства од посебни општествени фондови за унапредување на научноистражувачката работа, насочувајќи ги тие средства првенствено кон истражувања што можат да осигурат поголеми ефекти во подигањето на продуктивноста на трудот и во унапредувањето на технологијата и модернизацијата на производството воопшто.

Покрај научноистражувачката работа големо влијание врз подигањето на продуктивноста на трудот ќе има пошироката размена на домашни искуства како и поинтензивното воведување на современи странски достигања. За таа цел треба да се создаваат материјални и организациони услови за поинтензивна размена на стечените технолошки и организациони искуства, како и за набавка на производствена и економска документација од земјата и од странство.

ТРЕТ ДЕЛ

Глава V

РАСПОЛОЖИВИТЕ СРЕДСТВА И НИВНАТА РАСПРЕДЕЛБА

1. Предвиденото производство овозможува расположивите домашни средства од општественото производство, вклучувајќи ги тука и средствата за потребите на вкупната репродукција, да порастат во 1964 година за околу 12,4%.

Меѓутоа, поради зголемувањето на отплатите на порано искористените странски кредити треба во 1964 година да се очекува нето-ефект на приливот од работењето со странство во понизок износ отколку во 1963 година, Поради тоа вкупните расположиви општествени средства за внатрешна потрошувачка ќе порастат номинално за околу 12%.

Во рамките на користењето на вкупните расположиви средства се предвидува релативно побрзо зголемување на репродукционата потрошувачка, така што расположивите средства за финална потрошувачка во 1964 година би можеле да порастат за 11,6%.

2. Распределбата на расположивите средства, која се засновува врз општото дејствување на стопанскиот систем и врз посебните мерки за спроведување на овој план, треба да овозможи создавање услови за понатамошен пораст на производството и доходот и за подобрување на животниот стандард на работните луѓе. Односите во распределбата треба да го доведат во согласност порастот на одделни форми на потрошувачката со реалните можности на стопанството и со потребите на стопанскиот и општествениот развој. Таквата политика на распределбата мора да осигури одржување на усогласеноста помеѓу стоковните и купувачките фондови по обем и структура, а со тоа и претпоставки за пополна стабилизација на цените и пазарните односи воопшто во идната година.

Во настојување да се осигури согласно со можностите што ги дава порастот на производството и соодветен пораст на животниот стандард на работните луѓе и да се овозможи што подоследно спроведување на политиката на порастот на личните доходи според порастот на производството и продуктивноста на трудот, со пропорциите на овој план и со мерките на стопанската политика со кои тој смета се обезбедува вкупниот фонд на личната потрошувачка во општествениот сектор да расте во согласност со порастот на производството.

Инвестициите во основните средства на општественото стопанство во 1964 година треба да се зголемат за околу 10% во однос на претходната година, т.е. приближно како и расположивите средства.

Нестопанските инвестиции во основните фондови во 1964 година би требало да порастат за околу 10%, при што вложувањата во објектите на општествениот стандард да порастат за 12%. Кај инвестициите на државните органи се смета со извесно намалување во однос на 1963 година.

Бидејќи во 1963 година соодветните фондови на залихи на стоки одиграа мошне значајна улога во поусогласените движења на потрошувачката, а имајќи ја предвид потребата и во 1964 година да се одржат што поурамнотежените односи во развојот на стопанството треба да им се обрне соодветното внимание на поголемите издвојувања на залихи. Во врска со тоа, во 1964 година се предвидуваат познатајни вложувања во обртни средства.

Текуштите материјални расходи на општата потрошувачка во 1964 година би можеле да се зголемат за околу 8%, при што порастот на овие расходи за општествениот стандард би изнесувал околу 12%, а на расходите на државните органи и за народна одбрана околу 6%.

Во рамките на распределбата на вкупните расположиви средства во 1964 година се смета и со издвојување на средства во стопански и девизни резерви, според посебните насоки на овој план и мерките со кои со тие насоки се спроведуваат.

Од средстава на федерацијата утврдени со овој план во 1964 година ќе се издвојат за стопански резерви околу 40 милијарди динари, а во рамките на расположивите можности ќе се зголемат и девизните резерви.

3. Согласно со општите прописи за распределба на општествените средства, средствата на федерацијата ќе се зголемат во 1964 година за околу 7%, а од

домашните извори за околу 10%. Видејќи вкупните расположиви општествени средства се зголемуваат за околу 12%, при што од домашните извори за 12,4%, средствата на другите општествено-политички заедници и работни организации ќе растат побрзу отколку вкупните расположиви општествени средства.

Расходите на федерацијата, меѓутоа, се зголемуваат за 10%, првенствено поради зголемување на интервенциите во стопанството, на отплатите на странските заеми и кредитирањето на извозот на опрема од нејзините средства. Ваквото ниво на расходите на федерацијата не може да биде покриено со нејзините редовни приходи, та вишокот на расходите мора да биде покриен со заем чии услови ќе се регулираат со посебен закон.

4. Со мерките на текуштата стопанска политика, а посебно со мерките на кредитната политика, би требало да се осигури односите во основната распределба на расположивите средства да се остваруваат во согласност со наведените насоки и со движењето на производството и на расположивите средства.

Глава VI

ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА

1. Врз основа на предвидениот пораст на производството и продуктивноста на трудот, во 1964 година ќе се оствари понатамошен пораст на реалната лична потрошувачка на населението, што е еден од суштествените предуслови за засилување на стопанската активност и за остварување на предвидените цели и задачи во стопанскиот развој во наредната година Реалната лична потрошувачка во општествениот сектор треба да се зголеми во следната година за околу 8%. При тоа зголемувањето на личната потрошувачка во одделни работни организации и општествено-политички заедници ќе зависи од конкретните резултати на работата и работењето во тие организации и општествено-политички заедници.

Според очекуваниот пораст на производството во земјоделството и занаетчиството, се предвидува дека во 1964 година ќе дојде до понатамошен пораст на реалната лична потрошувачка и кај индивидуалните земјоделски производители и занаетчиите.

2. Земајќи го предвид предвиденото зголемување на вработеноста, просечните реални лични доходи на вработено лице во стопанските организации во 1964 година би се зголемиле за околу 7%, т е. во согласност со предвидениот пораст на продуктивноста на трудот. Промените во општото ниво на личните доходи на лицата вработени во државните органи и општествените служби треба да се вршат во зависност од промените на личните доходи во стопанството и од резултатите што државните органи и општествените служби ги постигнуваат во задоволувањето на општествените потреби. Таквата политика на личните доходи во државните органи и општествените служби треба да се има предвид и при определувањето на средства за овие дејности.

3. Промените во системот на финансирањето на социјалното осигурување дадоа позитивни резултати кои овозможија средствата на социјалното осигурување, а посебно на здравственото осигурување да се трошат порационално и да се создаваат услови за понатамошно подобрување на заштитата на осигурениците. Се предвидува дека во 1964 година сите расходи на социјалното осигурување ќе се зголемат за околу 11%. При тоа се предвидува зголемување на потребите на здравственото осигурување за околу 9% и на потребите на инвалидското и пензиското осигурување за околу 17%, со што се покриваат зголемените издатоци за пензии и инвалиднини поради зголемување бројот на пензионерите, како и поради промените во височината на пензиите до кои доаѓа поради промена во структурата на пензионираните лица. Со формирањето на сигурносни и валоризациони резерви на фондовите на инвалидското и пензиското осгурување во 1964 година се обезбедуваат средства за усогласување на примањата на уживателите на пензии со движењата на животните трошоци. Издатоците за додатоци на деца во 1964 година ќе имаат поблаг пораст од предвиденото пораст на вкупните расходи за социјално осигурување.

Работните организации и самоуправните органи на социјалното осигурување во 1964 година треба понатаму да ги усовршуваат инструментите и методите за правилна примена на системот на финансирањето на социјалното осигурување, за да дојде пополно до израз непосредниот интерес на сите фактори што учествуваат во спроведувањето на осигурувањето, за да влијае тоа врз порационалното трошење на средствата, за да придонесе за стабилизирање на фондовите и подобра заштита на осигурениците, а истовремено да придонесе и за пообјективно утврдување на положбата на заедницата на социјалното осигурување и на работните организации. Вложувањата на средства од остварените вишоци на приходите над расходите во фондовите на здравственото осигурување треба, под можностите предвидени со закон, да се насочат кон унапредување на здравствената заштита.

4. За идната година се предвидува понатамошен пораст на потрошувачките кредити, кои во 1963 година имаа значаен удел во зголемувањето на вкупната лична потрошувачка.

5. За 1964 година се предвидува дека расположивите фондови на прехранбени производи за внатрешна потрошувачка ќе се зголемат за околу 5% до 6%, а на индустриски потрошни стоки за околу 12%, па во идната година ќе постојат услови да се постигнат понатамошни поволни резултати во политиката на стабилизација на цените на потрошните стоки. Сепак и во идната година може да се очекува извесно покачување на животните трошоци, бидејќи постојат долгогодишни тенденции за пораст на цените на прехранбените производи и услугите а во еден дел во оваа година зголемените цени на некои прехранбени производи ќе се одразат и врз нивото на животните трошоци во 1964 година Надлежните органи во текот на годината ќе го следат движењето на цените и животните трошоци и благовремено ќе преземаат мерки за обезбедување неопходни сразмери помеѓу зголемувањето на реалните лични доходи на вработените лица и порастот на продуктивноста на трудот. Заради тоа треба да се усовршат методите на следењето на личните доходи, цените и животните трошоци.

Од особено значење е за стабилизирање на цените на стоките и услугите за лична потрошувачка да се заземат општините, особено во големите градови и индустриските центри. Во таа смисла треба да се користат позитивните искуства стечени во оваа година при организирање на снабдувањето со зеленчук, овошје, јајца и други прехранбени производи, чии цени во многу влијаат врз формирањето на животните трошоци. Треба да се засилува улогата на фондовите за ризици, на фондовите за осигурување и на фондови од други форми што можат да обезбедат порамномерно снабдување на градовите со прехранбени земјоделски производи и поголема стабилност на цените на пазарот.

Глава VII

ИНВЕСТИЦИИ

1. За 1964 година се предвидува пораст на вложувањата во основни средства за околу 10%. Таквото зголемување на инвестициите му одговара на очекуваното зголемување на општествениот производ и на расположивите средства.

Економската структура на инвестициите, која во последниве години се менуваше со релативно зголемување на уделот на нестопанските инвестиции во вкупните инвестиции, во 1963 година претрпе понатамошни измени во корист на нестопан-

ските инвестиции, првенствено поради работите за обнова и изградба на Скопје. Таквиот однос ќе се задржи од истите причини и во 1964 година.

2. Проблемите кои со инвестиционите вложувања треба да се решаваат во 1964 година, како и расположивите материјални и парични средства, упатуваат кон тоа дека и во таа година треба во основата да се продолжи инвестиционата политика од 1963 година, па треба да се настојува започнатите објекти, особено оние што можат бргу да се активираат и да придонесат за зголемувањето на производството и извозот, што побргу да се завршат. Во 1964 година како прва година од седумгодишниот период за кој ќе биде утврден единствениот план на развојот, треба меѓутоа, покрај изградбата на објекти според започнатите програми, да се извршат и соодветни подготовки за реализација на инвестиционата политика која ќе биде утврдена со седумгодишниот план.

Структурните проблеми во производството, како и остварувањето на основните цели и задачи утврдени со овој план, налагаат и во 1964 година во рамките на стопанските инвестиции да им се даде првенство на модернизацијата, реконструкцијата и комплетирањето на постојните капацитети и со тоа да се осигури што поголем пораст на продуктивноста на трудот. Во рамките на тоа, соодветно првенство треба да имаат објектите што поволно влијаат врз платниот биланс, објектите што ја прошируваат енергетската и суровинската основа на стопанството, модернизацијата на постојните и изградбата на нови сообраќајници и зголемувањето на возниот парк, како и модернизацијата на трговската мрежа. Напоредно со тоа, треба да се осигури и модернизација на капацитетите на градежништвото, зашто е тоа предуслов за успешна реализација на инвестиционата политика во целина.

Во рамките на инвестициите надвор од стопанството, првенство треба да им се даде на станбената изградба, како и на обновата и изградбата на Скопје.

3. За остварување на истакнатата инвестициона политика треба да се заземат сите општествено-политички заедници, работни организации и банки и со расположивите средства и соодветните мерки да го осигураат нејзиното спроведување. Заради тоа треба да се поттикнува веќе започнатиот процес на мобилизирање на слободните средства на работните организации во банките и да се насочува нивното вложување во објектите и намените на кои треба да им се даде првенство.

Во 1964 година потребно е расположивите средства на општествено-политичките заедници, работните организации и банките да се насочуваат поефикасно кон објектите и намените што се финансирани порано од средствата на федерацијата, како што се определени гранки на индустријата, земјоделството, сообраќајот и трговијата. За тие намени во поголема мера треба да се насочуваат и користат и средствата од фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на недоволно развиените подрачја.

Посебно средствата на деловните банки би требало да се користат и за кредитирање на набавката на опрема од сериско производство, на возила и механизација за претовар, како и за кредитирање на изградбата на станови за пазар.

Федерацијата и во 1964 година, продолжувајќи ја инвестиционата политика од 1963 година, претежниот дел од расположивите средства за инвестиции ќе го насочува кон обезбедување на неопходна енергетска и суровинска основа, кон изградба на мрежа сообраќајни магистрали и други поважни објекти во сообраќајот, кон изградба на објекти што го обезбедуваат развојот на туризмот, како и за намени во областа на земјоделството. Средствата на федерацијата за финансирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта ќе се обезбедат во 1964 година како средства од посебен фонд што за таа цел ќе биде основан.

Со инвестиционата политика исто така би требало да се стимулира интеграцијата и другите форми на деловна соработка со кои се обезбедува зголемување на производството, на продуктивноста на трудот и на економичноста на работењето.

Глава VIII
РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

1. Во спроведувањето на утврдената политика на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, во 1964 година ќе се продолжат вложувањата на тие подрачја од средствата на федерацијата по сите основи за финансирање по кои тие и досега се вршени. По осетниот пораст на инвестициите на стопански недоволно развиените подрачја од средствата на федерацијата во 1963 година од околу 32%, во 1964 година се очекува значително поблаг растеж на овие вложувања, односно околу 6%.

Ваквото движење на инвестициите на стопански недоволно развиените подрачја од сојузните средства во 1964 година е последица од завршувањето на започнатите објекти по сите основи на финансирањето, освен капацитетите што се градат од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот стопански развој на недоволно развиените републики и краишта. Средствата на овој фонд се зголемуваат во 1964 година за 50%, т. е. од 30 на 45 милијарди динари.

Инвестициите по редовните кредити од поранешниот Општ инвестиционен фонд, одобрени врз основа на конкурси или посебни одлуки на Сојузниот извршен совет, во 1964 година на ова подрачје растат за околу 13%. Порастот на овие вложувања во 1964 година ќе се оствари делум и со позначително зголемување на средствата за изградба на сообраќајните магистрали — Јадранскиот пат и пругата Сараево—Плоче. Во текот на 1964 година треба, меѓутоа, со учество на средствата на федерацијата отстапени на специјализираните банки да отпочне остварување на новите проекти во одделни сектори на индустријата, чија локација уште не е позната. Еден дел од овие проекти ќе биде секако реализиран и на стопански недоволно развиените подрачја, та со тоа би пораснал и вкупниот обем на вложувањата од средствата на федерацијата на овие подрачја.

Во рамките на посебно гарантираните инвестиции на стопански недоволно развиените подрачја се завршува изградбата на преостанатите покрупни објекти. Објектите чија изградба е започната од посебниот кредит одобрен со Сојузниот општествен план за 1960 година, главно се завршени, така што средствата предвидени по оваа основа во 1964 година ќе послужат за довршување на преостанатите објекти.

2. Во политиката на инвестирањето од фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на недоволно развиените подрачја треба да му се даде првенство на завршувањето и пуштањето во погон на објектите чија изградба е започната во предходните години. На намената и структурата на новите вложувања треба да им се обрне поголемо внимание, особено во поглед на изборот на објектите, нивната усогласеност со општите насоки на инвестиционата политика и со потребите на развојот на стопанството во целина, во поглед на оптималноста на капацитетите, воведувањето на современата техника и технологија, вклучувањето на ново производство во југословенските интеграциони движења и друго. Првенство, во врска со тоа, треба да им се дава на вложувањата кои непосредно придонесуваат за зголемувањето на производството и за продуктивноста на трудот, како и за зголемувањето на извозните можности на југословенското стопанство.

3. Федерацијата и во 1964 година им обезбедува дополнителни средства на инвеститорите од

стопански недоволно развиените подрачја за покривање на учеството по инвестициите чие финансирање од средствата на федерацијата продолжува и за понатамошно финансирање на инвестициите чие финансирање од средствата на федерацијата е запрено.

4. Општествено-политичките заедници и работните организации на стопански недоволно развиените подрачја во 1964 година треба да преземат и неопходни мерки за создавање поволни услови објектите што веќе се пуштени во погон, или чија изградба се завршува, да остварат што поголеми ефекти во поглед на производството, рентабилноста на вложувањата и другите резултати предвидени во програмите на изградбата. За таа цел е потребно соодветните сојузни, републички и други органи, како и поразвиените работни организации поактивно да се вклучат во развојот на стопанството на недоволно развиените подрачја и да им укажат неопходна техничка, кадровска и друга помош на комуните и стопанските организации на овие подрачја.

5. За да се овозможи новите претпријатија изградени од споменатиот фонд полесно да ги совладаат привремените тешкотии при преминувањето на нормално стопанисување, надлежните органи ќе го испитаат дејството на постојниот систем на отплатување заеми и кредити и, ако треба, да предложат соодветни мерки.

Глава IX

СТАНБЕНА И КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

1. За 1964 година се предвидува понатамошно зголемување на инвестициите во станбената изградба. Заедно со средствата за обнова на станбениот фонд во Скопје, општествените инвестиции во оваа област треба да изнесуваат над 300 милијарди динари, што е за околу 14% повеќе од оценетиот износ на овие инвестиции во 1963 година.

2. Со средствата што во 1964 година ќе бидат вложени во станбената изградба треба да се постигнат поголеми реални ефекти во изградбата на станови па, според тоа, и во решавањето на станбениот проблем. Тоа претставува значајна задача чие остварување би требало да се осигури со соодветни средства. Досегашните резултати во обемот на станбената изградба, меѓутоа, не се задоволителни и значително заостануваат зад потребите и брзото зголемување на паричните средства за изградба на станови. Многу стопански дејности од кои зависат материјалните услови на станбената изградба се неразвиени или се развиваат премногу бавно според потребата позначително да се зголеми обемот на изградбата на станови. Поради тоа надлежните органи треба да ги разгледаат проблемите во дејностите од кои зависи масовната изградба на станови и да преземат соодветни мерки тие проблеми што побргу да се решат.

3. Со цел за побрзо решавање на проблемот на производството на станови, во идната година ќе се разгледаат соодветните измени во системот на финансирањето на станбената изградба, користејќи ги при тоа досегашните искуства. Со тие измени треба да се овозможи одобрување кредити на работните организации и граѓаните под однапред познати услови, што треба да придонесе за позначително ангажирање на личните средства за градење на станови и за порационално користење на општествените средства наменети за станбена изградба.

Со измените во системот на финансирањето на станбената изградба потребно е да се обезбеди организациите за производство на станови да добијат положба на другите производители и за таа цел да им се одобрат соодветни кредити за обртни средства во 1964 година.

Во текот на идната година исто така ќе се разгледаат и измените во областа на користењето на становите и стопанисувањето со општествениот станбен фонд.

4. Се оценува дека инвестиционите вложувања во комуналната дејност во 1964 година ќе забележат понатамошен осетен пораст. Тоа е неопходно со оглед на тоа дека последниве години развојот на комуналните фондови се повеќе заостануваше зад станбената изградба, како и зад порастот на општата стопанска активност. За таа цел би требало од средствата на републиките и комуните и од банкарските средства, покрај сегашните извори на финансирањето на комуналната изградба, да се осигурат износи за долгорочно кредитирање на изградбата на покрупни комунални објекти, особено на водовод и канализација.

5. За да се обезбеди поволен развој на комуналната дејност во следните години, неопходно е во 1964 година да се изврши сестрана анализа на развојот и состојбата на мрежата на комунални уреди, како и анализа на сите општествено-економски односи и проблеми во оваа област. Таквата анализа треба да овозможи да се определи реалното место на оваа област во склопот на општиот општествен и стопански развој, а исто така да даде посигурни мерила за насочување на средствата наменети за развој на комуналните фондови во правецот на проширување на најдефицитарните капацитети.

Глава X

ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА СКОПЈЕ

1. Во отстранувањето на тешките последици предизвикани со земјотресот во Скопје дојде до полн израз солидарноста на сите граѓани на Југославија, како и меѓународната солидарност. Оваа солидарност се манифестираше особено во вид на помош за прифаќање и сместување на населението, во давање на техничка и друга помош со цел за нормализирање на животот во градот и во давање на материјална помош за обнова и изградба на градот.

Дадената помош во работна рака, по парични и материјални средства, средствата од народниот заем за помош на Скопје, како и другите мерки и акции преку кои е давана помошта, беа насочени кон тоа во 1963 година да се решат само најосновните проблеми на разурнатиот град, да се овозможи привремено сместување на дел од населението и делумна нормализација на стопанскиот живот. Со цел за потрајно решение на обновата и изградбата на Скопје и за обезбедување финансиски средства за таа цел, Сојузната скупштина со посебен закон основа фонд за обнова и изградба на Скопје, му осигури посебни приходи и ги утврди општите услови за користење на средствата на фондот.

2. Во 1963 година за Скопје се обезбедени од помошта, народниот заем, резервите на федерацијата и други извори околу 63 000 милиони динари. Покрај тоа, добиени се и значителни материјални средства од земјата и од странство, како и техничка помош од стручни екипи. Меѓународниот монетарен фонд и Меѓународната банка за обнова и развој исто така учествуваа во давањето помош со одобрување посебни кредити.

Со Законот за придонесите за Фондот за обнова и изградба на Скопје утврдени се посебните трајни извори на приходи на овој Фонд. Се предвидува дека од тие извори во 1964 година ќе бидат обезбедени околу 65.000 милиони динари, додека преостанатите уплати на запишаниот народен заем во 1964 година ќе изнесуваат упште понатамошни 10.000 милиони динари Се очекува дека овие средства ќе бидат наголемени и со средствата од нови странски заеми, кредити и помошти, со што ќе се олеснат напорите на нашата земја за обнова и изградба на Скопје. Треба да се очекува дека за тоа ќе придонесе и одлуката донесена на заседанието на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации, при кој случај меѓународната солидарност повторно дојде до полн израз.

3. Во напорите за обнова и изградба на Скопје и во 1964 година треба да учествува целокупната југословенска заедница, особено со давање техничка

помош и со други мерки што би можеле да придонесат да се свршуваат работите побрзо, поуспешно и во рамките на поставените програми.

Глава XI

БУЏЕТИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1 Вкупните расходи на буџетите на сите општествено-политички заедници во 1963 година, како што се оценува, ќе бидат остварени во нешто помал обем отколку што беше планирано за таа година. При надминувањето на планот во речиси сите категории производство и потрошувачка, ваквото движење на буџетските расходи во текот на 1963 година претставуваше значаен фактор за остварување на општата рамнотежа на формираните односи на повисоко ниво во производството и распределбата.

Позитивните тенденции што се манифестираа во буџетската потрошувачка во 1963 година би требало да продолжат и во 1964 година.

2. Во 1964 година личните и материјалните расходи по буџетите и буџетските фондови предвидени се во рамките на сопствените редовни приходи што би можеле да се остварат со оглед на планираниот пораст на општествениот производ. Нивниот пораст во 1964 година би можел да изнесува до 10%.

Во рамките на предвидената просечна норма на растежот на буџетските расходи, личните расходи на буџетите и буџетските фондови би требало да се зголемат за околу 14%, сметајќи ги тука и средствата за зголемување на просечните лични доходи и за извесен пораст на бројот на запослените. Ваквиот пораст на личните расходи, при успорено движење на запосленоста, би овозможил делумно да се надомести манифестираното заостанување на личните примања на лицата запослени во органите на државната управа зад личните примања во стопанството.

3. Расходите на сојузниот буџет во 1964 година ќе бидат поголеми за 14.2%. Нешто побрзиот растеж на расходите на сојузиот буџет е последица, главно, на зголемените потреби од интервенции во стопанството по пат на регреси, дотации и слично. Расходите за овие интервенции ќе се зголемат во 1964 година за 23,3%. Во личните расходи на сојузниот буџет е предвидено зголемување на доходите на лицата запослени во органите на сојузната управа во согласност со општото зголемување на личните доходи во стопанството и општествените служби.

4. Манифестираните тенденции во буџетската потрошувачка во 1963 година би требало да се поддржат и во општествените планови на републиките, околиите и општините за 1964 година.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

Глава XII

ПАЗАРОТ И ЦЕНИТЕ

1. Стабилноста на пазарот, во целина и на одделни сектори, претставува важен фактор за остварување на целите и задачите на овој план. Предвидениот обем и структурата на производството и на потрошувачката на стоки и услуги во 1964 година обезбедуваат општа рамнотежа на понудата и барачката на внатрешниот пазар. Стабилноста на овие односи е овозможена и со предвиденото понатамошно проширување на стопанските односи со странство Ваквите односи на внатрешниот пазар и во надворешнотрговската размена им даваат на работните организации пополна стабилност и сигурност во работењето и создаваат поволни општи услови за зголемување и унапредување на производството.

2. Недостигот на капацитети во производството на некои репродукциони материјали, како и сé уште значајното заостанување на земјоделското производство, недоволниот обем на продажните и складовните капацитети, тешкотиите во транспортот или други фактори, би можеле сепак, ако нивното негативно дејство со соодветни мерки не би било спречено, да доведат до извесни неусогласености во производството и потрошувачката и до соодветни растројства на пазарот. Постојаното усогласување на материјалните односи на пазарот, и на одделни сектори и во целина, поради тоа треба да биде една од најважните задачи на тековната економска политика во 1964 година.

Со општествените резерви и со други, првенствено економски, мерки потребно е да се обезбеди хармонично движење на материјалните односи на пазарот. При тоа е подеднакво значајно таквите движења да се остварат и на пазарот на репродукциони и инвестициони стоки и услуги и на пазарот на стоки и услуги за лична потрошувачка. За стабилизирање на цените на стоките и услугите за лична потрошувачка посебно треба да се заземат и општините, особено во големите градови, и со соодветни мерки осигурат што подобра снабденост на пазарот со потребни производи. Во таа смисла е потребно што попотполно да се искористат искуствата здобиени во 1963 година во осигурувањето на подобро и порамномерно снабдување со прехранбени производи.

Општествената контрола на цените и тарифите ќе се врши и понатаму, со цел за спречување на обидите за нивното неоправдано зголемување.

3. Сојузниот извршен совет ќе ги следи и анализира преку свои органи движењата на цените на пазарот и нивното влијание врз производството, внатрешната потрошувачка и надворешнотрговската размена. Потребно е и понатаму да се испитуваат појавите и основите на неусогласеноста на односите на цените воопшто, и посебно на односите на цените што неповолно влијаат врз економската положба на одделни стопански дејности. Во согласност со резултатите на тие испитувања и според материјалните можности треба да се преземаат мерки односите на цените, а со тоа и условите на работењето на различни дејности, што повеќе да се усогласат меѓусебно.

Глава XIII

КРЕДИТНИ ОДНОСИ

1. Начелата и целите на кредитно-паричната политика во 1964 година, како и механизмот на нејзиното спроведување, треба да бидат, главно, исти како и во 1963 година, со тоа што во поединости ќе се приспособат кон новите односи што ќе настанат со понатамошниот развој на стопанството во идната година.

2. Снабдување на стопанството со средства потребни за тоа производството, распределбата и размената да се остварат во односите предвидени со овој план, активирање на недоволно искористените фактори за производство и поголема продуктивност на трудот и обезбедување на потребна складност помеѓу понудата и барачката, како и на општа стабилност во стопанството, се основните цели кои со кредитно-паричната политика би требало да се остварат во 1964 година.

Остварувањето на овие цели во 1964 година би морало да биде поефикасно. Во врска со тоа, инструментите на кредитната политика би морало поеластично да се приспособуваат кон фактичните односи што ќе настануваат во текот на годината и би морале побрзо и подоследно да се применуваат. Треба исто така да се одбегне користењето на средствата од банките за кредитирања што можат да ја ослабнат нивната ликвидност

3. Во кредитирањето на стопанството е потребно што подоследно да се применува начелото дека треба да им се обезбедат кредити првенствено на организациите што работат успешно, а на организациите што не покажуваат позитивни резултати или што имаат непокриени загуби и на слични треба да им се ограничи или наполно ускрати кредитот од банкарски средства.

Со кредитите на општествено-политичките заедници од банкарски средства и во 1964 година треба да се покриваат само расходите што не можат да бидат покриени со тековните приходи поради нив-

ното нерамномерно притечување, со тоа и таквите кредити да мораат да се вратат до крајот на буџетската година.

Потрошувачките кредити во 1964 година ќе се даваат во основата под истите услови како и во 1963 година, а во согласност со фактичните движења на производството и потрошувачката.

4. Народната банка и во 1964 година ќе ги кредитира сите други банки непосредно и под еднакви услови.

Глава XIV

ОПШТЕСТВЕНИ РЕЗЕРВИ

1. Заради остварување на целите и задачите на економската политика утврдени со овој општествен план, потребно е во 1964 година, покрај сите други услови, и со издвојување на стопански резерви да се обезбеди што постабилен развој на стопанството. За таа цел и заради остварување услови за отстранување на негативните дејства на оние фактори што би можеле да предизвикаат колебања во движењата на стопанството, за 1964 година се препорачува да се формираат соодветни резерви кај сите општествено-политички заедници и работни организации.

2. Во 1964 година од вишоците на приходите на федерацијата остварени во 1963 година и од дел на редовните приходи што ќе се остварат во 1964 година се осигуруваат потребни државни материјални резерви, а се предвидува и понатамошен пораст на девизните резерви, кои се мошне важен услов за нормален тек на размената со странство и основа за вонредни интервенции на внатрешниот пазар по пат на соодветен увоз.

Од средствата што ѝ припаѓаат на федерацијата со овој план се формираат и посебни стопански резерви во износ од 40 милијарди динари, а за формирање на овие резерви ќе се употребат и сите евентуални вишоци на приходите над утврдените расходи и обврски на федерацијата. Овие средства ќе се употребат пред сé за неопходни интервенции заради обезбедување стабилност на стопанските движења и остварување на други задачи утврдени со овој план што не ќе бидат осигурени со предвидениот распоред на средствата, а можат да се употребат и за покривање на предвидените расходи на федерацијата ако приходите не би се остариле во предвидените износи. Средствата на стопанските резерви не би требало, по правило, да се користат за нови инвестиции доколку и тие не претставуваат само посебен вид на неопходни интервенции за остварување на целите и задачите утврдени со овој план.

3. Со овој план утврдените односи во производството и распределбата претпоставуваат дека републиките, околиите и општините, како и работните организации, со своите планови и буџети, покрај редовните издвојувања во определени резервни фондови според важечките прописи, ќе осигурат и дополнителни резерви со кои ќе придонесуваат за пополна општа стабилизација во стопанството и за остварување на целите и задачите утврдени со овој план и со плановите што самите ќе ги донесат.

ПЕТТИ ДЕЛ

Глава XV

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

1. Понатамошниот развој на стопанството треба да го зафати не само ширењето на материјалната база на производството и воведувањето на современи и продуктивни средства за работа, туку, уште во поголема мера, и понатамошното подобрување на организацијата на производството, постојаното подигање на нивото и усовршување на производните методи и знаења, освојувањето на нови технолошки процеси и производи и, воопшто, развојот на сопствената технологија. Поради тоа е потребно да се продолжат напорите за изградба на ефикасен и комплексен истражувачки механизам, во кој се воспоставени хармонични пропорции помеѓу развојните лаборатории и индустриските институти, од една, и самостојните истражувачки организации и универзитетските научни установи, од друга страна, зашто е тоа суштествена и основна претпоставка за постигање на оваа цел.

Понатамошниот развој на општествено-економските односи и општествениот развој воопшто бараат да им се обрне еднакво внимание и на другите области на науката и на развивањето на соодветните научни установи.

2. Со оглед на тоа дека е развивањето на условите за подигање и постојано усовршување на истражувачките кадри во сите области на научните активности основна задача во работата за систематски развиток на научните истражувања, потребно е и во 1964 година да се преземаат мерки за изградба на ефикасен систем на универзитетски студии од III степен. За таа цел е неопходно да се осигури побрз развиток и подобра материјална опременост на универзитетските научни установи, но, исто така, треба пополно да се користат материјалните и кадровските можности што постојат и во научните установи надвор од универзитетите, водејќи сметка да се осигури соработка на сите фактори што можат да придонесат за формирањето и подигањето на нивото на научноистражувачките кадри.

3. Процесот на ширењето на институционалната база на научноистажувачката работа, започнат последниве години со основање развојни лаборатории и индустриски институти во стопанството, треба и понатаму да се поттикнува и да се помага во уште поголема мера, зашто е тој од најголема важност како за порастот на обемот и и квалитетот на производството и за технолошкото осамостојување на стопанството, така и за правилната програмска ориентација и подигањето на научното ниво во истражувачките институции надвор од стопанството.

Во самостојните научни институти треба да се засилува ориентацијата кон проблеми на применетите истражувања што се од значења за перспективниот општествен и стопански развој на земјата, не запоставувајќи ја, меѓутоа, ниту работата за развиток на фундаменталните истражувања што се од големо значење не само за општиот научен развиток, туку и за усовршувањето на научниот метод и подигањето на научниот кадар.

4. Еден од клучните, но сé уште непотполно решени проблеми во областа на организацијата и развитокот на научно-истражувачката работа, претставува изградбата на адекватен и ефикасен систем за финансирање за овие дејности. Бидејќи научните истражувања се не само значаен фактор на општиот општествен развиток, туку и најсуштествен елемент на развитокот на производствената технологија, неопходно е да се установи таков механизам за финансирање што обемот на финансиските средства за научни истражувања понепосредно би го врзувал за постигнатите резултати во развитокот на стопанството. Тој механизам мора да се засновува врз почитување на принципот финансирањето на истражувањата во стопанството, како и на истражувањата во други научни установи за потребите на стопанството, да се врши во прв ред со средствата на стопанските организации. Научните институти и понатаму треба да бидат поттикнувани со системот на финансирањето и со други средства кон сé потесна соработка со стопанските организации. Со развитокот на кредитниот систем со годни олесненија, како и со понатамошното усовршување на други инструменти на стопанскиот систем, треба да се обезбедат најповолни услови да се ангажираат стопанските организации за развитокот на научните истражувања во сопствени истражувачки единици и во други научни институти.

Пред општествените фондови за научна работа во 1964 година стојат и задачи на давање поефикасна помош за забрзан развиток на некои важни а заостанати области на истражувачката работа. Потребно е да се изгради потрајна програмска ори-

ентација на општествените фондови за научна работа во финансирањето на подолгорочни применети истражувања, потоа во области на фундаменталните истражувања, како и во давањето помош за покренување нови области на истражувања во согласност со општиот развиток на науката.

За постигање на ваквите цели во 1964 година е потребно да се зголемуваат средствата на соодветните општествени фондови, а исто така и средствата на работните организации и нивните интеграциони групации наменети за научноистражувачка работа.

Глава XVI

ОБРАЗОВАНИЕ

1. Подобрувањето на стручноста на кадрите е суштествен предуслов за брз стопански развој, за побрзо подигање на продуктивноста на трудот, за пополно користење на постојните капацитети, како и за поширока научноистражувачка работа и примена на нејзините резултати во практика. Поради тоа во 1964 година треба понатаму да се унапредува целокупната област на образованието и да се постигне уште поголем степен на интегрираност на образованието и економскиот и општествениот развој. Во 1964 година поради тоа треба понатаму да се развиваат сите степени и форми на образованието, да се прошири нивната материјална и кадровска основа и да се подобри квалитетот на образованието во целина.

2. Основното образование во досегашниот развој доживе најголем подем, но во одделни делови на земјата сé уште е неразвиено. Со оглед на значењето на основното образование, како и на неговото значење за хармоничниот развој на образованието на останатите степени, потребно е комуните да ги засилат напорите за проширување на материјалната база на основното школство, како за нивната основна дејност, така и за проширување на училишниот простор и создавање услови во што пократок рок да се ликвидира работа во III смена во училиштата, а каде постојат услови постепено да се воведува и целодневна настава.

Во 1964 година треба да се засилат грижите за понатамошен развој и да се подобри материјалната основа и на претшколските установи, на коешто би требало, врз база на заедничките интереси, да се оствари полна соработка на работните организации и комуните.

3. Со оглед на тоа дека е процентот на неписмените на одделни подрачја, дури и меѓу запослените лица, сé уште висок, комуните и работните организации би требало во 1964 година да преземат систематски мерки за постепена ликвидација на неписменоста и за отстранување на сите извори за создавање нови неписмени. На ова би требало да се постигне полна соработка со осумгодишните училишта и други образовни институции.

4. Макар што образованието од втор степен последниве години се збогатува со нова содржина, форми и методи, особено кога е во прашање стручно образование, тоа во досегашниот развој сé уште заостанува зад потребите на стопанството и другите општествени дејности, така што тоа во сегашната структура на кадрите претставува една од најслабите точки. На тоа укажува и сегашниот неповолен однос на кадрите со високо образование и со образование од II степен. Во 1964 година поради тоа треба да му се даде приоритет на развојот на образовните институции од втор степен, при што треба да се постигне посестрана соработка на овие институции со работните организации и комуните. Тоа е суштествен предуслов да се утврдат потребите и профилите на образованието за одделни видови стручни кадри и врз таа основа работните организации, нивните здруженија и комори во поголема мера и непосредно да се вклучат во финансирањето на нивното школување.

5. Со оглед на сé позначајната улога на науката и технологијата во развитокот на производството и општеството во целина, посебно внимание треба да им се обрне и на високообразовните установи што подготвуваат највисоки стручни и научни кадри. Треба да се подобри материјалната положба на високообразовните установи во 1964 година. Од особено значење е да се подигне квалитетот на образованието од овој степен и да се обезбеди зголемување бројот на дипломираните во однос на бројот на запишаните студенти.

6. Системот на образованието на возрасните во 1964 и наредните години треба повеќе да се развива. Трудот и наспоредно со тоа учењето треба да станат и по обем и по квалитет една од доминантните методи и форми на образованието во непосредната иднина. На ова треба особено да се ангажираат работните организации и нивните здруженија, при што би требало да се постигне повеќе да се ангажираат на оваа задача и сите образовни институции.

7. Подигањето на квалитетот на образованието е прворазредна задача на сите работни организации во областа на образованието, а тоа во голема мера зависи и од решавањето на проблемот на наставници. Податоците покажуваат дека бројот на наставниците во минатиот период не се зголемувал наспоредно со зголемувањето на бројот на учениците и студентите. Во врска со тоа во 1964 година треба да му се даде приоритет на развојот на наставничките школи и факултети, како во нивната опрема и изградба, така и во обезбедувањето на средства за нивната основна дејност.

8. Во 1964 година ќе се зголемат средствата за образование, а посебно постојат поволни услови повеќе да се вклучат во финансирањето на образованието работните организации. Во текот на 1964 година надлежните органи треба да ја разгледаат можноста работните организации да одвојуваат средства за образование на товар на трошоците на работењето во согласност со своите потреби и можности. Надлежните органи треба да ги проучат и другите можности што би придонесле за создавањето на нови извори за финансирање на образованието. Во склопот на работата за развивање на системот за финансирање на инвестиции треба да се испитаат можностите за воведување амортизација на зградите на образовните институции, за одобрување долгорочни кредити за изградба на училишта под поволни услови, за користење на стопанските инвестициони фондови за финансирање образованието на потребните стручни кадри и слично.

9. Осамостојувањето на образовните институции во текот на 1964 година треба да се развива понатаму и во врска со тоа да се пријде кон порешително доведување на самостојно финансирање на тие институции врз принципот на стекнување доход во зависност од резултатите во работата и во задоволувањето на општествените потреби во оваа област. За таа цел треба да се утврдат и изучат односите помеѓу основачите и образовните организации, критериумите за формирање на доходот на образовните институции, како и да се унапреди внатрешната распределба врз принципите на распределба според трудот.

Самоуправните органи во образовните институции треба да обезбедат што порационално трошење на расположивите средства за образование, како за нивната основна дејност, така посебно и за изградба и подобра опрема на училишните објекти. Со додајна активност тие би требало да обезбедат нови средства што би овозможувале понатамошно цирење на материјалната основа на образованието.

Глава XVII

ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. Во 1964 година треба понатаму да се подобри материјалната положба и организацијата на здравствената служба. Здравствените служби треба својата работа што повеќе да ја насочуваат кон пре-

вентивно дејствување и комплексна здравствена заштита. Особено треба да се развиваат здравствените центри и нивната материјална основа. Особено внимание треба да му се обрне на сузбивањето на заболувањата од масовен карактер, што предизвикуваат најголеми човечки и материјални загуби.

Ваквиот правец на развојот на здравствената заштита би требало да биде помогнат и со средствата од фондовите на здравственото осигурување. По пат на договори на заводите за социјално осигурување со здравствените установи би требало да се развијат нови форми за стимулирање на установите за изведување превентивни акции и здравствено просветување. Во истиот правец и општините би требало пополно да ја помогнат работата на здравствените установи на превентивата.

2. Стопанските организации би требало да ѝ обрнат полно внимание на хигијенско-техничката заштита при работата и да издвојуваат посебни средства за разни превентивни мерки. Исто така би требало да инвестираат средства во изградбата и опремата на здравствени установи, било во рамките на своите претпријатија или надвор од нив, зашто подобрата здравствена заштите е еден од предусловите за поголема продуктивност на трудот. Истовремено треба да му се обрне поголемо внимание и на развивањето и унапредувањето на работата на стручните установи за унапредување на заштитата при работата.

3. Во поглед на инвестициите во оваа област во текот на 1964 година треба да се испитаат можностите здравствените установи да можат пошироко да користат кредити од општествените инвестициони фондови и од вишоците на фондовите на здравственото осигурување. Исто така, стопанските организации и општествено-политичките заедници треба со средствата на своите фондови и буџети да учествуваат во инвестирањето во здравствени установи. Новите вложување во прв ред би требало да се насочат кон изградба на амбулантно-поликлинички установи; особено на диспензери, а во поглед на постелнист фонд, со оглед на недоволните капацитети, кон психијатриските установи, болниците за лекување на туберкулозата и кон родилните домови. Би требало да се обезбеди, паралелно со изградбата на станови да се градат и соодветни објекти за социјално-здравствена заштита.

Потребно е во наредниот период повеќе да се стимулира школувањето на медицински кадри со висока и средна спрема, од кои се чувствува недостиг.

4. Брзиот стопански развој и промената на социјалната структура на населението, сé поголемото запослување на жени, недостигот на станбен простор, како и условите за школување на децата и другите фактори, укажуваат на потребата во 1964 година социјалната заштита да се развие посилно и да почне да се оспособува за побрзо решавање на социјалните проблеми што ги наметнува стопанскиот развој.

Брзиот стопански и општ развој создава сé поголеми потреби од развој на разни видови установи за социјална заштита (установи за дневен престој на деца, установи за сместување и згрижување на деца и младина лишени од родителски грижи или што се школуваат надвор од местото на живеењето на родителите, установи за воспитно запуштени деца и младина, установи за сместување на потешки инвалидни деца, установи за рехабилитација на деца и младина, установи за сместување и згрижување на возрасни лица и други установи за социјална заштита), па се очекува дека републиките и општините, ценејќи ги своите потреби и можности, со своите планови за 1964 година ќе предвидат и соодветни средства за задоволување на тие потреби. Би требало за решавање на одделни проблеми на социјалната заштита да се ангажираат и работните организации.

Глава XVIII

КУЛТУРА И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Во 1964 година треба да се создаваат услови за поуспешен развој на работните организации во областа на културата. Особено внимание во оваа област треба да им се обрне на развојот на издавачко-новинската дејност, производството на филмови и кинофикацијата. За таа цел во текот на годината треба да се изучат економската положба и условите за стекнување доход во овие дејности и да се подобрат тие услови. Работните организации во овие дејности би требало повеќе да ја развијат меѓусебната соработка и создадат услови за подобро користење на внатрешните резерви, за да се постигнат подобри резултати во нивното работење. Исто така треба да се преземат соодветни мерки да се подобрат условите на работата и осигури побрз развој на другите институции во областа на културата и уметноста како што се културните домови, библиотеките, театрите, музеите и сл. И во овие институции е потребно да се усовршуваат системот на финансирањето и критериумите за формирање на доходот. Истовремено работните организации треба да го усовршуваат системот на распределбата во согласност со важечките општествени начела.

2. Со плановите на општините и републиките ќе се предвидат материјалните рамки на развојот на културните институции, при што би требало да се води сметка за потребата од подобрување на материјалната положба на овие институции во однос на нараснатите потреби, посебно во областа на изградбата, зашто е тоа предуслов за развивање на масовната културна дејност во комуната. И во оваа област во текот на годината треба да се разгледаат можностите за воведување на амортизација во системот на финансирањето на инвестициите.

3. Во идната година ќе се прошири мрежата на среднобранови радио-предаватели од мала сила, а ќе продолжи изградбата на поголем број предаватели на ултракратки бранови. Исто така ќе се доврши втората етапа од изградбата на телевизијата со пуштање во погон на еден дел предаватели по должината на далматинскиот брег. Се очекува дека кон крајот на 1964 година ќе започне третата етапа од изградбата на телевизијата, која треба да обезбеди понатамошно проширување на мрежата на телевизиски предаватели.

4. Во 1964 година треба да се прошири наставата по физичко воспитување во училиштата за да буде училишната младина што пополно опфатена со фискултурата. Исто така е нужно да се создаваат услови за развој на физичката култура во месни и станбени заедници. За да се обезбедат услови за таков развој на физичката култура, вложувањата би требало да се насочат, пред сé, кон подигање на разни евтини објекти при училиштата, месните и станбените заедници. Со плановите на општините ќе се определат средствата со кои треба да се обезбеди хармоничен развој на физичката култура според потребите што произлегуваат од досегашниот развој.

ШЕСТИ ДЕЛ

Глава XIX

ОПШТЕСТВЕНИ УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ПЛАНОТ

1. Остварувањето на целите и задачите на стопанскиот и општествениот развој утврдени со овој план се опира врз институциите и односите во единствениот стопански систем и врз нивниот понатамошен развој. Предвиденот развој во областа на материјалното производство и новите искуства ќе придонесат во 1964 година позитивните дејства од веќе остварениот развој на овие односи, а посебно од развојот остварен во 1963 година, пополно да се одразат врз стопанските движења и целиот општествен живот. Врз тие движења позитивно ќе влијае и понатамошно развивање на овие односи до кое

ќе дојде во текот на 1964 година. Посебно значење во тој поглед ќе има примената на начелата и одредбите од новиот Устав, како и усогласувањето на сега важечките закони и други прописи во областа на стопанскиот систем со уставните одредби, кое е во тек и кое ќе се продолжи и во следната година.

Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, заедно со соодветните органи на републиките, со органите на Сојузот на синдикатите и на Сојузната стопанска комора и со други општествени фактори, веќе во текот на 1963 година работеа на создавањето на предуслови за понатамошно развивање на односите во областа на стопанскиот систем. Проучувањето на објективните услови за определени нови решенија во понатамошниот развој на општествено-економските односи и изнаоѓањето на најповолните правци и форми во кои тие решенија треба да се остварат ќе продолжат и во 1964 година, а во текот на таа година ќе бидат применети и сите оние нови решенија што ќе претставуваат понатамошно усовршување и развивање на општествено-економските односи и подобра основа за остварување на целите и задачите на овој план.

Во тој правец се развива и активноста на работните заедници и на органите на управувањето во работните организации, особено во областа на понатамошното развивање на внатрешните односи во работните организации, а соодветна активност развиваат и другите самоуправни организации и органи во општините и во други општествено-политички заедници. На таа активност со соодветни мерки и акции треба да ѝ се даде секоја потребна поддршка, а со координација на целокупната оваа активност треба да се осигура новите решенија да бидат одраз на фактичните интереси на сите работни луѓе и израз на заедничката волја и единствените ставови на сите општествени фактори.

Засилувањето на улогата на работните луѓе активни во производството во целината на општествениот процес на репродукцијата и координирањето на нивната активност во согласност со општо усвоените цели и задачи на стопанскиот развој треба и понатаму да бидат општо обележје на развивањето на односите во стопанскиот систем и на сите измени до кои ќе дојде во таа област.

2. За порешителното место и улога на работните луѓе и нивните роботни организации во општествениот процес на репродукцијата од особено значење е понатамошното засилување на материјалната основа на нивната самоуправност, кое е остварено и во 1963 година. Поголема самостојност и пополното право за располагање на работните организации со општествените средства за репродукција и со вредноста на производите што ќе ја реализираат добија во 1963 година нови уставни гаранции, а со измените на соодветните прописи и со соодветните мерки, како и врз основа на понатамошното развивање на вкупното општествено производство, зголемени се средствата со кои тие располагаат.

Во 1964 година, во врска со тоа, позначително ќе се зголемат средствата на деловниот и другите фондови на работните организации, кои во 1963 година беа формирани во помал износ, помеѓу другото, и поради преминување на пресметување по ефективна наплата, чие дејство во таа смисла веќе престана. Во 1963 година е спроведена, освен тоа, во најголемиот дел на работните организации реваловризација на основните средства, која заедно со измените во системот на амортизацијата на вредноста на основните средства, ќе придонесе во 1964 година понатаму да се зголемат средствата на работните организации наменети за репродукција. До крајот на 1963 година ќе бидат донесени прописи со кои ќе се осигури реваловризацијата на основните средства да се спроведе и во дејностите во кои привремено таа била одложена. Во исто време ќе се донесат и прописи со кои ќе се изменат основите и нормите на амортизацијата за одделни видови средства, ќе се прошири примената на системот на амортизацијата според интензитетот на користењето на средствата и ќе се скрати времето односно ќе се забрза амортизацијата на определени средства. Освен тоа, овој план не смета ниту со издвојување на задолжителни резерви во 1964 година од средствата на амортизацијата.

Врз зголемувањето на средствата со кои непосредно располагаат работните организации ќе влијаат и укинувањето на придонесот на вонредниот приход и на рудничкиот придонес, како и измените на положбата на одделни дејности во врска со измените на условите за размена на нивните производи или со измените на обврските што ги имале тие дејности спрема заедницата како и други измени.

Во 1963 година се извршени определени измени на цените или обврските спрема заедницата за стопанските организации на земјоделството и на прехранбената индустрија, црната металургија, дрвната индустрија, индустријата на целулоза и хартија и други дејности, а до крајот на оваа година треба да се извршат соодветни измени и за работните организации на цементната индустрија, тутуновата индустрија, индустријата на нафта, шумарството и други.

Сите овие промени, што се извршени во 1963 година или ќе се извршат до крајот на таа година, за работните организации од соодветни дејности создаваат основа за поефикасна работа и постигање поповолни деловни резултати, како и за понатамошно развивање и унапредување на нивното производство во 1964 и наредните години.

3. Непосредно со промените во системот на формирањето на средствата на работните организации, во 1963 година е остварено и понатамошно усовршување на кредитниот систем, на системот на девизното и надворешнотрговското работење и на другите односи. Со измените во областа на кредитниот систем извршена е понатамошна децентрализација на функциите и средствата на општенствено-политичките заедници, осигурено е несмеѓавано производство и промет на производи за кои постоеше реална побарувачка и е овозможено понормално формирање залихи. Овој план смета и со понатамошни значајни измени во кредитниот систем, посебно со тоа најголем дел од средствата на федерацијата наменети за инвестиции во стопанството да се пренесат во кредитните фондови на специјализираните банки и тие средства да се вложуваат со подоследна примена на економските и деловните банкарски критериуми. Позначајните интервенции на банките на деловна основа во областа на надворешнотрговската размена, како и во областа на вложувањата во производство што придонесува за унапредување на извозот, создадоа услови и во тие области да се постигнат подобри ефекти, и во овие односи во поголема мера да дојдат до израз деловноста и економските мерила.

Во новите, со овие и други измени во стопанскиот систем создадени услови, а со активно настојување на сите општествени фактори да придонесат за развивањето и унапредувањето на вкупното општествено производство и за воспоставувањето на односи што ќе бидат основа за постојани такви движења, можеа и работните организации да развијат полна иницијатива и со понатамошното развивање на внатрешните односи и унапредување на непосредната меѓусебна соработка да остварат не само позитивни производствени резултати, туку и да создадат подобри услови за трајно постигнување на такви резултати.

Во тој поглед беа од посебно значење новите ставови за внатрашните односи во работните организации, кои посебно дојдоа до израз во упатството на Сојузниот извршен совет за распределбата на чистиот приход на работните организации и во неговата примена.

Остварен е исто така напредок и во развивањето на производствената соработка на работните организации, како и во непосредното поврзување на

работните организации со деловните банки што придонесе за поуспешното користење на расположивите средства и за пополното усогласување на нивните инвестициони одлуки со потребите за хармонично развивање на вкупното општествено производство и за решавање на основните задачи што во 1963 година се поставија пред стопанството како целина.

4. Иако е со сите овие и други во 1963 година остварени промени во стопанскиот систем направен значаен чекор во правецот на неговото понатамошно развивање, многу односи и во 1964 година ќе бараат понатамошни промени и нивно пополно усогласување со основите на нашето општествено-економско уредување и со новите материјални можности, како и со целите и задачите на овој план. Значаен придонес за решавање на остварените прашања и за развивањето на општествено-економските односи воопошто, ќе претставува и донесувањето на закон за стопанското планирање, на закон за фондот за финансирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта, на закон за електростопанството и на други закони што се подготвуваат, но, и покрај тоа, на планот на развивањето на општествено-економските односи ќе остане и во 1964 година да се оствари понатамошен напредок.

Во 1964 година ќе биде донесен и план на стопанскиот развој за периодот од 1964 до 1970 година, кој ќе отвори нови перспективи за понатамошен развој на општествено-економските односи. Тој развој ќе претставува суштествен составен дел од тој план и основа на која ќе се остваруваат целите и задачите што ќе бидат утврдени со него. Во врска со тоа, ќе треба развојот на општествено-економските односи и на нивните форми што ги претпоставува остварувањето на овој план да се усогласи и со општите цели и задачи што во областа на општествено-економските односи ќе ги утврди или ќе ги претпоставува општествениот план на стопанскиот развој за период од 1964—1970 година.

5. Значајното зголемување на производство и на надворешнотрговската размена, како и зголемувањето на потрошувачката од сите видови и другите ефекти со кои смета овој план во наредната година, претпоставуваат како суштествен услов за своето остварување — понатамошно значајно зголемување на производноста на трудот. Во врска со тоа, потребно е и сите прописи, мерки и акции во областа на понатамошното развивање на општествено-економските односи што во оваа и наредната година ќе бидат донесувани или преземани различни општествени фактори, да бидат насочени кон поттикнување на поголема производност на трудот и кон активирање на факторите од кои зависи таа. Со овие прописи, мерки и акции ќе мора да им се даде порешително првенство на работните организации и работните луѓе што постигнуваат поголеми ефекти во работата и со тоа понатаму да се поттикне интересот и иницијативата на сите работни луѓе и организации за постигнување на такви ефекти.

Од особено значење во тој поглед е понатамошното развивање и усовршување на внатрешните односи во работните организации и доследната примена и понатамошната разработка на општествените начела за внатрешната распределба на доходот на работните организации во согласност со конкретните услови за работа и со ефектите што се остваруваат во секоја дејност и организација. При соодветната активност на работните заедници и другите општествени фактори треба да придонесат за понатамошното развивање на овие односи врз начелата истакнати во Уставот и во актите врз таа основа ги донесле Сојузната скупштина, Сојузниот извршен совет и највисоките органи на Сојузот на синдикатите и на Сојузната стопанска комора. Со понатамошното усовршување и развивање на односите во распределбата на чистиот приход на работните организации и нивните внатрешни односи во целина треба да се обезбеди максимален интерес на работниците за постигање што поголема производност на трудот и за создавање услови за засилување на сите фактори од кои зависи таа. За таа цел треба со развивање на соодветните односи и нивните форми да се обезбеди личните доходи на работниците да се формираат во сразмера со ефектите од работата на работното место, во работната единица и во работната организација како целина.

За развивањето на овие односи во тој правец треба да придонесат и актите и мерките на општествено-политичките заедници и на соодветните општествени органи со кои се влијае врз условите за работа и стекнување доход во различни дејности и организации. Тие акти и мерки треба да создаваат такви услови кои и непосредно ќе осигурат остварување на истакнатите начела и ќе значат нов поттик за нивната подоследна примена во внатрешните односи на работните организации што тие самите ги уредуваат.

6. Потребно е да се развиваат понатаму и односите што придонесуваат за воспоставање на правилни критериуми во производствената ориентација и во донесувањето на одлуки за употреба на средствата што се наменуваат за производството, неговото унапредување и развивање.

Побрзото, поцелосното и понепосредното приспособување на производството кон барањата на пазарот и кон потребите од развивање на економски целесообразна надворешнотрговска размена треба да се поттикнува како со создавање соодветни општи услови во кои приспособувањето на производството кон тие барања и потреби во поголема мера ќе ги определува ефектите од работењето на работните организации и, во врска со тоа, нивната економска положба, така и со развивање на такви внатрешни односи во работните организации кои што понепосредно ќе создаваат интерес на сите работни луѓе во нив за таквото приспособување и за соодветните ефекти.

Покрај правилните односи во распределбата на личните доходи на одделни работници, кои исто така треба да придонесат за правилната производствена и инвестициона ориентација, за оваа исто така е значајно и правилното одмерување на акумулацијата во рамките на распределбата на доходот на работните организации и правилното располагање со издвоената акумулација и со другите средства на работните организации. Со соодветни внатрешни односи во работните организации треба да се осигури што поголем интерес на работниците за формирањето на потребните средства и за нивната најцелесообразна и најефикасна употреба. Развивањето и усовршувањето на такви односи треба да придонесе за побрзо и похармонично развивање на вкупното општествено производство, да ја поттикнува надворешнотрговската размена и постигањето на што поповолни ефекти во производството и на понатамошното развивање на неговата материјална основа.

7. На побрзиот и похармоничен развој на сите области на производството, како и на побрзото подигање на производноста на трудот, може да им даде посебно значаен придонес понатамошното ширење на непосредната производствена соработка помеѓу работните организации што според природата и предметот на работењето се упатени едни на други. Оваа соработка поради тоа треба и понатаму да се поттикнува со соодветна кредитна политика и други мерки и акции на сите општествени фактори. Таа активност треба да се насочи во правецот на создавање поповолни општи услови за понатамошно ширење на оваа соработка и во правецот на давање поддршка на создавањето на соодветни врски помеѓу определени организации чија соработка може да дава непосредни ефекти во производството и во прометот или ефекти во создавањето на материјална основа и на други претпоставки за понатамошно развивање и на производство и на прометот на внатрешниот или надворешниот пазар.

Во оваа активност е неопходно да се острануваат слабостите на затворање на производствената и друга соработка во тесни локални граници и да ѝ се дава првенство на соработката која придонесува за унапредувањето на вкупното општествено производство и за понепосредната интеграција на производството на соодветните работни организации во целината на единственото југословенско стопанство. Надлежните органи треба посебно да испитаат во која мера постојните прописи и односи доаѓаат во несогласност со потребата од поширока економска интеграција и да предложат мерки со кои би се отстраниле евентуалните пречки за развивање на поширока деловна соработка и интеграциони процеси во стопанството.

Работните организации што имаат за тоа услови треба да развиваат и производствена соработка во меѓународни размери кога таа придонесува за унапредувањето на нивното производство или за побрзо и похармонично развивање на вкупното југословенско стопанство. На таа соработка треба да ѝ даваат потребна помош и подршка и другите општествени фактори.

8. Со засилувањето на улогата на работните организации во целината општествениот процес на репродукцијата и со понатамошната децентрализација на општествените средства наменети за проширената репродукција, а со што се карактеризираат и основните односи со кои смета овој план, за хармоничниот развој на вкупното општествено производство станува сé позначајно прашањето на координацијата на инвестиционата активност на работните организации и на општественото насочување на таа активност во правецот на остварување на целите и задачите на развојот утврдени со општествените планови. Во врска со тоа, особено значење за остварувањето на целите и задачите на овој план и за координацијата на соодветната активност на работните организации како и за насочувањето на таа активност во правецот на остварување на општествените планови воопшто, добиваат кредитната политика и средствата со кои се остварува таа.

Веќе започнатиот процес на поголемо активирање на банките во функцијата на мобилизирање на слободните средства на стопанството и на насочување користењето на тие средства во правецот на остварување на насоките, целите и задачите на општествените планови, треба и во наредната година да се поддржи и да се прошири понатаму. При тоа средствата на ова мобилизирање и насочување треба сé повеќе да добиваат карактер на економски мерки, да тргнуваат од економски критериуми и од непосредните интереси на работните организации што влегуваат во соодветни кредитни односи со банките. Со тие односи треба да се постигне и средства што се непосредно ангажирани од работните организации за потребите на развивањето и унапредувањето на сопствената дејност да се користат во согласност со насоките, целите и задачите на развојот утврдени во општествените планови.

Во согласност со истакнатите стремежи во развивањето на односите во областа на финансирањето на општествената репродукција, Сојузниот извршен совет и неговите органи заедно со другите заинтересирани општествени фактори треба што понапред да го разгледаат целокупниот систем на финансирањето на инвестиции и посебно системот на кредитирањето, изворите на кредитните средства, условите за нивниот пласман, местото и улогата на различни банки во кредитниот систем, методите за насочување на нивната кредитна активност и другите прашања врзани за кредитот, и да предложат потребни измени на важечките прописи или мерки што ќе ги отстранат пречките за слободно развивање на овие односи во согласност со понатамошното развивање на односите во системот на општествената репродукција воопшто. При тоа треба да се настојува да се најдат решенија што ќе придонесат за засилувањето на функциите на банките и на нивната деловна самостојност, за нивната поголема одговорност за пласман, како и за создавањето на услови за зголемување на мобилноста на средствата и за нивната употреба со најголеми економски ефекти.

Сојузните секретаријати надлежни за одделни области на стопанството, во спогодба со Сојузната стопанска комора и со специјализираните банки, ќе ги запознаат на соодветен начин инвеститорите со мотивите што упатуваат на тоа дека во определени правци не би требало да започнуваат изградба на нови инвестициони објекти во 1964 година. Органите на општественото управување овластени за донесување одлуки за инвестирање треба да се однесуваат спрема овие известувања со потребно внимание и одговорност.

9. За остварувањето на целите и задачите на овој план, како и за создавањето услови за понатамошен стопански развој и за постигање поголеми ефекти во општественото производство воопшто, треба, покрај усовршувањето на односите во рамките на стопанскиот систем воопшто, да даде значаен придонес и развивањето на односите во областа на системот на девизното и надворешнотрговското работење кое понатаму ќе ја поттикнува и унапредува размената и другите економски односи со странство.

Системот на распределбата на девизите треба понатаму да се усовршува во правецот на засилување на меѓусебните деловни односи на носителите на стопанска активност, на засилување на улогата на деловните банки во таа распределба и на намалување на административните интервенции.

Девизите за зголемување на увозот треба да им се обезбедуваат на најрентабилните и најпродуктивните производствени организации, давајќи им при тоа првенство на оние што произведуваат за извоз, со тоа што банките ќе разработат за тоа единствени објективизирани критериуми.

На производствените претпријатија — извозници посебно треба да им се даваат олесненија за унапредување на рационалниот извоз, како во поглед на снабдувањето со увозни стоки потребни за зголемување на производството, така и во поглед на користењето на девизите што им ги продаваат овластените банки на претпријатијата во сразмера со остварените девизни приходи.

За таа цел и со соодветни односи во областа на инвестицијата и кредитната активност, или со односи со кои се влијае врз условите на размената, како и со мерки во областа на обезбедувањето на производството со странски средства за плаќање и со други мерки, треба да му се осигури првенство на производството за извоз. Ист третман треба да им се обезбеди и на услужните дејности, како што се транспортот, угостителството и туризмот, кои можат да придонесат за унапредување на економските односи со странство, а особено за поусогласените билансни односи со одделни подрачја и земји. Од посебно значење е во рамките на тие мерки изнаоѓањето на соодветни решенија со цел за подобрување на економската положба на стопанските дејности што ги имаат сите услови да го зголемат рентабилното производство и девизните приходи.

Со понатамошно развивање на овие односи и со донесување на потребните мерки треба првенствено да се поттикнува производство што дава најповолни ефекти во надворешнотрговската размена. За таа цел треба да му се даде првенство на рентабилното производство односно на производството што има услови да стане рентабилно и да биде важен фактор во размената со други земји. Во режимот на давањето премии за извоз треба поцврсто да се спроведува селективна политика со која во извозот ќе му се даде полна поддршка на рентабилното и за меѓународната размена значајно производство и постепено да се елиминира од извозот производството чиј извоз не е економски доволно оправдан.

Регулирањето на стоковната размена треба да се врши по објективни економски критериуми на рентабилноста и целесообразноста, при истовремено сведување на административните мерки во што потесни рамки. Во врска со тоа, треба што понепосредно да се врзе интересот на работните организации за остварувањето на извоз што ќе има што поповолни економски ефекти. Треба да се продолжи со изнаоѓањето на понатамошни можности за врзување на увозот со резултатите остварени во извозот.

За развивање на трговските и други економски односи со други земји треба повеќе да се ангажираат деловните банки и со соодветни средства да се поттикнува нивниот интерес да придонесат за остварувањето на економски целесообразни односи во оваа област.

Треба порешително да се пријде кон испитување на можностите и критериумите за вклучување на сите деловни банки во девизното работење. На специјализираните и други деловни банки овластени за девизно работење треба за таа цел да им се овозможи и девизните средства со кои работат да ги стекнуваат во зависност од резултатите што ги постигнуваат во развивањето и унапредувањето на надворешнотрговската размена.

Со овие и други годни мерки во оваа область треба да се осигури и целесообразно регионално движење на надворешнотрговската размена.

10. Развојот на општествено-економските односи во напред истакнатите правци претпоставува и што подоследно уедначување на условите за работа и стекнување доход во различни стопански дејности и организации.

Досегашните методи на ова уедначувања и ефекти на нивната примена често не беа задоволителни и доведоа до мошне неуедначени обврски на организациите од различни дејности спрема заедницата, кои не ретко ја отежнуваат примената на единствени мерила и економски целесообразни форми на распределба, бараа и сè уште бараат многу и значајни административни интервенции во прераспределбата на реализираните вредности, доведуваат, поради тоа, до значителна централизација на средства која инаку не би била нужна, како и до други несакани односи. Тоа ја наметнува поради тоа потребата во понатамошната практика на спроведувањето на начелата на уедначувањето на условите за работа и стекнување доход да се одбегнуваат методите што имаат вакви и слични последици и повеќе да се користат непосредни интервенции во областа на условите за размена и реализирање на вредностите на стоките и услугите на одделни дејности, или интервенции во врска со условите за кредитирање на проширената репродукција во различни дејности и организации и слични форми на интервенција.

Заради создавање што подобри услови за успешно работење и заради воспоставување поправилни меѓусебни односи помеѓу одделни области и гранки, а особено заради постепено намалување на обемот на интервенциите во вид на разни субвенции и повластици и други неекономски мерки и форми на административна интервенција во стопанството, Сојузниот извршен совет и неговите органи ќе пристапат кон проучување и изнаоѓање решение на проблемот на внатрешните односи на цените и на односите на домашните и странските цени. Бидејќи тие односи се засновуваат и врз дејството на одделни форми на распределба, потребно е Сојузниот извршен совет и неговите органи да го проучат местото и улогата на одделните форми на распределба во структурата на цените, особено на данокот на промет, царината, премиите, регресите и друго.

Иако е комплексното решение на истакнатите проблеми врзано делум за подолгорочни испитувања и за создавање материјални претпоставки за соодветни решенија, потребно е да се обезбеди веќе и во 1964. година да се подобрат условите на работењето и економската положба на оние дејности чија положба е особено неповолна и се покажува како пречка за поусогласен развој на вкупното општествено производство, како што се одделни дејности во областа на производството на суровини и репродукциони материјали, или во областа на транспортните и други услуги.

За истата цел надлежните органи на Сојузниот извршен совет треба да ги испитаат и условите за кредитирање и дејството на обврските од кредитните односи врз положбата на стопанските организации во дејностите чијашто општа економска положба е релативно неповолна, како што се земјоделски организации, организации во областа на туристичкото угостителство и сл. Во врске со тоа, овие органи треба да испитаат дали е можно и целесообразно да се изменат постојните кредитни обврски или дали се можни други мерки со кои би се отстраниле евентуално негативните дејства на постојните кредитни односи врз нивната положба.

Во врска со даночната политика во земјоделството, потребно е да се разгледаат можностите дел од зголемените приходи на земјоделските производители да се насочи кон развојот на земјоделското производство и на службите за неговото унапредување. Потребно е да се проучи и прашањето за воведување задолжително осигурување во земјоделството, како и прашањето за воведување воден придонес за сите корисници на вода.

Сојузниот извршен совет ќе ги испита критериумите и методите за уедначување на условите за работа и стекнување доход помеѓу одделни стопански дејности и организации. Во рамките на мерките што можат да придонесат за уедначување на тие услови, треба посебно, во склопот на целиот механизам на стопанскиот систем, да се бара решение за проблемите на оние екстра доходи што не се во согласност со оствареното производство и со продуктивноста на трудот.

Уедначувањето на условите за работа и стекнување доход по пат на измена на условите на размената, ако тоа се покаже нужно, не би смеело да доведе до растројства на пазарот или до промени во основните односи на општествената репродукција со кои смета овој план. Такви измени треба да се спроведуваат или овозможат само ако постојат објективни услови за нивно спроведување без негативни последици и дури откако различните ефекти на соодветните измени ќе бидат сестрано испитани.

11. Сојузниот извршен совет и надлежните сојузни секретаријати во 1964 година треба да го проучат прашањето на причините и основите за неусогласеноста помеѓу приходите и расходите на федерацијата и да предложат решенија за отстранување на дефицитите во средствата на федерацијата во наредните години.

Глава XX

Насоките, целите и задачите на стопанскиот развој во 1964 година утврдени со овој план ќе се остварува, во согласност со единствениот општествено-економски систем утврден со Уставот и сојузните закони, со непосредните мерки и акти што во рамките на својата надлежност ќе ги преземаат органите на федерацијата и со плановите што самостојно ќе ги донесат општествено-политичките заедници и работните организации.

Општествено-политичките заедници и работните организации треба и со мерките и актите што ќе ги утврдуваат и донесуваат со цел за остварување на односите утврдени со своите планови да го осигурат остварувањето на насоките, целите и задачите утврдени со овој план.

Со законот за стопанско-планските мерки во 1964 година, кој Сојузната скупштина го донесува истовремено со овој план, се утврдуваат посебните мерки со кои се осигурува остварување на определени односи што се од суштествено значење за хармоничниот развој и стабилноста на целокупното стопанство во 1964 година.

713.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКО-ПЛАНСКИТЕ МЕРКИ ВО 1964 ГОДИНА

Се прогласува Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 18
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА СТОПАНСКО-ПЛАНСКИТЕ МЕРКИ ВО 1964 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се определуваат стопанско-планските мерки, со кои се обезбедува остварување на определените односи, цели, задачи и насоки утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година.

I. ОСНОВЕН РАСПОРЕД НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 2

Приходите што ќе ги оствари федерацијата во 1964 година од изворите утврдени со овој закон и приходите определени со други сојузни прописи како приходи на федерацијата, се распоредуваат на средства на Сојузниот буџет за 1964 година, на средства со кои федерацијата учествува во финансирањето на инвестиции во стопанството и на средства на стопанските резерви на федерацијата.

1. Сојузен буџет за 1964 година

Член 3

Од приходите што врз основа на сојузните прописи ѝ припаѓаат на федерацијата се внесуваат во Сојузниот буџет за 1964 година:

1) делот од данокот на промет што ѝ припаѓа на федерацијата;

2) општиот данок на промет;

3) приходите од царини;

4) делот од заедничките приходи на општествено-политичките заедници, што ѝ припаѓа на федерацијата;

5) делот од данокот на промет на вино и ракија, што ѝ припаѓа на федерацијата;

6) приходите на сојузните органи и установи, освен приходите што тие ги остварува преку посебна сметка;

7) дел од придонесот од доходот на стопанските организации до износот од 32.000 милиони динари;

8) други буџетски приходи предвидени со Сојузниот буџет за 1964 година.

2. Средства на федерацијата за финансирање на инвестиции

Член 4

Средствата со кои федерацијата учествува во финансирањето на инвестиции се утврдуваат за 1964 година во износ од 432.500 милиони динари.

Средствата на федерацијата од ставот 1 на овој член се формираат:

1) од средствата што според важечките прописи за распределбата формираат приход на федерацијата за финансирање на инвестиции во стопанството, до вкупен износ од 265.000 милиони динари, а кои се формираат од:

а) интересите на фондовите во стопанството;

б) од дел на интересите што Народната банка ќе ги оствари по дадените кредити како приход на федерацијата;

в) придонесот од доходот на стопанските организации намален за делот кој според одредбите на овој закон му припаѓа на Сојузниот буџет за 1964 година;

г) придонесот на вонредните приходи на стопанските организации од 1963 година кој ќе се оствари во 1964 година;

д) други приходи што му припаѓале на укинатиот Општ инвестиционен фонд;

2) од средствата на странски заеми и други странски аранжмани што ги склучила федерацијата за финансирање на инвестиции во стопанството, и од комерцијалните кредити склучени за Железарницата во Скопје, пресметани според пресметковен курс, до вкупен износ од 77.500 милиони динари;

3) од средствата на заемот што ќе го распише федерацијата во земјата заради финансирање на инвестиции од значење за општиот стопански развој, до вкупен износ од 90.000 милиони динари.

Член 5

Средствата на федерацијата за финансирање на инвестиции ќе се употребат:

1) за пренесување во кредитните фондови на специјализираните банки и на Народната банка заради кредитирање на инвестиции во основни средства и крајни обртни средства и кредитирање на извоз на опрема на кредит и заради изведување инвестициони работи во странство — до вкупен износ од 139.525 милиони динари, од кој износ се пренесуваат во кредитниот фонд на Југословенската инвестициона банка 50.125 милиони динари, Југословенската земјоделска банка 47.000 милиони динари, Југословенската банка за надворешна трговија 40.800 милиони динари и Народната банка 1.600 милиони динари;

2) за финансирање на инвестиции без обврски за враќање — 67.075 милиони динари, и тоа: од редовните средства на федерацијата 48.275 милиони динари и од заемите на федерацијата склучени во странство за определени намени 18.800 милиони динари;

3) за кредитирање на гарантирани инвестиции — 17.500 милиони динари;

4) за побрз развиток на стопански недоволно развиени подрачја — 48.000 милиони динари;

5) за отплатување на заемите и кредитите што ги склучила федерацијата во странство за финансирање на инвестиции во стопанството — износот од 11.700 милиони динари;

6) за кредитирање на инвестиции во основни средства преку Југословенската инвестициона банка од заемите склучени во странство — до износот од 58.700 милиони динари и од заемите склучени во земјата — до износот од 90.000 милиони динари.

Ако износот на интересите на фондовите во стопанството што ги плаќаат специјализираните банки на средствата на својот кредитен фонд според важечките прописи ќе биде поголем или помал од износот: за Југословенската инвестициона банка од 36.600 милиони динари, за Југословенската земјоделска банка од 5.300 милиони динари и за Југословенската банка за надворешна трговија од 4.500 милиони динари, — за соодветните разлики ќе се намалат односно зголемат средствата од точката 1 став 1 на овој член.

Член 6

Ако федерацијата по основот на странски заеми и кредити во текот на 1964 година оствари средства за финансирање на инвестиции во стопанството во износ поголем од износот на тие средства што е предвиден за финансирање на инвестиции во стопанството во 1964 година, повеќе остварените

средства можат да се користат во 1964 година за инвестиции според посебни одлуки на Сојузната скупштина.

3. Стопански резерви на федерацијата

Член 7

Средствата на стопанските резерви на федерацијата се формираат од сите приходи на федерацијата што не се распоредени со важечките прописи или со овој закон, како и од средствата што ќе се остварат над износите утврдени за финансирање на инвестиции од средствата на федерацијата и за покривање на расходите на сојузниот буџет.

Ако средствата на стопанските резерви на федерацијата не се потрошат во 1963 година во целина, непотрошениот износ ќе се употреби во 1964 година за зголемување на државните материјални резерви.

Сојузниот извршен совет ќе донесе поблиски прописи за начинот на употребата на средствата од ставот 2 на овој член.

Член 8

Средствата на стопанските резерви на федерацијата се употребуваат, врз основа на посебни одлуки на Сојузната скупштина, за извршување на задачите предвидени со Општествениот план на Југославија за 1964 година, а првенствено за интервенции заради успешен развој на стопанството и заради изедначување на општите услови на работењето на стопанските организации во одделни стопански гранки и групи стопански организации.

II. УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ

1. Употреба на средствата на федерацијата наменети за финансирање на инвестиции без обврска за враќање

Член 9

Во 1964 година ќе се финансираат без обврска за враќање инвестиции до вкупен износ од 67.075 милиони динари, и тоа:

1) преку Југословенската инвестициона банка инвестициите во областа на сообраќајот — до износот од 50.475 милиони динари, од кој износ 18.800 милиони динари од средствата на странски заеми;

2) преку Југословенската земјоделска банка изградбата на каналот Дунав—Тиса—Дунав — до износот од 10.600 милиони динари, и за мелиорационите работи во Социјалистичка Република Македонија — до износот од 4.000 милиони динари;

3) како дотација на Автономната Покрајина Косово и Метохија за инвестиции во стопанството — до износот од 2.000 милиони динари.

Сојузниот извршен совет, во согласност со насоките утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година, ќе ги утврди поблиските намени, услови и начинот на финансирањето на инвестициите од средствата предвидени во ставот 1 точка 1 на овој член.

2. Употреба на средствата на федерацијата наменети за кредитирање на гарантираните инвестиции

Член 10

Во 1964 година ќе се кредитираат гарантирани инвестиции до износот од 17.500 милиони динари. Од овие средства Југословенската инвестициона банка ќе ги кредитира вложувањата во основни средства до износот од 13.000 милиони динари и вложувањата во трајни обртни средства до износот од 1.500 милиони динари, а Југословенската земјоделска банка ќе ги кредитира вложувањата во основни средства до износот од 3.000 милиони динари.

Средствата што се даваат за гарантирани инвестиции во смисла на одредбата од ставот 1 на овој член и средствата за други незавршени инвестициони објекти на територијата на социјалистичките републики Македонија и Црна Гора и на Автономна Покраина Косово и Метохија, за кои се склучени договори за кредит до крајот на 1960 година, како и средствата за изградба на објекти во другите недоволно развиени подрачја што е започната врз основа на одредбата на Сојузниот општествен план за 1960 година, ќе се користат во 1964 година за намирување на обврските по овие инвестиции — под условите што важеле за финансирањето на тие инвестиции во 1960 година.

Како објекти на гарантирани инвестиции за чие финансирање се склучени договори за кредит до крајот на 1960 година во смисла на ставот 2 на овој член, се сметаат и инвестиционите објекти од списокот на гарантираните инвестиции чија изградба е започната до крајот на 1960 година врз основа на претходна спогодба на Југословенската инвестициона банка со инвеститорот, а за кои конечните договори за кредит се склучени по 31 декември 1960 година.

Од средствата од ставот 1 на овој член Југословенската земјоделска банка во 1964 година ќе употреби износ до 3.000 милиони динари за доградба и опремање на поголеми земјоделски стопанства и за хидромелиорациони работи на територијата на Автономна Покраина Косово и Метохија.

За целта од ставот 4 на овој член Југословенската земјоделска банка ќе го употреби и износот од околу 1.600 милиони динари неискористени средства на Општиот инвестиционен фонд од 1963 година дадени на таа банка со истата намена.

За давање кредити од ст. 4 и 5 на овој член Југословенската земјоделска банка ќе склучи нови договори, со тоа износот на кредитите по тие договори за 1964 и наредните години да не го надмине износот од 8.000 милиони динари.

Член 11

Ануитетите по кредитите од средствата на Општиот инвестиционен фонд и од други средства на федерацијата за инвестиции на територијата на социјалистичките републики Македонија и Црна Гора и на Автономна Покраина Косово и Метохија, одобрени од почетокот на 1953 година до крајот на 1960 година, ќе се уплатуваат во општествените инвестициони фондови на овие републики односно на покраината до конечната исплата на тие кредити.

На начинот утврден во ставот 1 на овој член ќе се постапува и со ануитетите по кредитите за учество во гарантирани инвестиции одобрени во 1963 и 1964 година.

3. Употреба на средствата на федерацијата наменети за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја

Член 12

Износот од 48.000 милиони динари Југословенската инвестициона банка ќе го употреби, до донесувањето на закон за фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, за учество во кредитирањето на побрзиот развој на тие подрачја.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се употребат:

1) за кредитирање на инвестиции во основни средства — до вкупниот износ од 43.400 милиони динари, и тоа: на територијата на социјалистичките републики Босна и Херцеговина 11.280 милиони динари, Црна Гора 3.180 милиони динари. Хрватска 3.410 милиони динари, Македонија 10.260 милиони динари и Србија 15.270 милиони динари, од што за Автономна Покраина Косово и Метохија 8.610 милиони динари;

2) за учество во финансирањето на изградбата на објекти на општествениот стандард на Железарницата во Скопје 1.600 милиони динари;

3) за кредитирање на инвестиции во трајни обртни средства до вкупниот износ од 3.000 милиони динари.

Средствата од ставот 2 точка 1 на овој член ќе се употребат за давање кредити за вложувања во основни средства во согласност со насоките на развојот на стопанството во односните стопански недоволно развиени подрачја, и тоа првенствено за довршување на инвестиционите објекти чија изградба е кредитирана од средствата за развој на стопански недоволно развиените подрачја во 1961, 1962 и 1963 година и за реконструкции и проширувања, како и за давање кредити за изградба на нови објекти на тие подрачја.

Кредитите од ставот 2 точка 1 на овој член Југословенската инвестициона банка ќе им ги дава на фондовите на републиките за развој на стопански недоволно развиените подрачја, или, ако такви фондови не се формирани, на носителите на тие кредити што ќе ги определи републиката.

Од средствата од ставот 2 точка 1 на овој член ќе се кредитираат стопански недоволно развиените подрачја односно инвеститорите на тие подрачја на начинот и под условите утврдени во Сојузниот општествен план за 1963 година за кредитирање на развојот на недоволно развиените подрачја.

Средствата предвидени во ставот 2 точка 2 на овој член за учество на федерацијата во финансирањето на изградбата на објекти на општествениот стандард на Железарницата во Скопје Југословенската инвестициона банка ќе ги употреби за намирување на обврските создадени по овој основ во 1963 година и за учество на федерацијата во финансирањето на оваа изградба во 1964 година.

4. Отплатување на заемите што ги склучила федерацијата во странство

Член 13

Од средствата утврдени во членот 5 став 1 точка 5 на овој закон во износ од 11.700 милиони динари Народната банка ќе врши отплатување на заемите и кредитите што ги склучила федерацијата во странство за финансирање на инвестиции во стопанството, а за кои со Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството не е предвидено отплатувањето да го врши Југословенската инвестициона банка.

Член 14

Југословенската инвестициона банка ќе го употреби износот од 19.600 милиони динари за отплатување на заемите и кредитите што ги склучила федерацијата во странство, а чии средства ги употребила Југословенската инвестициона банка за финансирање на изградбата на определени инвестициони објекти.

III. УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ БАНКИ И НА НАРОДНАТА БАНКА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 15

Југословенската инвестициона банка, Југословенската земјоделска банка, Југословенската банка за надворешна трговија и Народната банка средствата на своите кредитни фондови и средствата на федерацијата што според одредбите од овој закон се пренесуваат во нивните кредитни фондови во 1964 година ќе ги употребуваат за вложувања во вид на кредити во основни средства и трајни обртни средства, на кредити за извоз на опрема на кредит, како и за кредитирање изведби на инвестициони работи во странство, согласно со насоките на Општествениот план на Југославија за 1964 година и со одредбите од овој закон и од други сојузни прописи.

Специјализираните банки и Народната банка ќе го продолжат кредитирањето на инвестициите чие финансирање е започнато во поранешните години од средствата што му припаѓале на укинатиот Општ инвестиционен фонд, согласно со склучените договори и со сојузните прописи за финансирањето на определени намени или објекти.

Нови договори за кредитирање на инвестиции со кои ги ангажира дополнителните средства на федерацијата, Југословенската инвестициона банка може да склучува во 1964 година само за намените утврдени со одлука на Сојузната скупштина.

По исклучок од одредбата на ставот 3 од овој член, Југословенската инвестициона банка може да склучува нови договори за кредити врз основа на Одлуката за насочниците за употреба на средствата на Општиот инвестиционен фонд за финансирање на определени инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63).

Југословенската земјоделска банка и Југословенската банка за надворешна трговија можат да склучуваат нови договори за кредитирање на инвестиции во 1964 година, согласно со насоките утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година, во рамките на средствата во својот кредитен фонд. Со овој и со веќе склучените договори можат да се создадат обврски за наредните години најмногу до износот на искористените кредити во 1964 година. Ако во 1964 година настане потреба од создавање поголеми обврски за наредните години, таквите обврски можат да се преземат само врз основа на посебни одлуки на Сојузната скупштина.

Член 16

Југословенската инвестициона банка ќе дава кредити за учество во финансирањето на инвестиции:

— во милиони динари

1) во основни средства — во износ од		224.925
од што:		
а) во областа на индустријата и рударството — —	161.000	
б) во областа на сообраќајот	13.925	
в) за унапредување на туристичкиот промет на странци — — — —	21.000	
г) за дополнителни средства на инвеститорите од стопански недоволно развиените подрачја — — —	12.200	
д) за намирување обврските по кредитите од Општиот инвестиционен фонд од поранешните години	7.500	
ѓ) за намирување на пречекорувањата во трошоците на инвестиционата изградба кај гарантираните инвестиции — — — —	3.200	
е) за продолжување изградбата на телевизиската мрежа — — — — —	.900	
ж) за учество во кредитирањето на изградбата на Нов Белград — — —	1.000	
з) за менични плаќања по странски кредити за завршени објекти што се кредитирани од Општиот инвестиционен фонд до крајот на 1962 година	4.200	
2) во трајни обртни средства		9 500

Член 17

Износот од 161.000 милиони динари за учество во кредитирањето на инвестиции за основни средства во областа на индустријата и рударството Југословенската инвестициона банка ќе го употреби за кредитирање на изградбата на објекти на електростопанството, на изградбата и проширувањето на рудници на јаглен, на изградбата на објекти за производство на нафта, на рударските истражувања во производството на нафта на територијата на Автономна Покраина Војводина, како и на изградбата на објекти на црната и обоената металургија, на објекти на базичната хемиска индустрија и на индустријата на целулоза, дрвесина и хартија.

Член 18

Износот од 13.925 милиони динари за кредитирање на инвестиции во областа на сообраќајот Ју-

гословенската инвестициона банка ќе го употреби за кредитирање на набавката на поморски и речни бродови, на објекти на поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај и за учество во финансирањето на изградбата на луки и сообраќајници на неразвиените подрачја.

Сојузниот извршен совет ќе ја определи за инвестициите од ставот 1 на овој член, за кои уште не се склучени договори со банката, поблиската намена, условите и начинот на кредитирањето во согласност со насоките од Општествениот план на Југославија за 1964 година.

Член 19

Износот од 21.000 милиони динари Југословенската инвестициона банка ќе го употреби за учество во кредитирањето на инвестиции што служат за унапредување на туристичкиот промет на странци, со тоа од овие средства да ги надомести износите на кредитите што за овие намени ги дала во 1963 година од средствата со кои во таа година располагала.

Сојузниот извршен совет ќе ги определи условите и начинот на кредитирање на инвестициите од ставот 1 на овој член, во согласност со насоките утврдени во Општествениот план на Југославија за 1964 година.

Член 20

Износот од 12.200 милиони динари, предвиден како дополнителни средства за инвеститорите од стопански недоволно развиените подрачја, Југословенската инвестициона банка ќе го употреби за кредитирање на инвеститорите за зголемено учество по инвестициите што Општиот инвестиционен фонд продолжил да ги финансира во 1963 година, како и за учество во финансирањето на изградбата на објекти чие финансирање од Општиот инвестиционен фонд е запрено во 1963 година.

Од средствата од ставот 1 на овој член, Југословенската инвестициона банка ќе им дава на инвеститорите кредити за зголемено учество и за учество во финансирањето на изградбата на објекти од редовните инвестиции на територијата на социјалистичките републики Македонија и Црна Гора и на Автономна Покраина Косово и Метохија и на објекти на другите стопански недоволно развиени подрачја што се започнати врз основа на одредбите на Сојузниот општествен план за 1960 година.

Член 21

Износот од 7.500 милиони динари Југословенската инвестициона банка ќе го употреби за извршување на своите обврски од поранешните години што се однесуваат на:

1) работи и набавки извршени до крајот на 1962 година по инвестиции чие финансирање од Општиот инвестиционен фонд е запрено во 1963 година, со тоа овие обврски да ги намири под условите што важеле за 1962 година;

2) зголемено учество за обврски спрема странство за објекти од гранките на стопанството чие кредитирање е продолжено од средствата на Општиот инвестиционен фонд, а кои се завршени до крајот на 1962 година;

3) плаќање на веќе извршените работи на конзервирање на објекти чие кредитирање од средствата на Општиот инвестиционен фонд е запрено врз основа на одредбите на точката 7 од главата XII на Сојузниот општествен план за 1963 година;

4) покривање на разликата во трошоците за изградба на објекти што настанала поради зголемување на цените до крајот 1962 година.

Член 22

Износот од 3.200 милиони динари Југословенската инвестициона банка ќе го употреби за давање кредити на општествените инвестициони фондови на социјалистичките републики Македонија и Црна Гора и на Автономна Покраина Косово и Метохија, заради кредитирање на пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантирани инвестиции во областа на индустријата и рударството, за кои според други сојузни прописи Југословенската инвестициона банка не дава средства.

Ако во републиките или автономната покраина од ставот 1 на овој член, во смисла на одредбите од Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, бидат укинати општествените инвестициони фондови, овие републики односно автономна покраина ќе одлучат кој ќе биде корисник на кредитите од претходниот став.

Кредитите од ставот 1 на овој член ќе им се даваат на определени инвеститори и во определени износи на начинот и под условите под кои се кредитирани пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции во 1963 година.

Член 23

Југословенската инвестициона банка ќе го употреби износот од 900 милиони динари за продолжување на кредитирањето на изградбата на телевизиската мрежа, а износот од 1.000 милиони динари — за учество на федерацијата во кредитирањето на изградбата на Нов Белград.

Член 24

Југословенската инвестициона банка ќе го употреби износот од 4.200 милиони динари за плаќање на меничните долгови што ќе стасат во 1964 година по странски комерцијални кредити за објектите завршени до крајот на 1962 година, а што се кредитирани од средствата на Општиот инвестиционен фонд до крајот 1962 година.

Член 25

Југословенската земјоделска банка ќе ги кредитира вложувањата во основни средства во износ од 57.400 милиони динари и вложувањата во трајни обртни средства во износ од 7.500 милиони динари.

Износот од 57.400 милиони динари од ставот 1 на овој член Југословенската земјоделска банка ќе го употреби за учество во финансирањето на инвестициите за основни средства во областа на земјоделството, и тоа: за зголемување на обработливите површини од општествениот сектор, за инвестиции на работните организации со кои се постига рентабилно производство на земјоделски производи за домашниот пазар и за извоз, за инвестиции за механизација, за примарна преработка на земјоделски производи, за неопходен складов простор за земјоделски производи, за изградба на помали системи за наводнување со брзи ефекти во производството и за изградба на фабрики за храна за добиток и суровини од белтачинесто потекло.

Член 26

Југословенската банка за надворешна трговија ќе го употреби износот од 10 000 милиони динари за учество во кредитирање на инвестиции за унапредување на производството за извоз, износот од 50.800 милиони динари за кредитирање извозот на опрема на кредит и на изведби на инвестициони работи во странство и износот од 2.500 милиони динари за вложување во трајни обртни средства.

Член 27

Народната банка ќе ги кредитира инвестициите на стопанските организации што таа непосредно ги кредитира, и тоа инвестициите во основни средства — до износот од 3.000 милиони динари и во трајни обртни средства — до износот од 1.000 милиони динари.

IV. УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОПШТЕСТВЕНИ ФОНДОВИ

Член 28

Заради остварување на определените основни материјални односи во стопанството утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година и стабилноста на стопанството, средствата на определени општествени фондови и други определени општествени средства можат да се употребуваат според одредбите од чл. 29 до 38 на овој закон.

1. Употреба на средствата на општествените фондови основани со сојузни прописи

Член 29

Средствата на фондовите за кредитирање на станбената изградба, на општествените фондови за школство и на Фондот за обнова и изградба на Скопје, можат во 1964 година да се употребуваат во полн износ во кој се остварени.

Средствата на општествените инвестициони фондови, остварени во 1964 година, можат да се употребуваат во таа година само за давање кредити на стопанските организации за вложувања во трајни обртни средства.

Член 30

Средствата на општествените инвестициони фондови основани со сојузни прописи, остварени во 1964 година, можат да се трошат во полн износ во таа година, ако произлегуваат:

1) од дотации дадени во 1964 година со определена намена;

2) од средства од наплатени ануитети по кредитите што од средствата на федерацијата и на укинатиот Општ инвестиционен фонд им се дадени на инвеститори од стопански недоволно развиените подрачја, а кои, согласно со одредбите на сојузните општествени планови и со одредбите на членот 11 од овој закон им се отстапени на општествените инвестициони фондови од тие подрачја;

3) од средства што стопанските организации ќе ги уплатат во 1964 година во вид на придонес за општествените инвестициони фондови по завршните сметки за 1963 година.

Член 31

По исклучок од одредбата на членот 29 став 2 на овој закон, републичките општествени инвестициони фондови можат да ги употребуваат средствата остварени во текуштата година по основот на наплатени ануитети и за вложувања во основни средства.

Член 32

Заради обезбедување на вложувањата во трајни обртни средства во сразмера со вложувањето во основни средства, од средствата на општествените инвестициони фондови остварени во текот на поранешните години можат да се употребуваат за давање кредити за инвестиции во основни средства најмногу до 65%, а за давање кредити за трајни обртни средства најмалку 35%.

Одредбата од ставот 1 на овој член не се однесува на:

1) средствата на републичките инвестициони фондови;

2) средствата на општествените инвестициони фондови што се даваат за учество во трошоците за инвестиции и за гарантни износи по кредитите одобрени во поранешните години од Општиот инвестиционен фонд, а во 1964 година — од средствата на специјализираните банки.

Член 33

Ако општествено-политичките заедници, во согласност со соодветните одредби на Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, ги укинат своите општествени инвестициони фондови, тие се должни при регулирањето на односите настанати со тоа укинување да обезбедат примена на одредбите на чл. 31 и 32 од овој закон.

2. Употреба на средствата на задолжителните резерви на фондовите

Член 34

Во 1964 година нема да се врши издвојување на задолжителни резерви на фондовите ниту издвојување за посебни задолжителни резерви по одлуки на републиките.

Средствата на задолжителните резерви на фондовите, издвоени во 1963 година, можат да се користат во 1964 година.

По исклучок од одредбата на ставот 2 од овој член, средствата на задолжителните резерви на фондовите што ги издвоиле стопанските организации во 1961, 1962 и 1963 година не можат да се користат во 1964 година, ако со сојузен закон односно со прописите на Сојузниот извршен совет донесени врз основа на сојузни закони не е определено поинаку.

Одредбата на претходниот став нема да се применува на установите во областа на здравството и на други установи што работат според прописите кои се однесуваат на стопанските организации.

3. Посебна буџетска резерва

Член 35

Општествено-политичките заедници не можат да трошат 10% од приходите на буџетот што ќе ги остварат во 1964 година.

Одредбата на претходниот став нема да се применува на приходите на сојузниот буџет.

Издвојување на средства во посебна буџетска резерва врз основа на ставот 1 од овој член, општествено-политичките заедници нема да вршат од делот на приходите што ќе го примат на име дотација од средствата на федерацијата, од делот на приходите што им го даваат како дотација на други општествено-политички заедници и на општествените фондови за школство, ниту од делот на приходите што по утврдените проценти го издвојуваат во корист на општествените фондови за школство.

Член 36

По исклучок од одредбата на членот 35 став 1 од овој закон републиките можат на одделни општествено-политички заедници да им одобруваат користење на средствата издвоени во нивната буџетска резерва, со тоа вкупниот износ на така користените средства да не може да биде поголем од 20% од вкупниот износ на формираната посебна буџетска резерва на општествено-политичките заедници на територијата на републиката.

Член 37

Средствата на посебната буџетска резерва на општествено-политичките заедници, формирани врз основа на точката 4 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, утврдени со завршните сметки за извршувањето на буџетот, можат да се трошат во 1964 година.

4. Употреба на средствата на чистиот приход на железничките транспортни претпријатија

Член 38

Заради обезбедување средства за финансирање на неопходен обем на инвестиции во областа на железничкиот сообраќај, средствата на чистиот приход остварен во 1964 година, по одбивање на делот употребен за лични доходи на работниците, железничките транспортни претпријатија можат да ги користат во таа година за финансирање на инвестиции за кои се употребуваат средствата на деловниот фонд.

V. МЕРКИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА

Член 39

Народната банка ќе им дава кредити на деловните банки заради зголемување на нивната кредитна способност, ако се придржуваат кон целите и мерките на кредитната политика утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година или со овој закон и други сојузни прописи.

За покривање на нерамномерен прилив на приходите на федерацијата во текуштата година Народната банка може да одобрува кредити со рок за враќање најдоцна до крајот на буџетската година.

Народната банка може да им одобрува кредити на специјализираните банки за покривање на нерамномерниот прилив на нивните приходи од ануитети во текуштата година со рок за враќање најдоцна до крајот на 1964 година.

Член 40

Народната банка ќе им дава кредити од членот 39 на овој закон на деловните банки што своите банкарски средства, заедно со кредитите што ќе ги

добијат од Народната банка, ги употребуваат за давање краткорочни кредити:

1) на стопанските организации — за обртни средства за промет на стоки, за определени залихи и за определени работи;

2) на самостојните установи — за плаќања што се во врска со текуштото работење;

3) на општествено-политичките заедници, општествените фондови за школство и заводите за социјално осигурување — за подмирување на разликата помеѓу предвидените и остварените приходи настаната поради нерамномерно притечување на приходите;

4) на републичките и општинските резервни фондови (на заедничките резерви на стопанските организации) — заради зголемување на нивните средства за давање кредити;

5) на населението — за потрошувачки кредити.

Кредитите од ставот 1 на овој член можат да се одобруваат со рок за враќање до една година, освен кредитите на стопанските организации за определени работи и потрошувачките кредити, кои можат да се одобруваат со подолг рок за враќање согласно со сојузните прописи.

Член 41

Покрај кредитите од членот 40 на овој закон, деловните банки можат од изворите и во рамките што ќе ги утврди Сојузниот извршен совет да одобруваат кредити со рок за враќање до три години, заради користење на постојните услови за производство во случаите кога со помали вложувања во пократко време се остварува зголемување на производството на стоки за извоз и на стоки за кои постои зголемена побарувачка на домашниот пазар.

Член 42

Деловните банки можат, ако со сојузните прописи не е определено поинаку, да одобруваат кредити за продажба или набавка на сериска опрема од домашно производство, за давање краткорочни кредити за учество во користењето на заеми за инвестиции и за други намени, покрај намените наведени во чл. 40 и 41 на овој закон, од средствата на своите кредитни фондови и од паричните средства на другите свои фондови, освен резервните фондови, од средствата на ороченото штедење и од други орочени депозити и од средствата собрани со издавање обврзници и благајнички записи, водејќи сметка роковите за враќање на овие кредити да бидат во согласност со начелата на политиката на обезбедување ликвидноста на банката.

Средствата на деловните банке собрани по основот на странски заеми, како и средствата по заемите во земјата (гарантни износи, учества), депозитите по основот на продадени девизи и другите банкарски средства што според својот карактер претставуваат орочени депозити, овие банки можат да ги употребат согласно со ставот 1 на овој член.

По исклучок, деловните банки можат да одобруваат кредити за намените од ставот 1 на овој член и од средствата на неорочените штедни влогови до 20% од вкупниот износ на тие влогови, водејќи сметка за обезбедувањето на ликвидноста на банката.

Член 43

Сојузниот извршен совет, со прописот со кој ги регулира мерките на кредитната политика за 1964 година, ќе ги утврди особено:

1) поблиските намени и условите под кои деловните банки ќе им одобруваат кредити на корисниците наведени во чл. 40 до 42 на овој закон за намените утврдени во тие членови;

2) височината и условите на кредитите што Народната банка ќе им ги одобрува на Дирекцијата за суровини и Дирекцијата за исхрана — за зголемување на постојаните резерви и за формирање на повремени пазарни резерви;

3) работите што се сметаат како определени работи во смисла на точката 1 од ставот 1 на членот 40 на овој закон.

Член 44

На деловните банки што не се придржуваат кон целите и мерките на кредитната политика утврдени со Општествениот план на Југославија за 1964 година, со одредбите на овој закон и со други сојузни прописи, Народната банка може да им го ускрати давањето на нови кредити што овие банки ги бараат и може да бара наплата на порано одобрените кредити.

Член 45

На земјоделските организации им се одлага плаќањето во 1964 година на ануитетите по кредитите за загуби во земјоделството одобрени од средствата на федерацијата непосредно или преку републичките резервни фондови, кои ануитети стасуваат во таа година.

Се одлага плаќањето во 1964 година и на ануитетите по кредитите од средствата на федерацијата дадени на републичките резервни фондови заради кредитирање на земјоделските организации за загубите во земјоделството.

Одлагањето на ануитетите според ст. 1 и 2 на овој член банките ќе го извршат под услов на земјоделските организации да им е одложено плаќањето на ануитетите во 1964 година и по кредитите што на овие организации им се одобрени за покривање на загубите од средствата на другите општествено-политички заедници.

На југословенската земјоделска банка ќе ѝ се доделат посебни дополнителни средства од средствата на федерацијата во височина на помалку остварениот прилив од ануитетите по кредитите дадени од средствата на Општиот инвестиционен фонд за покривање на загубите на земјоделските организации чија наплата во 1964 година се одлага според одредбите на овој член.

VI. НАДОМЕСТОК ШТО ИНДУСТРИСКИТЕ И РУДАРСКИТЕ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ГО ПЛАЌААТ ЗА УПОТРЕБАТА ИЛИ КОРИСТЕЊЕТО НА ВОДАТА ВО 1964 ГОДИНА

Член 46

Важењето на Одлуката за надоместоците што ги плаќаат индустриските и рударските стопански организации за употребата или користењето на водата во 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63) се продолжува и за 1964 година.

VII. ОВЛАСТУВАЊА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОПИСИ ВО ОБЛАСТА НА ЦЕНИТЕ И ТАРИФИТЕ

Член 47

Заради спроведување на понатамошна стабилизација на пазарот и зачувување на нивото на цените и тарифите утврдено со Општествениот план на Југославија за 1964 година, се овластува Сојузниот извршен совет да може:

1) да ги пропишува продажните цени или тарифите за определени производи и услуги и начинот на формирањето на тие цени и тарифи;

2) да го ограничува нивото на цените и тарифите во комуналното стопанство;

3) до донесувањето на посебен закон да донесува прописи за ослободување при извоз на стоки и услуги од определени обврски спрема општествената заедница;

4) до донесувањето на посебен закон да донесува прописи за регресите и премиите во стопанството, како и прописи за користење на дотациите од средствата на федерацијата доделени на стопанските организации на поморскиот, речниот и воздушниот сообраќај заради одржување на определени линии од интерес за целата земја.

Прописите на Сојузниот извршен совет за ограничување на нивото на таксите и на данокот на промет што го пропишуваат општествено-политичките заедници како и прописите за повластиците во патничкиот сообраќај што важеле во 1963 година, ќе важат и во 1964 година до донесување на соодветни сојузни закони.

Се овластува Сојузниот извршен совет да пропише позитивните разлики што во 1963 година ги остариле Дирекцијата за исхрана и Дирекцијата за суровини во работењето со државни материјални резерви, да можат да се употребат за изградба на складови за државни материјални резерви.

VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 48

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

714.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1964 ГОДИНА

Се прогласува Законот за Сојузниот буџет за 1964 година, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 27 декември 1963 година.

П. Р. бр. 26
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1964 ГОДИНА

Член 1

Сојузниот буџет за 1964 година содржи:
приходи од — — — — Динари 721.700,000.000
расходи од — — — — Динари 721.700,000.000.

Член 2

Расходите на Сојузниот буџет за 1964 година се делат, според нивната намена, на пет делови, и тоа:

1 дел — расходи на сојузните органи, установи и организации, во износ од Динари 62.107,000.000;

2 дел — расходи за народна одбрана, во износ од Динари 319.600.000.000;

3 дел — расходи за општи општествени потреби, во износ од Динари 81.000,000.000;

4 дел — дотации за социјалистичките републики, во износ од Динари 57.700,000.000;

5 дел — средства за интервенции во стопанството, во износ од Динари 201.293,000.000.

Член 3

Средствата предвидени во 1 дел, 45 раздел, се користат врз основа на писмените договори што ги склучуваат, и тоа:

1) Сојузниот секретаријат за информации, по партија 180 позиција 1, со Новинската агенција „Танјуг";

2) Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, по партија 180 позиција 2, со Сојузниот завод за здравствена заштита;

3) Сојузниот секретаријат за трудот и Сојузниот секретаријат за индустрија, по партија 180 позиција 3, со Југословенскиот завод за продуктивност на трудот;

4) Сојузниот завод за стопанско планирање, по партија 180 позиција 4, со Југословенскиот институт за економски истражувања;

5) Сојузниот секретаријат за просвета и култура, по партија 180 позиција 5, со Југословенскиот завод за проучување на училишни и просветни прашања;

6) Сојузниот секретаријат за просвета и култура, по партија 180 позиција 6, со Југословенскиот институт за заштита на културните споменици;

7) Сојузната геодетска управа, по партија 180 позиција 7, со Заводот за фотограметрија.

Член 4

Носители на средствата предвидени во 3 дел се:

1) Комисијата за културни врски со странство — по 1 раздел, партија 211;

2) Сојузниот секретаријат за информации — по 7 раздел, партија 217 позиција 1;

3) Советот за прашања на иселениците — по 7 раздел, партија 217 позиција 2;

4) Сојузниот комитет за туризам — по 8 раздел, партија 218;

5) Сојузниот завод за меѓународна техничка соработка — по 9 раздел, партија 219;

6) Сојузниот секретаријат за индустрија — по 14 раздел, партија 224;

7) Сојузниот секретаријат за просвета и култура — по 17 раздел, партија 227;

8) Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика — по 20 раздел, партија 230;

9) Сојузниот секретаријат за финансии — по 21 раздел партија 231 и партија 232.

Член 5

Следните средства во третиот дел се користат врз основа на писмените договори што ги склучуваат, и тоа:

1) Сојузниот секретаријат за информации:

а) со Југословенската радио-дифузија — по 2 раздел, партија 212, по 3 раздел, партија 213 и по 5 раздел, партија 215;

б) со Радио-телевизијата Белград — по 4 раздел, партија 214;

в) со списанието „Меѓународна политика" — по 6 раздел, партија 216;

2) Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика со Сојузниот институт за рехабилитација — по 11 раздел, партија 221;

3) Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски:

а) со Установата за одржување поморски пловни патишта — по 12 раздел, партија 222 позиција 1;

б) со Установата за одржување внатрешни пловни патишта — по 12 раздел, партија 222 позиција 2;

4) Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство со Институтот за млекарство на Југославија — по 15 раздел, партија 225;

5) Сојузната геодетска управа со изведувачите на работите на премер на земјишта — по 18 раздел, партија 228.

Член 6

Носители на средствата предвидени во 5 дел се:

1) Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство — по 1 раздел, партија 239, партија 247 и партија 248;

2) Сојузниот секретаријат за индустрија — по 1 раздел, партија 240;

3) Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски — по 1 раздел, партија 241 и партија 244;

4) Сојузниот секретаријат за трговија — по 1 раздел, партија 242;

5) Сојузната комисија за нуклеарна енергија — по 1 раздел, партија 245;

6) Сојузниот геолошки завод — по 1 раздел, партија 246;

7) Сојузниот секретаријат за надворешна трговија — по 2 раздел, партија 250.

Носителите на средствата од ставот 1 на овој член ќе му поднесуваат тримесечно на Сојузниот извршен совет извештаи за извршувањето на расходите и за постигнатите резултати. Овие извештаи ќе се поднесуваат преку Сојузниот секретаријат за финансии и Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

ПРЕГЛЕД
НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1964 ГОДИНА

ПРИХОДИ

I Дел —	Учество на сојузниот буџет во заедничките приходи — — —	52.000,000.000
II Дел —	Посебни приходи на сојузниот буџет	
	1. Данок на промет — — —	368.000,000.000
	2. Општ данок на промет — —	92.000,000.000
	3. Дел од придонесот од доходот на стопанските организации — —	32.000,000.000
	4. Царини — —	168.900,000.000
	5. Данок на промет на вино и ракија — —	2.000,000.000
III Дел —	Приходи на сојузните органи —	4.000,000.000
IV Дел —	Други приходи —	2.800,000.000
	Вкупно приходи:	**721.700,000.000**

РАСХОДИ

I Дел —	Расходи на сојузните органи, установи и организации:	
	1. Расходи на сојузните органи:	
	— лични расходи — —	23.800,000.000
	— материјални расходи —	10.799,000.000
	2. Средства за дејностите на самостојните установи —	1.335,000.000
	3. Дотации:	
	— за самостојните установи	1.795,000.000
	— за општествените организации — — — —	2.330,000.000
	4. Инвестиции:	
	— нови инвестиции — —	10.100,000.000
	— ануитети по кредитите за станбена изградба —	100,000.000
	5. Обврски по буџетот и буџетска резерва:	
	— обврски по буџетот од поранешните години —	1.448,000.000
	— буџетска резерва — —	10.400,000.000
	ВКУПНО I ДЕЛ:	62.107,000.000
II Дел —	Расходи за народна одбрана	319.600,000.000
	ВКУПНО II ДЕЛ:	319.600,000.000
III Дел —	Средства за општи општествени потреби:	
	1. Средства за разни општи општествени потреби —	7.800,000.000
	2. Инвалидски принадлежности на воените инвалиди од војните со нивната здравствена заштита — —	29.750,000.000
	3. Обврски по внатрешните заеми — — — — —	1.150,000.000
	4. Обврски по надворешни заеми и за национализиран странски имот — —	42.300,000.000
	ВКУПНО III ДЕЛ:	81.000,000.000
IV Дел —	Дотации за социјалистичките републики:	
	1. Општи дотации — — —	50 640,000.000
	2. Наменски дотации — —	7.060,000.000
	ВКУПНО IV ДЕЛ:	57.700,000.000
V Дел —	Средства за интервенции во стопанството:	
	1. Регреси и премии — —	112.535,000.000
	2. Средства за исплати на укинатите регреси — —	550,000.000
	3. Дотации за претпријатијата од областа на сообраќајот — — — — — —	2.208,000.000
	4. Средства за унапредување на стопанските области —	20.000,000.000
	5. Средства за премирање на извозот — — — — —	66.000,000.000
	ВКУПНО V ДЕЛ:	201.293,000.000
	Вкупно расходи:	**721.700,000.000**

Член 7

Регресите и премиите во определени гранки на стопанството и дотациите во определени гранки на сообраќајот, за кои се предвидени средствата во сојузниот буџет за интервенции во стопанството, се одобруваат според прописите што ги донесува Сојузниот извршен совет.

Се овластуваат носителите на средствата, за спроведување на прописите од ставот 1 на овој член да ги утврдуваат, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, поблиските услови и начинот на користењето на средствата чии носители се тие.

Член 8

Обврските по укинатите регреси од средствата предвидени во 5 дел, 1 раздел, партија 243 ги извршува Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

Член 9

Средствата за потребите во областа на нуклеарната енергија, за геолошко-рударските истражни работи, за водостопанството и за унапредување на земјоделството и шумарството се користат врз основа на програмите кои, на предлог од носителите на средствата, ги донесува Сојузниот извршен совет.

Се овластуваат носителите на средствата, за извршување на програмите од ставот 1 на овој член да ги утврдуваат, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, поблиските услови и начинот на користењето на средствата чии носители се тие.

До донесувањето на програмите, а најдоцна до 31 март 1964 година, од овие средства може да се врши привремено финансирање по предлог од носителите на средствата, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии и со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

Член 10

Обврските настанати во 1963 година според прописите за регресите, премиите и дотациите, а неизмирени до крајот на 1963 година, можат да се исплатуваат на товар на средствата на Сојузниот буџет за 1964 година предвидени за исти намени — до 31 март 1964 година, ако со тие прописи не се определени други рокови.

По исклучок, на корисниците на регресите и премиите во областа на земјоделството можат обврските настанати во 1963 година да им се исплатуваат до 30 јуни 1964 година, ако со прописите за регресите и премиите во областа на земјоделството не биле определени други рокови.

Член 11

Средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1963 година за регреси и трошоци на превозот на сточна храна (партија 252, позиција 5) и за регреси за изградба на прекуморски бродови (партија 254, позиција 1) што не се потрошени до крајот на 1963 година, можат да се користат во 1964 година за намирување на обврските настанати по тие основи во 1963 година.

Средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1963 година за дотации на претпријатијата од областа на сообраќајот (партија 256) што не се потрошени до крајот на 1963 година, можат да се користат во 1964 година за намирување на обврските настанати по тој основ до крајот 1963 година.

Средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1963 година за нуклеарна енергија (партија 257), за геолошко-рударските истражни работи (партија 258), за водостопанството (партија 259) и за унапредување на земјоделството и шумарството (партија 260) што не се потрошени до крајот на 1963 година, се пренесуваат во 1964 година и се користат за истите цели.

Потрошокот на овие средства посебно ќе се искаже во завршната сметка за 1964 година.

Член 12

Средствата предвидени со Сојузниот буџет за 1963 година за инвестиции што не се потрошени до крајот на 1963 година и средствата одобрени за оваа цел во текот на 1963 година од буџетската резерва, се користат за истите цели до конечното извршување на задачите за кои биле наменети, односно до рокот што ќе го определи Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

Одредбата на ставот 1 од овој член ќе се применува и во поглед на средствата што во буџетите од поранешните години биле предвидени за инвестиции, а не се потрошени до крајот на 1963 година.

Член 13

Од средствата предвидени во Сојузниот буџет за 1964 година за станбена изградба Сојузниот извршен совет може да издвои определени средства за давање кредити за изградба на станбени згради што ги градат службениците на сојузни органи од своите средства.

Условите и начинот на користењето на средствата што се издвојуваат за целта од ставот 1 на овој член ќе ги утврди Сојузниот извршен совет.

Член 14

Ако сојузен орган на управата во текот на годината добие статус на установа, Сојузниот извршен совет ќе определи дали средствата предвидени во претсметката на органот ќе се користат и понатаму за вршење на дејноста за која е основана установата.

Член 15

Сојузниот извршен совет може во случај на промена во организацијата на сојузната управа да врши измена на намената и височината на средствата помеѓу 1 до 50 раздел на 1 дел на Сојузниот буџет за 1964 година.

Член 16

Измена на намената и височината на средствата помеѓу партиите од иста глава и одделни глави од ист раздел можат да вршат старешините на органите, во согласност со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

Средствата наменети за материјални расходи не можат да се користат за лични расходи.

Со законот за буџетот на републиката може да се пропише републичките органи на управата да вршат измена на намената и височината на средствата во републичкиот буџет во смисла на ст. 1 и 2 од овој член.

Член 17

Средствата предвидени во првиот дел, 44 раздел партија 179 за зголемување на платите, ќе ги распореди на одделни сојузни органи Сојузниот извршен совет или органот што тој ќе го определи. Овие средства ќе се користат за зголемување на платите, за унапредување на службеници и за нови назначувања.

Член 18

Назначување на службеници над бројот утврден со претсметката на сојузните органи може да се врши само во согласност со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.

За приговорот против решение за согласност на органот од ставот 1 на овој член одлучува Сојузниот извршен совет односно органот што тој ќе го определи.

Член 19

Средствата предвидени во финансискиот план на Југословенската лотарија ќе ги распредели на социјално-хумани општествени организации, по предлог од управниот одбор на Југословенската лотарија, Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата, во согласност со Сојузниот извршен совет.

Член 20

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

715.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за Уставниот суд на Југославија, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Организационо-политичкиот собор од 21 декември 1963 година.

П.Р. бр. 24
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с, р.

ЗАКОН
ЗА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Уставниот суд на Југославија, како самостоен орган на федерацијата, обезбедува заштита на уставноста и законитоста врз основа на Уставот, во рамките на своите со Уставот утврдени права и должности.

Член 2

Во вршењето на своите права и должности Уставниот суд одлучува за уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти и за другите прашања кои со Уставот или сојузен закон се ставени во неговата надлежност.

Одлуките на Уставниот суд се задолжителни.

Член 3

Уставниот суд ги следи појавите од интерес за остварувањето на уставноста и законитоста, и врз основа на тоа ѝ дава на Сојузната скупштина мислење и предлози за донесување и измена на закони, за давање автентични толкувања и за преземање други мерки, заради обезбедување на уставноста и законитоста и заштитата на правото на самоуправувањето и другите права и слободи на граѓаните и организациите.

Член 4

Секој може да бара од Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописи и други општи акти.

Уставниот суд е должен, по барање на органите или организациите определени со Уставот или сојузен закон, да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт, а во другите случаи Судот одлучува дали ќе поведе постапка врз основа на претходна оцена на оправданоста на барањето.

Уставниот суд може да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт и по сопствена иницијатива. Секој член на Судот може да бара да се поведе оваа постапка и Судот да одлучи за тоа.

Уставниот суд поведува постапка во други случаи од својата надлежност по предлог од граѓани, органи и организации, согласно со Уставот и овој закон.

Член 5

Уставниот суд донесува одлуки врз основа на сестрано испитување на предметот, а по оценување на наводите и предлозите на учесниците во постапката.

Во вршењето на своите права и должности Уставниот суд се опира врз соработката на други органи, органи на општественото самоуправување, организации и граѓани, и ги зема предвид мислењата што тие органи, организации и граѓани ги даде по барање на Судот.

Член 6

Работата на Уставниот суд е јавна.

Јавноста се обезбедува со јавно расправување пред Уставниот суд, со објавување на одлуките на Судот со известување на јавноста за работата на Судот и на друг начин, согласно со овој закон и деловникот на Судот.

Член 7

Изборот и разрешувањето на претседателот и судиите на Уставниот суд се врши во согласност со Уставот.

Членовите на Уставниот суд за време на траењето на мандатот не можат да бидат разрешени од должност, освен од причините утврдени со Уставот.

Член 8

Член на Уставниот суд може да биде разрешен од должност пред истекот на мандатот само ако Судот утврди дека постојат причини за неговото разрешување.

Кога ќе утврди дека постојат причини за разрешување на определен член на Уставниот суд, Судот ќе ја извести за тоа Сојузната скупштина.

Ако член на Уставниот суд побара да биде разрешен од должност, а Сојузната скупштина не донесе одлука за ова барања во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето, Судот, по барање на членот на Судот, ќе утврди дека му престанала должноста во Судот и ќе ја извести за тоа Сојузната скупштина.

Член 9

Ако по кој и да било основ на судија на Уставниот суд му престанала должноста пред истекот на неговиот мандат, Сојузната скупштина избира на неговото место нов судија, кој останува на должност до денот кога би му истекол мандатот на судијата на кој му престанала должноста.

Член 10

Членовите на Уставниот суд уживаат имунитет.

Член на Уставниот суд не може да биде повикан на одговорност, притворен ниту казнет за изразено мислење или давање глас во Судот.

Член на Уставниот суд не може да биде притворен ниту може против него, ако се повика на имунитетот, да се поведе кривична постапка без одобрение од Судот.

Член на Уставниот суд може да биде притворен без одобрение од Судот само ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казната строг затвор во траење подолго од пет години. Во таков случај државниот орган што лишил од слобода член на Судот е должен да го извести за тоа Судот, кој ќе одлучи дали ќе се продолжи постапката односно дали решението за лишување од слобода ќе остане во сила.

Уставниот суд може да му го воспостави имунитетното право и на член на Судот што не се повикал на имунитетот.

Член 11

Уставниот суд може да одлучи член на Судот против кој е поведена кривична постапка да не ја врши должноста во Судот додека таа постапка трае.

Член 12

Членовите на Уставниот суд, пред стапувањето на должност, ја даваат пред Претседателот на Републиката оваа свечена изјава:

„Изјавувам дека должноста член на Уставниот суд на Југославија ќе ја вршам совесно, во согласност со Уставот и целите на социјалистичката општествена заедница утврдени со Уставот.“

Член 13

Претседателот на Уставниот суд го преставува Судот, претседава на расправите и седниците и врши други права и должности утврдени со овој закон, деловникот и со други општи акти на Судот.

Во случај на спреченост, претседателот на Уставниот суд го заменува судија што ќе го определи Судот.

Член 14

Стручните и административните работи во Уставниот суд ги вршат секретарот на Судот, стручните соработници и административните службеници.

Секретарот на Уставниот суд го назначува Судот, а сите други службеници претседателот на Судот.

Член 15

Финансиските средства за работа на Уставниот суд, на негов предлог, ги утврдува Сојузната скупштина во рамките на сојузниот буџет.

Член 16

Уставниот суд самостојно донесува деловник и други општи акти за својата организација и работа.

II. НАДЛЕЖНОСТ

1. Одлучување за уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти и дејство на одлуките на Уставниот суд

Член 17

Во оценувањето на уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти Уставниот суд одлучува:

1) за согласноста на закон со Уставот;

2) за согласноста на републички закон со сојузен закон;

3) за согласноста на други прописи и општи акти на органите и организациите со Уставот, сојузните закони и други сојузни прописи.

Одредбите на овој закон што се однесуваат на оценувањето на уставноста и законитоста на сојузен односно републички закон важат и за другите прописи и општи акти на Сојузната скупштина односно републичкото собрание.

Член 18

Уставниот суд ѝ дава на Сојузната скупштина, на нејзино барање или по сопствена иницијатива, мислење за согласноста на републичкиот устав со Уставот на Југославија.

Член 19

Уставниот суд е должен да поведе постапка кога ќе поднесат предлог со Уставот или сојузен закон определените органи и организации во границите на своите овластувања.

Уставниот суд е должен да поведе постапка и кога, покрај органите и организациите определени со Уставот, ќе поднесат предлог:

1) собранието на општина, околија или автономна покраина во поглед на оценувањето на уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти на работните и други самоуправни организации и органите на општествено-политичката заедница, спрема кои односното собрание врши надзор над законитоста на тие акти;

2) сојузните секретари и републичките секретари, секој во својот делокруг, освен за оценување на уставноста на закон, на согласноста на републички закон со сојузен закон, како и на уставноста и законитоста на прописите на Сојузниот и републичкиот извршен совет;

3) органот на општествено-политичка заедница што има право врз основа на уставот или закон да го запре извршувањето на пропис и друг општ акт, поради неговата несогласност со Уставот или сојузен закон.

Член 20

Кога е за поведување постапка за оценување на уставноста или законитоста овластено собранието на општествено-политичката заедница, предлог за поведување постапка може да поднесе и секој собор на собранието.

За работните и други самоуправни организации предлогот за поведување постапка го поднесува работничкиот совет односно соодветниот орган на управувањето на организацијата.

Член 21

Органот на општествено-политичка заедница што врз основа на уставот или законот ќе запре извршување на пропис или друг општ акт, поради тоа што тој не е во согласност со Уставот или сојузен закон, е должен да му поднесе на Уставниот суд предлог за оценување на уставноста и законитоста на тој акт.

Ако предлогот не биде поднесен во рок од 15 дена од денот на донесувањето на актот за запирање на извршувањето, тој акт престанува да важи.

Член 22

Предлогот за оценување на уставноста или законитоста на пропис или друг општ акт, освен сојузен пропис или општ акт, кој во исто време им е противен на Уставот на Југославија или сојузен закон и републичкиот устав или републички закон, му се поднесува на републичкиот уставен суд заради оценување на согласноста на тој пропис или друг општ акт со републичкиот устав и со републички закон.

Ако републичкиот уставен суд одлучи дека е прописот или друг општ акт согласен со републичкиот устав или со републички закон, ќе му го достави предметот на Уставниот суд заради оценување на согласноста на тој пропис или општ акт со Уставот на Југославија или со сојузен закон.

Уставниот суд може, по сопствена иницијатива или на предлог од овластениот орган или организација, да поведе постапка за оценување на уставноста или законитоста на пропис или друг општ акт и пред завршетокот на постапката пред републичкиот уставен суд, ако со тој пропис или општ акт очигледно се повредени правата на федерацијата.

Член 23

При одлучувањето за уставноста или законитоста на пропис или друг општ акт, Уставниот суд не е врзан за предлог и може да ја испитува уставноста односно законитоста и на оние одредби од тој пропис или акт чија несогласност со Уставот или со сојузен закон предлагачот не ја истакнува.

Член 24

Уставниот суд може, со оглед на околностите утврдени во претходна постапка, пред одлучувањето да му даде можност на претставничкото тело, друг орган односно организација да ја отстрани несогласноста на прописот или другиот општ акт со Уставот односно сојузен закон.

Член 25

Кога Уставниот суд во текот на постапката ќе утврди дека сојузен закон не е во согласност со Уставот или дека републички закон не е во согласност со Уставот или со сојузен закон, својата одлука за тоа ќе ја објави на седница во присуство на учесниците и за тоа веднаш ќе ја извести Сојузната скупштина односно републичкото собрание.

Ако Скупштината односно собранието во рок од шест месеци од денот на објавувањето на одлуката на Уставниот суд не го доведе законот во согласност со Уставот односно со сојузен закон, Судот со своја одлука ќе утврди дека тој закон престанал да важи.

Кога ќе утврди дека републички закон не е во согласност со Уставот или со сојузен закон, Уставниот суд ќе одлучи, до донесувањето на конечната одлука за тоа, да не се применуваат одредбите од републичкиот закон што не се во согласност со Уставот, односно со сојузниот закон. Ако во случај на несогласност на републички закон со сојузен закон утврди дека сојузниот закон не е во согласност со Уставот, Уставниот суд ќе одлучи, до донесувањето конечната одлука за тоа, да не се применуваат одредбите од сојузниот закон што не се во согласност со Уставот.

Кога Уставниот суд ќе утврди дека републички закон не е во согласност со Уставот или со сојузен закон, може тој закон веднаш да го укине ако со него очигледно се повредени правата на федерацијата.

Член 26

Кога ќе утврди дека некој пропис, освен закон, или дека друг општ акт не е во согласност со Уставот или со сојузен закон, Уставниот суд со своја одлука ќе го поништи или укине тој пропис односно општ акт.

При одлучувањето дали некој пропис ќе го поништи или укине, Уставниот суд ќе ги земе предвид сите околности што се од интерес за заштитата на уставноста и законитоста, а особено тежината на повредата на Уставот или законот, природата и значењето на повредата на правата на граѓаните или организациите, односите што се воспоставени врз основа на таков пропис или друг општ акт, како и интересот на правната сигурност.

Член 27

Одлуката на Уставниот суд за утврдување на несогласноста на сојузен закон со Уставот односно на републички закон со Уставот или со сојузен закон, за престанок на важењето на закон, за укинување на републички закон, како и за поништување или укинување на друг пропис или општ акт, може да се однесува на сите или само на одделни одредби од закон, друг пропис или општ акт.

Член 28

Кога во постапка за оценување на уставноста и законитоста најде дека закон или друг пропис не е во спротивност со Уставот или со сојузен закон, но дека во примената му се дава смисла спротивна на Уставот или сојузниот закон, Уставниот суд може по повод примената на тој пропис со одлука да ја утврди неговата смисла која му одговара на Уставот односно сојузниот закон.

Член 29

Сојузниот и републичкиот закон за кои е со одлука на Уставниот суд утврдено дека престанале да важат, републичкиот закон што е укинат, како и друг пропис или општ акт што е со одлука на Судот укинат или поништен, нема да се применуваат од денот на објавувањето на одлуката на Судот во службениот весник на федерацијата.

Овие закони, други прописи и општи акти не можат да се применуваат ниту на односите што настанале пред денот на објавувањето на одлуката на Судот, ако до тој ден не се правносилно решени.

Член 30

Од денот на објавувањето во службениот весник на федерацијата на одлука на Уставниот суд за престанок на важењето на закон, за укинување на републички закон, или за поништување или укинување на некој друг пропис или општ акт, нема да се применуваат прописите и другите општи акти за нивното спроведување, ако од одлуката на Судот произлегува дека тие прописи или општи акти му се противни на Уставот или сојузниот закон.

Уставниот суд може со своја одлука изречно да укине односно поништи такви прописи и други општи акти за спроведување на закон, друг пропис или општ акт

Член 31

Одлуката на Уставниот суд со која е утврдено дека престанал да важи закон или со која се укинува републички закон, друг пропис или општ акт, ги произведува во поглед на конечните и правносилните поединечни акти донесени врз основа на таков закон, друг пропис или општ акт, следните правни дејства:

1) секој на кој му е изречена казнена санкција има право да бара од судот односно од друг надлежен орган измена на поединечниот акт со кој му е изречена казнената санкција;

2) секој на кој со поединечен акт му е повредено со Уставот утврденото право на самоуправувањето или друго основно право или слобода, има право од судот, друг орган односно организација што го донесла поединечниот акт да бара измена на тој акт, ако од денот на доставувањето на поединечниот акт до денот на донесувањето на одлуката на Уставниот суд не поминале повеќе од шест месеци;

3) Уставниот суд може да одлучи секој на кој со поединечен акт му е повредено со Уставот утврденото право на самоуправувањето или друго основно право или слобода, да има право да бара измена на поединечниот акт и кога од денот на доставувањето на поединечниот акт до денот на донесувањето на одлуката на Судот поминале поповеќе од шест месеци;

4) Уставниот суд може да одлучи дека судот, друг надлежен орган односно организација, по барање на граѓанин или организација чие со закон утврденото право е повредено, се должни да ги изменат сите или одделни видови поединечни акти со кои е таквото право повредено, а кои на странките им се доставени на определено време пред донесувањето на одлуката на Судот.

Предлог за измена на поединечен акт може да се поднесе во рок од шест месеци од денот на објавувањето на одлуката на Уставниот суд во службениот весник на федерацијата.

Со закон може да се определи да можат и во други случаи, под условите што ќе ги определи законот, да се изменат правносилните поединечни акти донесени врз основа на закон што престанал да важи или врз основа на републички закон, или друг пропис или општ акт, што е укинат.

Член 32

Кога Уставниот суд ќе поништи некој пропис или друг општ акт, секој на кој со правносилен поединечен акт донесен врз основа на тој пропис или општ акт му е повредено право, има право да бара од судот односно друг орган или организација што го донесла поединечниот акт измена на тој акт.

Предлогот за измена на поединечниот акт се поднесува во рок од шест месеци од денот на објавувањето на одлуката на Уставниот суд во службениот весник на федерацијата.

Член 33

Не може да се дозволи ниту спроведува извршување на правносилен поединечен акт донесен врз основа на закон што престанал да важи, врз основа на републички закон што е укинат или врз основа на друг пропис или општ акт што е поништен или укинат. Ако е започнато извршувањето, тоа ќе се запре.

Член 34

Уставниот суд може во одлуката со која утврдува дека закон престанал да важи или дека републички закон се укинува, или дека друг пропис или општ акт се поништува или укинува, да го изнесе своето мислење за тоа кој пропис односно правни правила ќе се применуваат додека не се донесе нов пропис во согласност со Уставот односно со сојузниот закон.

Член 35

Кога е прописот или друг општ акт во текот на постапката за оценување на уставноста или законитоста доведен во согласност со Уставот односно со сојузниот закон, Уставниот суд ќе ја запре постапката.

Уставниот суд нема да ја запре постапката туку со одлука ќе утврди дека прописот или друг општ акт по повод на кој е поведена постапката не бил во согласност со Уставот односно со сојузниот закон, ако со закон не е предвидена можност за измена на поединечните акти во согласност со чл. 31 и 32 од овој закон, а Судот смета дека таквата можност треба да се предвиди. Оваа одлука на Судот го има во поглед на поединечните акти истото правно дејство како одлука со која се утврдува дека закон престанал да важи, со која републички закон се укинува, односно со која се укинува или поништува друг пропис или општ акт

2. Одлучување за заштита на основните права и слободи повредени со поединечен акт или дејствие

Член 36

Уставниот суд одлучува за заштита на правата на самоуправувањето и другите основни права и слободи утврдени со Уставот, кога тие права и слободи се повредени со поединечен акт или дејствие на органи на федерацијата или на централни органи на организациите чија дејност во вршењето на јавните овластувања се простира на територијата на цела Југославија и во другите случаи што ќе ги определи сојузен закон, а не е обезбедена друга судска заштита.

Судската заштита на правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи не е обезбедена, ако со закон не е предвидена надлежност на друг суд.

Предлог за заштита на правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи што се повредени со поединечен акт може да се поднесе само ако се користени редовни правни средства за заштита на овие права и слободи.

Член 37

Предлог за поведување постапка за заштита може да поднесе секој чиешто со Уставот утврдено право на самоуправување или друго основно право или слобода е повредено.

Предлог за поведување постапка може по согласување на својот член од неговото име да поднесе и општествено-политичка организација, како и здружение кое според своите правила има задача да ги штити правата чија заштита се бара пред Уставниот суд.

Член 38

Предлогот за поведување постапка се поднесува во рок од три месеци од денот на доставувањето на поединечниот акт односно најдоцна три месеци од денот на престанокот на дејствието.

Член 39

Кога ќе утврди дека е со поединечен акт на некој орган или организација повредено со Уставот утврденото право на самоуправувањето или друго основно право или слобода, Уставниот суд, според околностите на случајот, ќе го поништи, укине или измени тој акт и ќе определи да се отстранат последиците што се произлезени од таквиот акт.

Кога ќе утврди дека е со дејствие на некој орган или организација повредено со Уставот утврденото право на самоуправувањето или друго основно право или слобода, Уставниот суд ќе го забрани секое понатамошно вршење на такво дејствие и, според околностите на случајот, ќе определи да се отстранат последиците што се произлезени од таквото дејствие.

Ако е за време на траењето на постапката потреба да се спречи дејството на поединечен акт или дејствие, Уставниот суд може да определи привремени мерки за спречување на повредите на основното право или слобода.

Член 40

Ако е со поединечен акт или дејствие повредено со Уставот утврденото право на самоуправувањето или друго основно право или слобода на повеќе лица, а само некои од тие лица поднесле предлог за поведување постапка, Уставниот суд може, со оглед на природата на повредата и нејзините последици, да ги извести лицата што не поднесле предлог дека можат да ѝ се придружат на постапката.

Член 41

Ако во текот на постапката поединечниот акт биде поништен, укинат или изменет во согласност со барањето на предлагачот, или ако престанало дејствието што ја предизвикало повредата на основните права и слободи, Уставниот суд ќе ја запре постапката.

Член 42

Ако утврди дека постојат различни правни сфаќања во поглед на примената на одредбите од Уставот за правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи или дека на тие одредби им се дава смисла што му е спротивна на Уставот, Уставниот суд може со цел за обезбедување единствена примена на Уставот да заземе начелен став со кој ја утврдува смислата на тие одредби од Уставот.

Уставниот суд може да заземе начелен став во поглед на смислата на одредбите од Уставот за правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи по сопствена иницијатива или на предлог од врховниот суд на федерацијата или републичкиот уставен суд.

3. Решавање на споровите помеѓу општествено-политичките заедници

Член 43

Уставниот суд ги решава споровите за правата и должностите помеѓу федерацијата и републиката, помеѓу републиките и помеѓу други општествено-политички заедници од териториите на разни републики, ако за решавање на такви спорови со закон не е предвидена надлежност на друг суд, како и споровите за разграничување помеѓу републиките.

Предлогот за решавање на спор го поднесува општествено-политичката заедница која смета дека е повредено нејзиното право.

Член 44

Решавајќи ги споровите за правата и должностите помеѓу општествено-политичките заедници, Уставниот суд може да утврди дека е со некој акт или дејствие на една општествено-политичка заедница повредено правото на друга таква заедница, да утврди определена обврска на општествено-политичката заедница, како и да определи да се отстранат последиците од таквиот акт или дејствие.

Член 45

Во спор за разграничување помеѓу републиките Уставниот суд одлучува за спорното прашање што се појавило во примената на актот со кој е определена границата помеѓу републиките.

4. Решавање на судирањата на надлежностите

Член 46

Уставниот суд решава за судирањето на надлежностите помеѓу судовите и сојузните органи, како и помеѓу судовите и други државни органи од териториите на разни републики.

Член 47

Кога ќе настане судирање на надлежностите помеѓу судови и сојузни органи или помеѓу судови и други државни органи од териториите на разни републики, поради тоа што и судот и другите државни органи ја прифаќаат надлежноста во ист предмет, предлог за решавање на судирањето на надлежностите поднесува судот или друг државен орган помеѓу кои настанало судирањето на надлежностите, или сојузниот јавен обвинител.

Уставниот суд може да определи, до донесување на неговата одлука, да се прекине постапката и пред судот и пред другиот државен орган.

Член 48

Кога ќе настане судирање на надлежностите помеѓу судови и сојузни органи или помеѓу судови и други државни органи од териториите на разни републики, поради тоа што и судот и другите државни органи ја одбиваат надлежноста во ист предмет, предлог за решение на судирањето на надлежностите може да поднесе секој кој поради одбивањето на надлежноста не можел да го оствари своето право, или сојузниот јавен обвинител.

III. ПОСТАПКА

1. Заеднички одредби

Член 49

Уставниот суд ја спроведува постапката врз основа на одредбите на овој закон, а во прашањата што не се уредени со овој закон може согласно да ги примени соодветните правила на процесните закони.

Член 50

Предлогот за поведување постапка му се поднесува непосредно на Уставниот суд.

Предлогот содржи определено барање, како и факти и докази врз кои се засновува барањето.

Предлагачот ќе ги приложи кон предлогот писмените докази со кои располага.

Член 51

Судовите и други државни органи, работните и други организации, како и носителите на јавни и други општествени функции, се должни да му даваат на Уставниот суд, на негово барање, податоци и известувања потребни за работата на Судот.

Член 52

Во постапката пред Уставниот суд органите и организациите ги застапуваат нивните претставници односно застапници.

Учесниците во постапката и нивните претставници односно застапници можат да ги застапуваат полномошници врз основа на полномошно издадено за застапување пред Уставниот суд.

Член 53

Во смисла на овој закон како учесник во постапката се смета:

органот, организацијата или граѓанинот, што е овластен да поднесе предлог за поведување постапка;

органот или организацијата против чиј општ акт е поднесен предлог за оценување на уставноста или законитоста, или против чиј поединечен акт или дејствие е поднесен предлог за заштита на правото на самоуправувањето или друго право или слобода утврдена со Уставот;

општествено-политичката заедница за чие право или должност се води спор или на која се однесува спор за разграничување;

судот или органот што во случај на судирање на надлежностите ја прифаќа или одбива надлежноста во спор за судирање на надлежностите.

Член 54

Секој учесник во постапката ги поднесува своите трошоци, ако Уставниот суд од оправдани причини не одлучи поинаку.

Член 55

Во постапката пред Уставниот суд не се плаќа такса.

2. Претходна постапка

Член 56

Предлогот за поведување постапка претходно го испитува судијата на Уставниот суд определен со распоредот на работите, кој проверува дали постојат процесни претпоставки и други услови за водење на постапката и за одлучување за самото барање.

Член 57

Заради разјаснувања на состојбата на работата определениот судија може да бара потребни известувања од предлагачот и други учесници во постапката, како и од државни органи, организации и граѓани. Тој може да побара и мислење од стручњаци, да сослуша сведоци и вештаци и да изведе други докази, како и да бара да се изведат одделни докази пред друг суд или орган.

Судијата им доставува препис од предлогот на другите учесници и им го определува рокот за доставување одговори на наводите и доказите што ги содржи предлогот.

Член 58

Во текот на претходната постапка за оценување на уставноста или законитоста на прописи и други општи акти определениот судија може да му предложи на Уставниот суд пред одлучувањето да му се даде можност на претставничкото тело, друг орган односно организација да ја отстрани несогласноста на својот акт со Уставот односно со сојузниот закон.

Определениот судија може да му предложи на Уставниот суд да одлучи во седница и за други прашања што се однесуваат на претходната постапка.

Член 59

Ако во текот на претходната постапка определениот судија најде дека Уставниот суд очигледно не е надлежен или дека предлогот не е поднесен во рокот определен со законот, тој ќе го предупреди за тоа предлагачот и ќе побара од него да се изјасни дали и понатаму останува при својот предлог. Ако предлагачот во рок од петнаесет дена не го извести Судот дека останува при предлогот, ќе се смета дека се откажал од предлогот.

Судијата може да го предупреди предлагачот и за други процесни смеѓавања што спречуваат да се расправува за работата и може да побара од него да се изјасни дали останува при предлогот. Ако предлагачот во рокот што ќе го определи судијата не го извести Уставниот суд дека се откажува предлогот, Судот ќе донесе одлука за предлогот.

Член 60

Определениот судија ќе ги испита претходно и претставките со кои се бара Уставниот суд да ја оцени уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт и ќе собере податоци и известувања што се потребни за одлучување за тоа дали Судот ќе ја поведе постапката.

Член 61

По повод на претставка со која се бара Уставниот суд да ја оцени уставноста или законитоста на пропис или друг општ акт, како и по повод на барање на член на Судот да се поведе постапка за оценување на уставноста или законитоста на таков акт, Судот претходно во седница одлучува дали ќе поведе постапка.

Претходната постапка се спроведува согласно со чл. 56 до 58 на овој закон и кога Уставниот суд по повод на претставка или барање на член на Судот или во други случаи по своја иницијатива ќе одлучи да поведе постапка. Претходната постапка може да се спроведе и пред да одлучи Уставниот суд да поведе постапка.

Кога по повод на претставката ќе најде дека нема основ за поведување постапка, Уставниот суд ќе го извести за тоа подносителот на претставката.

Член 62

По завршената претходна постапка определениот судија му го доставува на претседателот на Уставниот суд предметот со сите списи.

Ако во текот на претходната постапка најде дека не постојат процесни претпоставки за одлучување за сушноста на работата, определениот судија ќе му предложи на претседателот на Уставниот суд да го изнесе предметот на решавање на седница. Во тој случај нема да им се доставува предлогот на другите учесници заради одговор.

Претседателот на Уставниот суд може да бара определениот судија да ја дополни претходната постапка.

3. Расправа и одлучување

Член 63

Кога ќе ги прими списите на предметот од определениот судија, претседателот на Уставниот

суд закажува расправа или, согласно со одредбите на овој закон, го изнесува предметот на решавање на седница без закажувања расправа, ако не определи да се дополни претходната постапка.

За расправата и седницата на Уставниот суд се известуваат сите членови на судот.

Член 64

Уставниот суд одлучува врз основа на расправа во сите случаи, освен кога е со овој закон предвидено дека може да се одлучува на седница без расправа.

Член 65

Расправата е јавна, но Уставниот суд може од оправдани причини да одлучи расправата да се одржи без присуство на јавноста.

На расправата се повикуваат учесниците во постапката, како и претставниците на органите и организациите и други лица чие учество на расправата е потребно.

Изостанокот на учесниците во постапката и на други повикани лица не го спречува Уставниот суд да ја спроведе постапката и да донесе одлука.

Член 66

Определениот судија на Уставниот суд ја излага на расправата состојбата на работата, не изнесувајќи свое мислење, а потоа учесниците во постапката имаат право да ги изнесат и образложат своите ставови и барања.

Во оправдани случаи, а особено кога е потребно да се прибаваат докази, Уставниот суд може да ја одложи расправата и да закаже нова.

По завршеното расправување Уставниот суд пристапува на седница кон советување и гласање.

Член 67

Уставниот суд може на седница без расправа да одлучува за отфрлање на предлогот, кога не е надлежен за одлучување за предлогот, кога подносителот на предлогот не е овластен за поведување постапка, кога предлогот не е поднесен во рокот предвиден со законот, кога постојат услови за запирање на постапката, кога Судот веќе одлучил за таа работа, или кога не постојат други процесни претпоставки за одлучување за сушноста на работата.

Кога Уставниот суд со решение ќе отфрли предлог поради тоа што не е надлежен за одлучување, може да го упати предлогот до надлежниот суд или друг орган и за тоа ќе го извести предлагачот.

Член 68

Уставниот суд одлучува со мнозинство гласови на сите членови на Судот.

При одлучувањето на седницата присуствуваат само членовите на Уставниот суд и записничарот.

Член на Уставниот суд има право да бара неговото одвоено мислење да се внесе во записникот или да се приложи кои записникот.

Член 69

Уставниот суд донесува одлуки и решенија.

Уставниот суд донесува одлука кога одлучува за сушноста на работата, а во сите други случаи донесува решение.

Одлуките и решенијата на Уставниот суд мораат да бидат образложени.

4. Доставување и објавување на одлуките и решенијата

Член 70

Одлуките и решенијата на Уставниот суд му се доставуваат на предлагачот на јазикот на оној народ на Југославија на кој е составен предлогот, а на другите учесници — на јазикот на народот на Југославија кој се зборува во републиката од каде е учесникот.

Член 71

Одлуките на Уставниот суд со кои се утврдува дека закон престанал да важи или дека се укинува, или да не се применуваат до донесувањето на конечна одлука одредбите од сојузниот односно републичкиот закон (член 25 став 3), како и одлуките со кои се укинува или се поништува друг пропис или општ акт, се објавуваат во службениот весник на федерацијата.

Одлуката на Уставниот суд со која се утврдува дека републички закон престанал да важи или со која републички закон се укинува, или да не се применуваат до конечната одлука одредбите од републичкиот закон (член 25 став 3), како и одлуката со која некој друг пропис или општ акт се укинува или се поништува, се објавува и во службениот весник во кој тој закон, друг пропис или општ акт бил објавен.

Уставниот суд може да определи и други поважни одлуки и решенија, во целина или во извод, да се објават во службениот весник на федерацијата или во други службени весници.

Издавачите на службените весници, по барање на Уставниот суд, се должни без надоместок да ги објавуваат одлуките и решенијата на Судот.

5. Извршување на одлуките

Член 72

Судовите и други државни органи, роботните и други самоуправни организации, како и носителите на јавни и општествени функции, се должни, во рамките на својот делокруг, да ги извршуваат одлуките на Уставниот суд.

Ако се укаже потреба, по барање на Уставниот суд, извршувањето на неговите одлуки го обезбедува Сојузниот извршен совет.

Член 73

Уставниот суд во секој одделен случај, според природата на одлуката, определува кои органи и на кој начин ќе ја извршат неговата одлука.

Член 74

Ако државниот орган, општествено-политичката заедница или организацијата не постапи според одлуката на Уставниот суд со која е определена нивната обврска, или со која е забрането понатамошното вршење на определено дејствие, или е наложено да се отстранат последиците од актот или дејствието, Судот ќе го извести за тоа надлежното собрание или друг овластен орган, кој спрема одговорното лице ќе преземе мерки поради неизвршување на одлуката на Судот.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 75

До усогласувањето на Законот за управните спорови со Уставот, против секој конечен поединечен акт со кој е повредено со Уставот утврдено право на самоуправувањето или друго основно право или слобода може да се води управен спор и кога е со важечките закони исклучен управен спор, освен ако е за заштита на тие права и слободи предвидена друга судска заштита.

При усогласувањето на Законот за управните спорови ќе се пропише во кои случаи за заштитата на правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи утврдени со Уставот, кога е таквото право или слобода повредена со дејствие, одлучуваат редовните судови.

Член 76

Одредбите на овој закон што се однесуваат на заштитата на правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи утврдени со Уставот, се применуваат само ако е поединечниот акт со кој е повредено таквото право или слобода донесен по прогласувањето на Уставот, односно ако е дејствието со кое е повредено таквото право или слобода преземено по прогласувањето на Уставот или уште трае.

Роковите за поднесување барање за заштита на правото на самоуправувањето и другите основни права и слободи утврдени со Уставот што се повре-

дени со поединечен акт или дејствие, ако според одредбите од овој закон или на Законот за управните спорови почнуваат да течат пред денот на влегувањето во сила на овој закон, не можат да истечат пред да поминат два месеца од денот на неговото влегување во сила.

Член 77

На претседателот и судиите на Уставниот суд избрани пред влегувањето во сила на овој закон, мандатот им се смета од денот на изборот.

Сојузниот собор на Сојузната скупштина ќе определи, до почетокот на работата на Судот, на кои избрани судии им трае мандатот четири години.

Член 78

Систематизацијата на работните места, како и платите на службениците на Уставниот суд, ги утврдува Судот во рамките на средствата предвидени со сојузниот буџет.

Претседателот на Уставниот суд може да го овласти секретарот на Судот да донесува решенија за назначување службеници на определени работни места.

Дисциплински старешина за службениците на Уставниот суд е секретарот на Судот.

За постапка по дисциплинските престапи што ќе ги сторат службениците на Уставниот суд е надлежен во прв степен првостепениот дисциплински суд при Сојузниот извршен совет, а во втор степен — Сојузниот виши дисциплински суд.

Решенијата што ги донесува Уставниот суд или претседателот на судот за назначување и за други службенички односи што повлекуваат промена на звање или промена во плата, не подлежат на оцена на законитоста во смисла на членот 79 од Законот за јавните службеници.

Член 79

До усогласувањето на Законот за административните такси и Законот за судските такси, нема да се плаќа такса во постапката пред републичките уставни судови.

Член 80

Уставниот суд почнува со работа на 15 февруари 1964 година.

Член 81

Овој закон влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

716.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П.Р. бр. 20
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Своето учество во финансирањето на инвестициите од суштествено значење за усогласувањето и насочувањето на стопанскиот развој во Југославија федерацијата го остварува преку специјализираните банки.

Заради остварување на овие цели на специјализираните банки можат од средствата на федерацијата наменети за инвестиции да ѝм се даваат дополнителни средства во вид на кредит или за зголемување на нивните кредитни фондови.

Износите на овие средства се утврдуваат со сојузен закон, и тоа, по правило, за повеќе години однапред.

Член 2

Приходите што му припаѓаа според важечките прописи на Општиот инвестиционен фонд се приход на федерацијата за финансирање на инвестиции во стопанството. Тие приходи и приходите што ги предвидува Општествениот план на Југославија за финансирање на инвестиции во стопанството, се внесуваат на посебна сметка на федерацијата, која се води кај Народната банка.

Член 3

Ако поради општиот интерес, врз основа на општествениот план на Југославија, закон или прописи донесени врз основа на нив, во кредитирањето на определени инвестиции се отстапува од редовниот начин и условите на банкарското кредитирање, со договор склучен помеѓу федерацијата и специјализираната банка ќе се утврдат условите и начинот на кредитирањето, како и евентуалните обврски на федерацијата спрема банката во врска со тоа кредитирање. Договорот од името на федерацијата го склучува Сојузниот секретаријат за финансии.

Ако не се постигне спогодба, во смисла на ставот 1 од овој член, кредитирањето на определени инвестиции според тој став се регулира со посебен закон со кој ќе се определат правата и обврските на федерацијата и банката.

Член 4

Ако е со општествениот план на Југославија или со сојузен закон предвидено определени инвестиции да се финансираат без обврска за враќање, од средствата на федерацијата за финансирање на инвестиции ќе ѝ се ставаат на располагање на специјализираната банка определени средства без обврска за враќање.

Ако федерацијата склучи заем во земјата или во странство, од кој ќе се финансираат инвестиции без обврска за враќање, средствата за извршување на обврските по овој заем федерацијата ќе ѝ ги обезбеди на специјализираната банка преку која се врши финансирањето на овие инвестиции.

Член 5

Специјализираните банки ги користат средствата за инвестиции во стопанството со кои располагаат согласно со сојузните прописи за работењето на банките и за кредитните и други банкарски работи, раководејќи се со начелата на економското и рационално вложување.

Во своето работење специјализираните банки се должни да го обезбедат извршувањето на целите и задачите на стопанскиот развој утврдени со општествениот план на Југославија.

Член 6

До донесувањето на закон за фондот за развој на стопански недоволно развиените републики и краишта, финансирањето на инвестициите на овие подрачја ќе го врши Југословенската инвестициона банка од средствата на федерацијата за финансирање на инвестиции во стопанството — во

износот утврден со Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година.

Член 7

Општиот инвестиционен фонд се укинува.

Средствата на укинатиот Општ инвестиционен фонд се пренесуваат врз специјализираните банки според состојбата на тие средства по завршната сметка на Фондот за 1963 година.

Врз специјализираните банки се пренесуваат и ангажираните а непотрошени средства на Општиот инвестиционен фонд од 1963 година, со тоа тие да можат во 1964 година да ги употребат за истите намени за кои во 1963 година тие средства биле ангажирани според нивната состојба по завршната сметка на Фондот за 1963 година.

Средствата од ст. 2 и 3 на овој член специјализираните банки ги внесуваат во своите кредитни фондови.

Член 8

По исклучок од одредбата на членот 7 на овој закон, средствата што врз основа на сојузните општествени планови за 1961, 1962 и 1963 година се дадени преку Општиот инвестиционен фонд, како посебни средства за унапредување на развитокот на недоволно развиените подрачја не се пренесуваат во кредитните фондови на специјализираните банки. Овие средства ги води Југословенската инвестициона банка на посебна сметка.

Член 9

Обврските по заемите што ги склучила федерацијата до 31 декември 1963 година во земјата или во странство за финансирање на определени објекти, ќе ги извршува специјализираната банка што ја финансира изградбата на тие објекти.

Член 10

Ненамирените обврски по договорите за кредити што ги склучила федерацијата со Народната банка за покривање на вишокот на расходите над приходите на Општиот инвестиционен фонд што настанал до 31 декември 1963 година, ќе ги намири федерацијата.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Уредбата за општествените инвестициони фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/56, 6/57 и 12/60) што се однесуваат на Општиот инвестиционен фонд.

Републиките, околиите и општините можат да одлучат во финансирањето на инвестиции да учествуваат со средствата со кои располагаат на начинот согласен со начелата на овој закон.

Ако општествено-политичките заедници од ставот 2 на овој член одлучат во финансирањето на инвестиции да учествуваат согласно со начелата на овој закон, Уредбата за општествените инвестициони фондови нема да се применува на територијата на тие општествено-политички заедници.

До донесувањето на прописи за усогласување со Уставот на важечките прописи за приходите на општествено-политичките заедници за инвестиции, општествено-политичките заедници не можат да ја менуваат намената на средствата остварени од тие приходи.

Член 12

Сојузниот секретаријат за финансии ќе донесе, по потреба, поблиски прописи за завршната сметка на Општиот инвестиционен фонд за 1963 година, за пренесувањето на средствата на Општиот инвестиционен фонд во смисла на одредбите на овој закон и за начинот на пренесувањето на средствата од сметката на федерацијата заради финансирање на инвестиции во стопанството.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

717.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1964 ГОДИНА

Се прогласува Законот за заемот за инвестиции во стопанството за 1964 година, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 21
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН
ЗА ЗАЕМОТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1964 ГОДИНА

Член 1

Заради обезбедување дополнителни средства за извршување на инвестициите од значење за општиот стопански развој во 1964 година во износ од 90 милијарди динари предвидени во Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година, се распишува заем на федерацијата според одредбите од овој закон.

Член 2

Заем на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1964 година (во понатамошниот текст: заем) запишуваат стопанските организации, деловните банки и општествено-политичките заедници, и тоа:

1) стопанските организации и деловните банки — во височина од 25% од средствата на резервниот фонд, според состојбата на тој фонд по завршната сметка за 1963 година. Како резервен фонд во смисла на оваа одредба се подразбира задолжителниот дел на тој фонд, а кај деловните банки и делот од резервниот фонд што служи за покривање на ненаплативите побарувања;

2) деловните банки — во височина од 10% од средствата што ќе ги внесат во кредитниот фонд според својата завршна сметка за 1963 година;

3) општествено-политичките заедници од средствата на општествените инвестициони фондови — во височина од 10% од сите средства што во текот на 1964 година ќе се уплатат во тие фондови. Општествено-политичките заедници што врз основа на Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) ќе ги укинат своите општествени инвестициони фондови запишуваат заем од средствата што би се уплатиле во тие фондови ако тие не би биле укинати.

Заем нема да се запишува од средствата на федерацијата што според важечките прописи и општествениот план на Југославија се наменети за инвестиции.

Член 3

Стопанските организации запишуваат заем и од средствата што од остварениот чист приход според завршната сметка за 1963 година ќе ги внесат во деловниот фонд, во фондот за заедничка потрошувачка и во незадолжителниот дел на резервниот фонд, и тоа во височина од 10% од тие средства.

Зависно од стопанските движења и остварувањата на приходите на федерацијата, Сојузниот извршен совет ќе одлучи кога настанува обврска на

стопанските организации да запишат заем од средствата според ставот 1 на овој член.

Додека Сојузниот извршен совет не донесе ваква одлука стопанските организации не можат да ги користат средствата во височината во која се должни да го запишат заемот.

Сојузниот извршен совет е должен за одлуката за запишување заем од средствата од ставот 1 на овој член да ја извести Сојузната скупштина,

Сојузниот извршен совет може, зависно од остварувањето на приходите на федерацијата и од стопанските движења, да го намали процентот од ставот 1 на овој член односно да ги ослободи стопанските организации од обврската да запишат заем. Со донесувањето на оваа одлука престанува ограничувањето во поглед на користењето на средствата на фондовите од ставот 3 на овој член.

Член 4

Средствата на заемот се пренесуваат на Југословенската инвестициона банка, на која преминуваат и сите обврски по заемот.

Емисионата и ануитетската служба по заемот ја врши Југословенската инвестициона банка.

Член 5

Запишувачите на заем истиот го уплатуваат на посебна сметка на Југословенската инвестициона банка, и тоа:

1) стопанските организации и деловните банки заемот што го запишуваат од средствата од членот 2 став 1 точ. 1 и 2 од овој закон — едновремено со доставувањето на завршната сметка за 1963 година до Службата на општественото книговодство;

2) општествено-политичките заедници — секој месец, според извршените уплати на соодветните средства;

3) стопанските организации заемот што го запишуваат од средствата од членот 3 став 1 на овој закон — во рок што ќе го определи Сојузниот извршен совет.

Член 6

На износите на запишениот заем се издаваат обврзници.

Обврзниците гласат на име и се издаваат според изворите на средствата од кои се запишува заемот, во апоени од 10.000, 50.000, 100.000, 500.000, 1,000.000, 5,000.000, 10,000.000 и 50,000.000.

Формата и текстот на обврзниците ги пропишува Сојузниот секретаријат за финансии, по предлог од Југословенската инвестициона банка.

Член 7

На заемот се плаќа интерес по норма од 3% годишно.

Интересот се плаќа наназад и почнува да тече од 1 јануари 1965 година.

Член 8

На средствата запишани како заем според одредбите од овој закон стопанските организации, деловните банки и општествено-политичките заедници не плаќаат интерес на фондовите во стопанството според прописите за плаќање на тој интерес.

Член 9

Заемот ќе се исплати во рок од 10 години, сметајќи од 1 јануари 1965 година со годишни ануитети.

Ануитетите стасуваат на 1 јануари секоја година.

Првиот ануитет стасува на 1 јануари 1966 година.

За секој ануитет кон обврзницата се издава и купон.

Член 10

Правото на наплата на ануитетот застарува за пет години од денот на неговата стасаност.

Член 11

Од сите даноци и такси се ослободуваат исправите и дејствијата во врска со исплатувањето на ануитетите, со примањата по основот на ануитетите и со стекнувањето на обврзници.

Член 12

Износите наплатени по купоните се внесуваат во фондовите од кои е уплатен заемот.

Член 13

Обврзниците на заемот можат да се полагаат како гаранција по кредити кај банката, освен кога гаранцијата се полага во вид на гарантен износ по кредитите за инвестиции. Тие ќе се примаат и наместо готови пари на име кауција што се полага при јавните наддавања и во други случаи во кои се бара полагање гаранција во готови пари.

Во случаите од ставот 1 на овој член обврзниците се сметаат според нивната номинална вредност намалена за износот на исплатените ануитети до денот на полагањето.

Член 14

Обврзниците за износите на заемот уплатени од средствата од резервниот фонд на стопанските организации и деловните банки можат да се есконтираат кај банките кога недостигаат парични средства од резервниот фонд за измирување на оние обврски за кои средствата на односниот фонд можат да се користат во смисла на важечките прописи.

Член 15

Обврзниците за износите на заемот уплатени од сите средства можат да се есконтираат кај банките ако тоа се предвиди со мерките на кредитната политика во општествениот план на Југославија.

Член 16

За враќањето на заемот гарантира федерацијата.

Член 17

Не се должни да запишуваат заем стопанските организации, деловните банки и општествено-политичките заедници на територијата на Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Автономна Покраина Косово и Метохија.

Член 18

Технички упатства за уплатување и исплатување на заемот ќе дава Југословенската инвестициона банка, во спогодба со Службата на општественото книговодство.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

718.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ОД ДОХОДОТ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за придонесот од доходот на стопанските организации, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр 30
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ОД ДОХОДОТ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63) во членот 13 се додаваат три нови става, кои гласат:

„По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, во вкупниот приход на банките, на стопанските организации што на кредит извезуваат стоки и вршат услуги или изведуваат инвестициони работи во странство, на стопанските организации што се занимаваат со продажба на кредит на определена опрема во земјата, како и на стопанските организации што се занимаваат со продажба на стоки на кредит на граѓани, можат да се засметаат и определени износи на приходите што не се наплатени.

Сојузниот извршен совет ќе ги пропише видовите на приходи што според ставот 2 на овој член можат да се засметаат во вкупниот приход и условите под кои тие приходи можат да се засметаат во вкупниот приход. Со тој пропис Сојузниот извршен совет може да определи во чистиот приход на банките од интересите од членот 87 од Законот за банките да се засметува и интересот што банките им го засметале на корисниците на кредитите.

Прописот на Сојузниот извршен совет од ставот 3 на овој член може да се применува и врз завршните сметки на банките и на стопанските организации за 1963 година."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

719.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П.Р. бр. 19
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Општи одредби

Член 1

Стопанските организации се должни, во согласност со одредбите од Законот за средствата на стопанските организации, да пресметуваат и уплатуваат амортизација на основните средства на име надоместок на потрошената вредност на тие средства во вршење на својата стопанска дејност, а по нормите определени со овој закон.

Член 2

Како стопански организации, во смисла на овој закон, се подразбираат работните организации кои според Законот за средствата на стопанските организации се сметаат кко стопански организации.

Член 3

Нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации се определени во Тарифата на нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации (во понатамошниот текст: Тарифата), која е отпечатена кон овој закон и е негов составен дел.

Член 4

Височината на нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации се утврдува зависно од векот на траењето на основните средства и од степенот на користењето на тие средства во вршењето на стопанската дејност.

Член 5

Нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации се определуваат за групи основни средства, и тоа како фиксни норми или во распон помеѓу најниска и највисока норма.

Со Тарифата се определува за кои групи основни средства се пресметува и се уплатува амортизацијата по фиксна норма, а за кои групи средства се пресметува и се уплатува амортизацијата по норма во распон помеѓу најниска и највисока норма.

II. Пресметување на амортизацијата

Член 6

За групите основни средства на стопанските организации за кои во Тарифата е пропишана фиксна норма, стопанската организација ја пресметува и ја уплатува амортизацијата по таа норма.

Член 7

За групите основни средства на стопанските организации за кои во Тарифата е пропишана норма во распон помеѓу најниска и највисока норма, стопанската организација ја пресметува и ја уплатува амортизацијата по најниската норма, ако основните средства од тие групи не ги користи во работата во повеќе од две смени.

Член 8

За групите основни средства на стопанските организации за кои во Тарифата е пропишана норма во распон помеѓу најниска и највисока норма, а кои средства ги користи во работата во повеќе од две смени, стопанската организација најниската норма на амортизацијата за основните средства од тие групи ја зголемува сразмерно со зголеменото користење на тие средства (во понатамошниот текст: зголемена норма) и по таа норма ја пресметува и ја уплатува амортизацијата.

Член 9

За групите основни средства на транспортот (ред. бр. 41 до 54) за кои во Тарифата е пропишана норма на амортизацијата во распон помеѓу најниска и највисока норма, најниската норма се зголемува во сразмера со бројот на минатите километри, ако во Тарифата за одделни групи средства не е определено поинаку.

Член 10

Мерилата за зголемување на најниските норми на амортизацијата за групите основни средства што се користат во работа во повеќе од две смени (член 8), ги утврдува работничкиот совет на стопанската организација со посебен правилник.

По исклучок, за групата основни средства железнички пруги — горни строј (ред. бр. 16б) од Тарифата, мерилата за зголемување на најниската норма на амортизацијата ги утврдува собранието на Заедницата на Југословенските железници, и тоа само

според степенот на користењето на тие средства. Врз основа на тие мерила работничкиот совет на железничкото транспортно претпријатие ја утврдува нормата на амортизацијата за таа група средства.

Член 11

Измените на мерилата за зголемување на најниските норми на амортизацијата извршени во смисла на овој закон во текот на годината, се применуваат од 1 јануари наредната година.

Член 12

Стопанските организации можат за групи основни средства за кои со Тарифата е пропишана норма во распон помеѓу најниска и највисока норма да ја утврдуваат зголемената норма посебно за погонските и други организациони единици, ако во своето книговодство тие групи основни средства ги води издвоено за тие единици.

Член 13

До конечното пресметување и уплатување на амортизацијата на основните средства на стопанските организации по зголемени норми, стопанската организација пресметува и уплатува аконтација на амортизацијата по најниски норми.

III. Пропишување на нормите за забрзана амортизација

Член 14

Амортизацијата на основните средства може за одделни групи стопански организации да се пресметува и да се уплатува по норми поголеми од нормите определени со овој закон (забрзана амортизација), ако е таквото пресметување и уплатување определено со посебен сојузен закон.

Републиките, околиите и општините можат да пропишат забрзана амортизација, со тоа разликата помеѓу забрзаната амортизација и амортизацијата пресметана по нормите пропишани со овој закон да паѓа на товар на средствата кои по распределбата на вкупниот приход на стопанските организации им припаѓаат на тие општествено-политички заедници, а кои според важечките прописи можат да се користат за инвестиции во стопанството.

IV. Заеднички одредби

Член 15

Предметите на основните средства што стопанската организација ќе ги прибави заради остварување на определено производство односно на однапред определени работи, а кои по употребата за таа цел не ќе можат да се користат како основни средства во таа стопанска организација ниту ќе можат да се продадат како основни средства, можат во целина да се амортизираат во периодот во кој се користат како основни средства.

Член 16

Стопанските организации што вршат повеќе стопански дејности се должни во своето книговодство да водат посебно евиденција за групите основни средства што служат за вршење тие дејности ако за тие групи се пропишани различни норми на амортизацијата.

V. Други одредби

Член 17

Стопанските организации од областа на шумарството и стопанските организации на дрвната индустрија не плаќаат амортизација за шумските патишта што се нивни основни средства, а со кои се служи и јавниот сообраќај.

Член 18

Нормите пропишани за групите основни средства, и тоа: суви докови за градење бродови и за градење пловечки докови (ред. бр. 3); оперативни брегови и лукобрани (ред. бр. 5); оперативни површини (ред. бр. 6); тунели и галерии (ред. бр. 14); железнички пруги — долни строј (ред. бр. 16а); пловечки докови (ред. бр. 52а); мостови, вијадукти и надвозници (ред. бр. 15), служат за утврдување на износот за кој ќе се изврши отписот (исправката) на вредноста на основните средства на крајот на годината.

За основните средства на групите наведени во ставот 1 од овој член стопанската организација не пресметува ниту уплатува амортизација.

Член 19

Нормите на амортизацијата пропишани со Тарифата ќе се применуваат и на средствата за заедничка потрошувачка, со тоа што за овие средства не се уплатува амортизација, туку тие служат за отпис (исправка) на вредноста на тие средства ако со сојузните прописи не е определено поинаку.

Член 20

Општинското собрание може да го намали полниот износ на амортизацијата на основните средства пресметана по нормите утврдени со Тарифата, определувајќи го процентот на намалувањето од полниот износ на амортизацијата за стопанските организации што се занимаваат со риболов — кога уловот на риби поради елементарни непогоди значително ќе потфрли.

Општинското собрание може да ја намали амортизацијата односно од плаќање амортизација да ослободи стопански организации на занаетчиството — за вршење лични и други услуги и стопански организации на станбено-комуналната дејност.

Општинското собрание може да ја намали амортизацијата односно од плаќање амортизација да ослободи угостителски стопански организации за давање услуги на исхрана и одмаралишта, ако овие угостителски организации ги ослободило од плаќање на придонесот од доходот.

Стопанските организации што ги користат олесненијата или ослободувањето од овој член и членот 21 на овој закон се должни книговодствените отпишувања (исправки) на вредноста на основните средства да ги вршат со примена на фиксна норма, односно со примена на најниската амортизациона норма — ако е нормата определена во распон.

VI. Преодни одредби

Член 21

Општинското собрание може во 1964 година да им ја намали амортизацијата на угостителските стопански организации за објектите што служат за давање услуги на сместување.

Член 22

Рудниците на јаглен можат во 1964 година да пресметуваат амортизација за сите групи или за некоја од групите основни средства — на вредноста на основните средства утврдена пред извршената ревалоризација според Одлуката за спроведување на ревалоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на стопанските организации.

VII. Завршни одредби

Член 23

Сојузниот секретаријат за труд и Сојузниот секретаријат за општи стопански работи донесуваат, по потреба, поблиски прописи за тоа што се смета како работа во две смени.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/57, 7/58, 9/61, 51/61, 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63).

Член 25

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

ТАРИФА
НА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Реден број на групата на основните средства	Назив на групата на основните средства (броевите во заграда ги означуваат броевите од номенклатурата на основните средства)	Норма на амортизацијата
1	2	3
	1. Градежни објекти	
1	Хидроградежни објекти на хидроелектрани (111, 112-1-2-3, 113, 114, 115, 116) — — — — — — —	1,5
2	Механичка опрема на хидроелектраните (119) — — — — — —	
	а) од дрво — — — — — —	7,0
	б) од челик — — — — — —	2,0
3	Суви докови за градење бродови и за градење пловечки докови (11-25) — — — — — — — —	1,5
4	Канали и базени за морски солани и за други потреби, освен кај хидроелектраните (112-4-5-6)	1,0
5	Оперативни брегови и лукобрани (117-1-2-3-4-5-7) — — — — —	1,5
6	Оперативни површини (117-6) —	1,5
7	Навози и мостови при навозите, патеки на дигалките и енергетски канали (117-8-9) — — — — —	1,0
8	Каптажни градежи (118-1) — —	1,5
9	Цистерни и резервоари (118-13б, 118-4):	
	а) ѕидани — — — — — — —	1,0
	б) челични — — — — — —	2,0
10	Водоводни доводи и разводна мрежа (118-3) — — — — — —	1,0
11	Канализација и збирни канали (118-5):	
	а) соноводи — — — — — —	5,0
	б) други канализации, улична и главни канали — — — — —	1,0
12	Инсталации за прочистување вода (118-2-6) — — — — — — —	1,5
13	Патишта (121):	
	а) шумско — — — — — —	6,0
	б) други — — — — — — —	1,0
14	Тунели и галерии (123) — — —	1,5
15	Мостови, вијадукти и надвозници (124):	
	а) челични, со или без столбови —	2,0
	б) масивни, со или без столбови —	1,2
	в) дрвени и провизорни — — —	14,0
16	Железнички пруги (125-1-2-3-9):	
	а) долни строј — — — — —	1,5
	б) горни строј — — — — —	1,5— 7,5
17	Контактна мрежа железничка, трамвајска и тролејбуска (125—4, 126-3-4-5):	
	а) со челични железни или бетонски столбови — — — — — —	2,8
	б) со дрвени столбови — — — —	3,3
18	Трамвајски пруги — долни строј, горни строј и преклопен уред (126-1-2-6-7-8-9) — — — — —	2,0
19	Далекуводи — комплетни (131):	
	а) со челични столбови — — —	2,0
	б) со армирано-бетонски столбови	2,0
	в) со дрвени столбови — — —	2,5
20	Мрежа и развод од низок напон (132-1-2-3) — — — — — — —	6,0
21	Кабелски водови за јака струја (132-4-5) — — — — — — —	6,0
22	ТТ-линии (133):	
	а) кабли и кабелска канализација	3,0
	б) меѓумесни, месни и ПАЗ-линии	4,9
23	СС-линии и канализација (134) —	3,0
24	Антенски столбови (135) — — —	3,5
25	Нафтоводи и гасоводи (141):	
	а) до 4″ — — — — — — —	7,0
	б) над 4″ — — — — — — —	2,0
6	Гас води на гасарн ц — — —	,0
27	Жичарници и уреди за жичарници (142) — — — — — — — —	5,0
28	Дековилски колосек (143) — — —	5,0
29	Шумски транспортни уреди — чекрци, истоварни рампи и преносни мостови (144-1-3) — — — — — —	5,0
30	Рижи (144-2) — — — — — —	5,0
31	Згради ѕидани од армиран бетон и челик, I категорија (16, 17, 18, 19):	
	а) погонски, трговски и угостителски	1,2
	б) управни и земјоделски — — —	1,1
32	Згради ѕидани, II категорија (16, 17, 18, 19):	
	а) погонски, трговски и угостителски	1,4
	б) управни и земјоделски — — —	1,2
33	Згради ѕидани, III категорија (16, 17, 18, 19):	
	а) погонски, трговски и угостителски	1,8
	б) управни и земјоделски — — —	1,4
34	Дрвени згради, со балвани (16, 17, 18, 19) — — — — — — — —	2,0
35	Згради од набој, со прекривка од трска или слама (16, 17, 18, 19) — —	2,0
36	Станбени и манипулативни бараки (16, 17, 18, 19), киосци и монтажни продавници — — — — — —	13,0
37	Други згради од дрво и слаб материјал (16, 17, 18, 19) — — — —	5,0
38	Подвижни продавници — — —	20,0
39	Камп-куќички:	
	а) од дрво и лесен материјал — —	10,0
	б) од платно (шатори и сл.) — —	20,0
40	Рударски објекти, и тоа:	
	а) извозни окна, поткопи и нископи;	
	б) вентилациони окна и други отвори до површина, изградени заради проветрување;	
	в) врска од извозното окно, поткопот и нископот до лежиштето на рудата;	
	г) главни јамски простории (навозишта, пумпи и компресорски станици);	
	д) етажи на дневни копови;	
	ѓ) сите истражувачки и експлоатациони дупнатини.	

Нормата на отписот на вредноста на секој одделен рударски градежен објект за секоја година ја утврдува стопанската организација, и тоа врз основа на векот на траењето на односниот рударски градежен објект, со оглед на предвиденото годишно производство и залихата на рудната супстанција што се експлоатира со односниот рударски градежен објект, а со примена на следната формула:

$$X = \frac{P}{Z} = 100$$

при што е:

X = норма на отписот на вредно-
P — предвидено (односно остварено) производство;

1	2	3
	Z — вкупна корисна супстанција зафатена со рударската градба при ставањето во употреба. При тоа нормата на отписот на вредноста не може да биде помала од 3% од набавната вредност.	
	2. Средства за транспорт и врски	
41	Тролејбуси (661-1) — — — — —	10,0—20,0
42	Трамваи (661-2-3-4) — — — —	3,0— 6,0
43	Автомобили:	
	а) патнички (662) — — — — —	10,0—20,0
	б) автобуси (663) — — — — —	12,0—24,0
	в) камиони (664) — — — — —	10,0—20,0
	Забелешка кон ред. бр. 41, 42 и 43: За групите на средства на транспортот под ред. бр. 41, 42 и 43, најниската норма на амортизацијата се зголемува сразмерно со бројот на минатите километри, и тоа: за тролејбуси, патнички автомобили и автобуси ако минат повеќе од 30.000 км. за камиони ако минат повеќе од 20.000 км и за трамваи ако минат повеќе од 50.000 км годишно.	
44	Трактори, моторцикли, трицикли и велосипеди (665, 666 и 667) — — —	15,0
45	Запрежни друмски возила (671) —	10,0
46	Локомотиви, тендери, моторни и електрични возови (621):	
	а) возни дизел-локомотиви и возни електрични локомотиви — — —	5,0— 7,5
	б) моторни возови и шинобуси —	7,0—10,5
	в) друго — — — — — — — —	5,0
47	Железнички коли (622, 623, 624, 625):	
	а) патнички вагони, вагони за ручање и спиење — — — —	5,0— 6,5
	б) товарни вагони — — — — —	4,5— 6,5
	в) други железнички коли — —	5,0
	Забелешка кон ред. бр. 46 под а) и б) и ред. бр. 47 под а) и б) За групите на средства на транспортот под ред. бр. 46 под а) и б) и ред. бр 47 под а) и б) најниската норма на амортизацијата се зголемува сразмерно со бројот на минати километри, и тоа: за возните дизел-локомотиви, возните електрични локомотиви, моторните возови и шинобусите, ако минат повеќе од 90.000 км, за патничките вагони, вагоните за ручање и спиење, ако минат повеќе од 60.000 км и за товарните вагони, ако минат повеќе од 170.000 км нето-тонски км годишно. Зголемувањето на најниската норма на амортизацијата за товарните вагони се врши врз основа на минати нето-тонски километри на мрежата на југословенските железници.	
48	Патнички бродови на внатрешната пловидба (641):	
	а) парни — — — — — — — —	3,4— 5,0
	б) моторни — — — — — — — —	4,0— 6,0
	в) хидробуси и хидрокрилни бродови	8,0—11,0
49	Товарници и танкови за внатрешна пловидба (642, 643, 644):	
	а) со мотор — — — — — —	4,0— 6,0
	б) без мотор и танкови — — —	3,4— 5,0
50	Бродови за влечење за внатрешна пловидба (645):	
	а) парни — — — — — — —	3,4— 5,0
	б) моторни — — — — — —	4,0— 6,0
51	Поморски и поморско-речни бродови и реморкери (631, 632, 633, 634):	
	а) патнички и патничко-товарни бродови — — — — — — —	4,0— 5,0
	б) други — — — — — — —	4,0— 6,7
	Забелешка кон ред. бр. 48 до 51: За групите на средства на транспорт под ред. бр. 48, 49, 50 и 51 мерилата за зголемување на најниската норма на амортизацијата според степенот на нивното користење ги утврдува работничкиот совет на стопанските организации на поморскиот и речниот сообраќај со посебен правилник.	
52	Технички пловни објекти (635):	
	а) пловечки докови — — — —	1,5
	б) други — — — — — — —	6,0
53	Други пловни објекти (636) — —	6,5
54	Воздухоплови (651—652):	
	а) со клипен мотор — — — —	10,0
	б) турбо-млазни — — — — —	12,[illegible]
	в) хеликоптери — — — — —	12,4
55	Телеграфски и радио-уреди (681) —	7,8
56	Високофреквентни телефонски уреди (682) — — — — — — —	6,7
57	Телефонски централи и апарати (683) — — — — — — — —	6,0
58	Други средства на ПТТ-врски (684, 689) — — — — — — — —	5,0
59	Радио-телевизиски дифузни уреди	8,0
	3. Општа опрема	
60	Парни котли и гасни генератори (31)	5,5
61	Машини работилници за обработка на метал и дрво (43 и 44) — — —	7,0— 9,8
	4. Машини, уреди и друга во Тарифата неспоменета опрема	
62	Термоцентрали — — — — —	5,5
63	Хидроцентрали — — — — —	4,5
64	Дистрибуција на електрична енергија — — — — — — — —	6,0
65	Рудници на јаглен, метали и неметали:	
	а) копачки, багери и скрепери —	11,0
	б) сушарници на лигнит — — —	4,0
	в) друго — — — — — — — —	16,5
66	Гасарници и коксарници — — —	4,0
67	Производство на нафта — — —	15,0
68	Преработка на нафта — — — —	7,0
69	Железарници:	
	а) високи печки, електро високи печки и нискошахтни печки —	5,0
	б) други печки — — — — —	6,0
	в) друго — — — — — — —	6,5
70	Обоени метали:	
	а) глиница и алуминиум — — —	5,0
	б) валачници на бакар — — —	6,0
	в) други обоени метали — — —	7,0
71	Производство на стакло, стаклена волна и други производи од стакло:	
	а) континуирани кади и печки —	6,0
	б) друго — — — — — — —	6,0— 8,4
72	Друга преработка на неметали:	
	а) печки и сушилници — — —	6,0
	б) друго — — — — — — —	6,5— 9,0

1	2	3
73	Метална индустрија и бродоградба	7,0— 9,8
74	Електроиндустрија:	
	а) електронска индустрија (производство на рендген-апарати, радио-апарати, телевизори и уреди и сл.) — — — — — — —	8,5—11,9
	б) друга електроиндустрија — —	7,5—10,5
75	Хемиска индустрија:	
	а) големохемиска индустрија, производство на вискозни влакна, преработка на катран и производство на препарати за текстил и кожа — — — — — —	9,0
	б) фармацеутско-хемиска (синтеза и екстракција) индустрија — —	14,0
	в) друга хемиска индустрија — —	8,0
76	Производство на градежни материјали:	
	а) печки — — — — — —	8,0
	б) друго — — — — — —	8,0—11,2
77	Дрвна индустрија:	
	а) пилани — — — — — —	7,5—10,5
	б) лесонит-плочи, плочи-иверки, хемиска преработка на дрво (без целулоза и хартија) и кибрити	8,0—11,2
	в) друга дрвна индустрија — —	6,5— 9,1
78	Дрвесина, целулоза и хартија —	4,5
79	Текстилна индустрија:	
	а) влакнарница за лен и кадела	4,0— 5,6
	б) предилници, свиларници и подготовка и кардирање на памук	5,0— 7,0
	в) ткаачници — — — — —	7,0— 9,8
	г) друго — — — — — — —	6,0— 8,4
80	Индустрија на кожа, гума и обувки — — — — — — — —	7,0— 9,8
81	Прехранбена индустрија:	
	а) индустрија на шеќер, вриења, скроб и растителни масла — —	6,5
	б) мелници, ладилници, силоси и механизирани складови, земјоделски пецари и масларници за маслинки — — — — —	4,0— 6,4
	в) друго — — — — — — —	6,0— 9,1
82	Графичка индустрија — — —	6,0— 8,4
83	Индустрија на тутун — — — —	6,5— 9,1
84	Филмска индустрија — — — —	10,0
85	Земјоделство:	
	а) трактори — — — — — —	15,0
	б) друго — — — — — — —	10,0
86	Експлоатација на шуми:	
	а) трактори — — — — — —	15,0
	б) друго — — — — — — —	10,0
87	Градежништво:	
	а) моторни, вибрациони валци и подвижни компресори — — —	13,0—18,0
	б) друго — — — — — — —	11,0—15,5
88	Опрема и уреди на луки, пристаништа и складови — — — —	6,0— 8,4
89	Сообраќај:	
	а) авионски сообраќај — — —	14,0
	б) друг сообраќај — — — —	6,0

Забелешки кон ред. бр. 62 до 89:

1. Стопанските организации што не ѝ припаѓаат на ниедна од групите наведени под ред. бр. 62 до 89 ќе ја применат амортизационата норма на најсродната група, со согласност од општинското собрание.

2. Стопанските организации што според својата дејност спаѓаат во две или повеќе групи наведени под ред. бр. 62 до 89 се должни да ја утврдуваат амортизацијата применувајќи го степенот на односните групи.

1	2	3
	5. Крупен алат, инструменти, лабораториска опрема и инвентар	
90	Крупен алат, инструменти и лабораториска опрема (71, 72, 73, 74 и 76) — — — — — — — —	12,0
91	Специфичен инвентар на угостителството (753-4, 766-1-2-9) — —	20,0
92	Друг инвентар:	
	а) угостителство и трговија — —	15,0
	б) друг — — — — — — —	10,0
	6. Долгогодишни насади	
93	Овошници (81):	
	а) сливи — — — — — —	4,0
	б) јаболка — — — — — —	4,0
	в) круши — — — — — —	4,0
	г) ореви — — — — — — —	1,5
	д) праски — — — — — —	7,0
	Забелешка кон ред. бр. 93: За долгогодишните насади што не се споменати во овој реден број ќе се примени нормата на амортизацијата на оној насад од овој реден број кој според векот на траењето му е најприближен на векот на траењето на споменатиот насад.	
94	Лозја (82):	
	а) лозја — — — — — — —	5,0
	б) лозја на песок, со домашна лоза	1,5
95	Хмеларници (83) — — — — —	5,0
	7. Основно стадо	
	Ако приплоден работен добиток има поголема набавна вредност од кланичната, на амортизација подлежи само таа разлика, и тоа:	
96	Коњи, маски, магарињa — — —	10,0
97	Работни волови — — — — —	15,0
98	Крави, бикови и друг добиток —	20,0
	8. Основачки вложувања, патенти, лиценци и други права	

99 Патентите, лиценците и други права како инвестиции, стечени со еднократна исплата со цел за повеќегодишно користење, подлежат на амортизација и отпис на вредноста во сразмера со нивното користење, и тоа:

по формулата $Am = \frac{v}{t}$

или

по формулата $Am = \frac{v}{q}$

при што е:

Am — годишен износ на амортизацијата (односно на отписот на вредноста);

v — набавна цена на патентот, лиценцата или правото;

t — број на годините на правото за користење;

q — број на единиците на правото за користење.

Ако се применува друга формула, амортизациониот период не може да биде подолг од 10 години.

100 Основачки вложувања:

Амортизацијата на основачките вложувања мора да се изврши во рок од 10 години во подеднакви годишни рати. Должината на амортизациониот период ја определува работничкиот совет на стопанската организација.

720.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЦИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВО 1964 ГОДИНА НА НОРМИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ЗА НОРМАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ

Се прогласува Законот за границите за определување во 1964 година на нормите на придонесите за социјално осигурување и за додаток на деца и за нормата на придонесот за запослување на работници, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 23 декември 1963 година.

П. Р. бр. 25

24 декември 1963 година

Белград

Претседател на Републиката,

Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател

на Сојузната скупштина,

Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ГРАНИЦИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВО 1964 ГОДИНА НА НОРМИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ЗА НОРМАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ

Член 1

Нормите на основните придонеси за сите гранки на социјалното осигурување, заедно со редовниот придонес за додаток на деца и со придонесот за запослување на работници, во смисла на членот 88 став 1 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), можат за 1964 година да се определат вкупно до највисока граница од 24,5% пресметани на бруто износот на личните доходи на работниците.

Придонесите од ставот 1 на овој член до височина од 22% од бруто износот на личните доходи се пресметуваат и се плаќаат од личните доходи на работниците.

Ако средствата што се добиваат со придонесите во височина од 22% од ставот 2 на овој член не се достаточни, разликата до височината на вкупните придонеси по збирот на сите норми на придонесите од ставот 1 на овој член, а најмногу до 2,5%, се пресметува на вкупниот бруто износ на личните доходи и се плаќа од средствата од кои се исплатуваат личните доходи.

Член 2

Нормата на придонесот за додаток на деца во рамките на границата на нормата од членот 1 на овој закон, во смисла на членот 202 став 2 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, може за 1964 година да се определи до највисока граница од 8% од бруто износот на личните доходи на работниците.

Член 3

Нормата на придонесот за запослување на работници во рамките на граничната норма од членот 1 на овој закон, во смисла на членот 7 од Законот за службата за запослување на работниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/60), се утврдува за 1964 година на 0,5% од бруто износот на личните доходи на работниците.

Член 4

Поблиски прописи за формирањето на збирните норми на придонесите и за пресметувањето и распоредувањето на придонесите наплатени по збирните норми, во смисла на овој закон, донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии, во согласност со Сојузниот секретаријат за труд, по прибавено мислење од Сојузниот завод за социјално осигурување.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

721.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за придонесот за станбена изградба, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 23

24 декември 1963 година

Белград

Претседател на Републиката,

Јосип Броз Тито, с р.

Претседател

на Сојузната скупштина,

Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Во Законот за придонесот за станбена изградба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61, 52/61 и 53/62) во членот 7 став 2 зборовите: „1962 и 1963" се заменуваат со зборовите: „1962, 1963 и 1964".

Член 2

Овој закон ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

По исклучок од ставот 1 на овој член, придонесот за станбена изградба на личните доходи остварени во 1963 година ќе се плаќа според прописите што важеле во 1963 година, иако исплатата на тие доходи се врши во 1964 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

722.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДНОТО БОГАТСТВО И НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ДОЛЖНИ ДА ПЛАЌААТ ПРИДОНЕС ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДНОТО БОГАТСТВО И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НОРМИТЕ НА ТОЈ ПРИДОНЕС

Се прогласува Законот за престанок на важењето на Законот за придонесот за експлоатација на рудното богатство и на Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 22
24 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДНОТО БОГАТСТВО И НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ДОЛЖНИ ДА ПЛАЌААТ ПРИДОНЕС ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДНОТО БОГАТСТВО И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НОРМИТЕ НА ТОЈ ПРИДОНЕС

Член 1

Законот за придонесот за експлоатација на рудното богатство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61 и 53/62) со прописите донесени врз основа на тој закон, и Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61, 23/61, 53/62 и 13/63) престануваат да важат.

Член 2

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

723.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧНИОТ ПРИХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за данокот на личниот приход на граѓаните, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 31
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧНИОТ ПРИХОД НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за данокот на личниот приход на граѓаните („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/60) во членот 3 по точката 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок, новогодишната награда на службениците и работниците не се ослободува од данок на личниот приход на граѓаните".

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 6 став 1, членот 7 став 7 и членот 17 став 3 бројот: „700.000" се заменува со бројот: „900.000".

Член 3

Во членот 8 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Ако член на домаќинство од ставот 1 на овој член оствари по кој и да е основ во годината за која се врши облог со данок на личниот приход на граѓаните чист приход до 50.000 динари, даночното олеснување за таквиот член се намалува за износот на тој чист приход."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 4

Во членот 10 ставот 1 се менува и гласи:

„Ако приходите на даночниот обврзник на кои се плаќа данок на доход, а кои влегле во чистиот приход од членот 2 на овој закон, се поголеми од 900.000 динари, данокот на личниот приход на граѓаните се пресметува и се плаќа според следните даночни норми, и тоа:

Ако годишниот чист приход на даночниот обврзник изнесува динари		Данокот се пресметува и се плаќа според следните норми од даночната основица
над	до	
—	900.000	—
900.000	1,200.000	5%
1,200.000	1,500.000	10%
1,500.000	2,000.000	15%
2.000 000	2.500 000	20%
2,500 000	3,000 000	25%
3,000.000	4 000 000	35%
4,000.000	5,000 000	45%
5.000 000	6 000.000	55%
6 000 000	7,000 000	65%
7.000.000	—	70%

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува и на облогот со данок за 1963 година.

724.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ПРИХОДИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за отстапување определени приходи на федерацијата на резервниот фонд на град Скопје, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 33
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ПРИХОДИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Интересот на деловниот фонд, придонесот од доходот и придонесот на вонредниот приход што стопанските организации на територијата на град Скопје ги плаќаат во корист на федерацијата во износите утврдени во завршната сметка за 1963 година, му се отстапуваат на резервниот фонд на град Скопје за заеднички резерви на стопанските организации.

Одредбата на ставот 1 се однесува и на погонските и деловните единици со самостојна пресметка што имаат седиште на територијата на град Скопје, а што се во состав на стопански организации чие седиште е надвор од таа територија.

Член 2

Одредбата на членот 1 од овој закон ќе се примени и во 1964 година врз стопанските организации чии предмети што сочинуваат основни средства поради разурнувањата предизвикани со земјотресот се оштетени за над 50% од нивната вкупна вредност на 25 јули 1963 година.

Процентот на оштетувањето во смисла на ставот 1 од овој член се утврдува според штетата утврдена со пописот извршен врз основа на Наредбата за спроводување попис (инвентура) кај стопанските организации од подрачјето на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63).

Член 3

Се овластува Собранието на град Скопје да определи кои издатоци на стопанските организации од територијата на град Скопје сторени од 26 јули до 31 декември 1963 година за исхрана и сместување на работници и членови на нивните фамилии, за превоз при евакуација на работници и членови на нивните фамилии, на име премии за колективни осигурувања од последици на несреќни случаи при работа на објектите оштетени од земјотресот, на име надоместок поради одвоен живот од фамилијата и други слични издатоци се признаваат како материјални трошоци и во која височина.

Член 4

Сојузниот извршен совет ќе донесе поблиски прописи за спроведување на чл. 1 и 2 од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

725.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ФОНДОВИ И БАНКИТЕ ЗА ОТПИШАНИТЕ КРЕДИТИ И ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ ОДНОСИ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРАЃАНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за давање надоместок на општествените фондови и банките за отпишаните кредити и за регулирање на кредитните односи на работните организации и граѓаните на територијата на град Скопје, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П.Р. бр. 32
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ФОНДОВИ И БАНКИТЕ ЗА ОТПИШАНИТЕ КРЕДИТИ И ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ ОДНОСИ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРАЃАНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

I. Општи одредби

Член 1

Од средствата на Фондот за обнова и изградба на Скопје ќе им се даде надоместок на општествените фондови и банките за износите на кредитите што ќе ги отпишат според одредбите на овој закон.

Средствата што на име надоместок, во смисла на ставот 1 од овој член, им се дадени на општествените инвестициони фондови можат да се користат само за инвестиции во стопанството на територијата на град Скопје.

Член 2

За периодот од 26 јули до 31 декември 1963 година на стопанските организации и граѓаните што претрпеле штета поради земјотресот во Скопје нема да им се наплатуваат интерес, провизија и трошоци по кредитите одобрени од 26 јули 1963 година, и тоа: на стопанските организации — на кредитите одобрени од банкарските средства и од средствата на општествените фондови, а на граѓаните — на одобрените кредити за станбена изградба и потрошувачки кредити.

II. Отпишување на кредити за основни и обртни средства

Член 3

Банките ќе им ги отпишат во целина или делумно кредитите за основни и обртни средства дадени од општествените фондови или од фондовите на банките односно од банкарските средства на оние стопански организации на територијата на град Скопје чии предмети што сочинуваат основни и обртни средства се уништени или оштетени поради земјотресот.

Член 4

Банката ќе ѝ го отпише на стопанската организација кредитот во целина, ако вкупниот износ на штетата на основните и обртните средства утврден со пописот извршен според Наредбата за спроведување попис (инвентура) кај стопанските организации од подрачјето на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63) изнесува повеќе од вкупните обврски на стопанската организација по кредитите.

Ако износот на утврдената штета на основните и обртните средства изнесува помалку од вкупните обврски по кредитите, банката ќе го отпише кредитот само до износот на таа штета.

Стопанската организација ќе ѝ поднесе на банката кај која има кредит барање за отпишување на кредитот до 31 март 1964 година. Во оправдани случаи банката може да го продолжи овој рок до 31 мај 1964 година.

Сојузниот секретаријат за финансии ќе донесе поблиски прописи за начинот на отпишувањето на одделни кредити, ако стопанската организација има обврски по повеќе кредити, а вкупниот износ на штетата на основните и обртните средства, во смисла на ставот 2 од овој член, е помал од вкупните обврски по кредитите.

Член 5

Банките ќе му поднесат на Фондот за обнова и изградба на Скопје барање за недоместок на отпишаните кредити до 30 јуни 1964 година.

Член 6

На стопанските организации на кои кредитот им е делумно отпишан им се одлага плаќањето на ануитетите по неотпишаниот дел од кредитот за една година, сметајќи од првиот рок за плаќање кој стасува по 26 јули 1963 година.

На неотпишаниот дел на кредитот од ставот 1 на овој член ќе се пресмета нов ануитет за остатокот на времето за отплатување.

На стопанските организации на кои им е делумно отпишан кредитот за повремени обртни средства, им се одлага плаќањето на остатокот на кредитот за шест месеци, сметајќи од првиот рок за плаќање кој стасува по 26 јули 1963 година. Банките можат, во оправдани случаи, да го продолжат рокот за плаќање по овие кредити најдоцна до 30 јуни 1964 година.

Член 7

На стопанските организации чии предмети што сочинуваат основни средства поради урнувањата извршени со земјотресот се оштетени над 50% од нивната вредност во однос на вкупната вредност на тие средства на 25 јули 1963 година, а кое оштетување е утврдено со пописот извршен според Наредбата за спроведување попис (инвентура) кај стопанските организации од подрачјето на град Скопје, банките можат да им ги продолжат роковите за плаќање на кредитите од членот 6 на овој закон најдолго за 6 месеци од роковите утврдени во тој член.

Член 8

Во поглед отпишувањето на кредити вложени во средства за заедничка потрошувачка и давањето недоместок за отпишаните кредити, ќе се применат одредбите од овој закон што се однесуваат на кредитите за основни и обртни средства, ако кредитите за вложување во заедничка потрошувачка се дадени од општествените инвестициони фондови или од банкарските средства.

Член 9

Одредбите на чл. 1 до 7 на овој закон се однесуваат и на погонските и деловните единици чие седиште е на територијата на град Скопје што се во состав на стопански организации чие седиште е надвор од таа територија.

III. Отпишување на потрошувачки кредити

Член 10

На граѓаните на кои поради последиците од земјотресот во Скопје предметите им се уништени во поголем дел, банките и стопанските организации ќе им го отпишат во целина потрошувачкиот кредит според состојбата на 26 јули 1963 година.

Се смета дека предметите во поголем дел се уништени ако е станот во кој се наоѓале предметите урнат поради земјотресот.

Потрошувачки кредит за купување автомобил и други моторни возила ќе се отпише само ако е возилото уништено, и независно од штетата на другиот имот на корисникот на кредитот.

Член 11

Собранието на град Скопје може да пропише услови под кои може да им се врши отпишување на потрошувачки кредит на граѓаните од територијата на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот, а на кои не се однесува одредбата од членот 10 став 1 на овој закон.

При утврдувањето на условите за отпишување на кредити во смисла на ставот 1 од овој член, ќе се земат предвид височината на личниот доход на корисникот на кредитот и височината на претрпената штета, со тоа да не може отпишувањето да биде поголемо од 50% од состојбата на кредитот на 26 јули 1963 година.

Член 12

Отпишувањето на потрошувачките кредити ќе го извршат банките односно стопанските организации што ги дале тие кредити, по образложено барање на корисникот на кредитот.

Барање за отпишување на кредитот може корисникот на кредитот да поднесе до 31 март 1964 година.

Собранието на град Скопје ќе пропише кои податоци и докази мора да содржи барањето за отпишување кредит во смисла на ставот 1 од овој член.

Член 13

Банките и стопанските организации ќе го утврдат вкупниот износ на отпишаните кредити во смисла на чл. 10 и 11 од овој закон и на Фондот за обнова и изградба на Скопје ќе му поднесат барање за недоместок на отпишаниот износ до 30 јуни 1964 година.

Член 14

Граѓаните на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот, а на кои не им е отпишан потрошувачки кредит, ќе го отплатат кредитот што не им е отпишан за преостанатото време за отплатување, со интерес по норма од 1% годишно.

Отплатувањето на кредитите од ставот 1 на овој член ќе започне на 1 април 1964 година.

Кредитите од ставот 1 на овој член што ги одобриле стопанските организации ќе се пренесат врз Комуналната банка на град Скопје до 31 март 1964

година. Поблиските услови за пренесување и начинот на пренесувањето на овие кредити ќе ги утврдат спогодбено заинтересираните стопански организации и банки.

Член 15

Граѓаните на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот и на кои потрошувачкиот кредит не им е отпишан, а кои добиле нов потрошувачки кредит врз основа на Одлуката за давање потрошувачки кредити на граѓаните од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63), ќе им се спојат стариот и новиот кредит во единствен кредит, кој ќе се исплати во рок што ќе биде утврден според отплатите, кои не можат да бидат поголеми од една третина од нето личниот доход на тие граѓани.

IV. Отпишување на кредити за станбена изградба

Член 16

Собранието на Социјалистичка Република Македонија односно Собранието на град Скопје може да одлучи кредитите дадени до 25 јули 1963 година за изградба на згради што се урнати или се оштетени поради земјотресот да се отпишат на товар на средствата на републичкиот фонд за станбена изградба односно на фондот за станбена изградба на град Скопје.

Со прописот од ставот 1 на овој член ќе се определат условите и постапката за отпишување на тие кредити

V. Казнена одредба

Член 17

Со парична казна до 5,000.000 динари ќе се казни за стопански престап стопанската организација која во барањето за отпишување на кредит ќе изнесе неточни податоци за оштетувањето на предметите што сочинуваат основни средства, обртни средства односно средства за заедничка потрошувачка.

За стопанскиот престап од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во стопанската организација со парична казна до 100.000 динари

VI. Преодни и завршни одредби

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој закон Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија ќе престане да одобрува кредити според Одлуката за одобрување кредити за вложувања во основни средства на стопанските организации од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63).

Член 19

Со денот на влегувањето во сила на овој закон деловните банки ќе престанат да одобруваат кредити според Одлуката за одобрување кредити за обртни средства на работните организации од подрачјето на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/63).

Член 20

Комуналните банки ќе одобруваат кредити до 31 декември 1964 година според Одлуката за давање потрошувачки кредити на граѓаните од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот.

Сојузниот извршен совет може да определи услови со кои одобрувањето на кредити од ставот 1 на овој член може да се продолжи, со тоа тој рок да не може да биде подлог од 31 декември 1965 година.

Член 21

За ненаплатениот интерес во смисла на членот 2 од овој закон, банките ќе го намалат износот на интересот што за 1963 година се должни да ѝ го платат на Народната банка на кредитите што од неа ги користат. Ако банката не користи кредит кај Народната банка, или е интересот што треба да ѝ го плати на Народната банка недоволен за покривање на ненаплатениот интерес во смисла на членот 2 од овој закон — банката ќе го наплати овој интерес на товар на фондот од кој се дадени кредитите.

Комуналната банка на град Скопје и Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија ќе ја наплатат ненаплатената провизија и трошоците во смисла на членот 4 од овој закон на товар на интересот што за 1963 година се должни да ѝ го платат на Народната банка на кредитите што од неа ги користат, а другите банки — на товар на својот кредитен фонд.

Член 22

Фондот за обнова и изградба на Скопје ќе им плаќа на банките и општествените фондови на износот на надоместокот за кредитите отпишани во смисла на овој закон интерес по норма од 1% годишно од 1 јануари 1964 година до денот на исплатата на тој надоместок.

Член 23

При утврдувањето на преостанатото време за отплатување на неотпишаниот дел од кредитите што се делумно отпишани според одредбите на овој закон, во тоа време не се засметува времето на одлагањето на обврските по ануитетите односно времето на одлагањето за давање отплати по кредитите.

Член 24

Сојузниот извршен совет може, по потреба, да продолжи до три месеци одделни со овој закон предвидени рокови за поднесување барања за отпишување кредити односно барања за надоместок за отпишаните кредити.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

726.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за посебното регулирање на определени прашања од областа на финансирањето на станбената изградба на територијата на град Скопје, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р. бр. 29
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОСЕБНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Со закон на Социјалистичка Република Македонија може да се пропише заемите од средствата на Фондот за станбена изградба на град Скопје да можат да се даваат како на лицата во работен однос така и на другите граѓани што на 26 јули 1963 година имале живеалиште во Скопје.

Член 2

Собранието на град Скопје може да пропише од средствата на Фондот за станбена изградба на град Скопје да можат да се даваат кредити под поинакви услови одошто се условите пропишани во чл. 43 до 54 од Законот за финансирањето на станбената изградба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/59 и 12/62).

Условите од ставот 1 на овој член ги определува управниот одбор на наведениот Фонд, во согласност со Собранието на град Скопје.

Член 3

Ако давателот на средствата на Фондот за станбена изградба на град Скопје ја определил намената на средствата или други услови под кои можат да се користат тие, Фондот може да ги користи тие средства само за таа намена односно под тие услови.

Средствата од наведениот Фонд можат да се даваат и без обврска за враќање, ако давателот на средствата на Фондот така определил.

Член 4

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

727.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за посебното регулирање на определени прашања од областа на станбените односи на територијата на град Скопје, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година.

П. Р, бр. 28
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОСЕБНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Утврдувањето на станаринатa за станови во приградските населби на Скопје може со одлука на Собранието на град Скопје да се регулира на посебен начин, отстапувајќи од одредбите на чл. 106 до 109 од Законот за станбените односи и од Правилникот за трошоците на изградба што сочинуваат вредност на станбена зграда и за начинот за распоредување на тие трошоци врз одделни станови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/59).

Член 2

Со одлука на Собранието на град Скопје може да се пропише носителите на станарско право на станови во граѓанска сопственост на територијата на град Скопје да бидат должни во трошците за поправки на станови потешко оштетени со земјотресот да учествуваат со плаќање зголемена станарина или на друг начин.

Станаринатa определена врз основа на одлуката од ставот 1 на овој член не може да ја надмине височината на ануитетите по кредитот што е користен за поправка на стан и на дел од зграда што служи за стан, односно не може да го надмине износот што би ѝ одговарал на височината на ануитетите на вложените кредити за поправка, ако за таа цел не е користен кредит.

Собранието на град Скопје ќе определи кои станови во смисла на овој закон се сметаат како потешко оштетени.

Ако носителот на станарско право не се согласи да учествува во трошоците за поправка на оштетен стан, договорот за користење на тој стан престанува да важи.

Со одлуката од ставот 1 на овој член може да се пропише сопствениците на станбени згради и станови оштетени со земјотресот да бидат должни тие згради и станови да ги поправаат ако им се обезбеди соодветен кредит.

Член 3

Овој закон влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

728.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата што се формираат според точката 5 на главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, на Општиот инвестиционен фонд му се доделува износот до 10.000 милиони динари за зголемување на износот предвиден во одредбата под 3 на точката 3 од главата XII на Сојузниот општествен план за 1963 година за кредитирање на извозот на опрема на кредит.

2. Се овластува Сојузниот секретаријат за финансии според фактичните потреби да издава налози за пренесување на средствата од точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 62
30 декември 1963 година
Белград

Претседател на
Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с.р.

Претседател на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с.р.

729.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА НАБАВКАТА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ ВОЗНИ СРЕДСТВА И ПРЕТОВАРНА МЕХАНИЗАЦИЈА

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата што се формираат според точката 5 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, на кредитниот фонд на Југословенската инвестициона банка му се доделува износот од 5.000 милиони динари за кредитирање на стопанските организации што набавуваат железнички возни средства (товарни вагони и локомотиви) и претоварна механизација.

2. Кредитите од точката 1 на оваа одлука ќе се одобруваат со непосредна погодба, по упростена постапка.

3. Кредитите според оваа одлука ќе им се одобруваат на инвеститорите кои на име сопствено учество ќе обезбедат најмалку 60% од вкупните трошоци на инвестициите.

4. Рокот за враќање на кредитите од точката 1 на оваа одлука не може да биде подолг од 10 години.

Интересот се пресметува по норма од најмалку 2% годишно.

5. Југословенската инвестициона банка ќе ги утврди поблиските услови за одобрување на кредитите според оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 47
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с р

Претседател на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с. р.

Претседател на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

730.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ПОСЕБНАТА СМЕТКА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ФОРМИРАНИ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ОД СТАВОТ 3 НА ГЛАВАТА XV НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПЛАН ЗА 1963 ГОДИНА

1. Од средствата што се формираат врз основа на одредбата од ставот 3 на главата XV на Сојузниот општествен план за 1963 година, а кои се водат на посебна сметка на федерацијата кај Народната банка износот од 35.000 милиони динари ќе се пренесе на сметката на стопанските резерви на федерацијата.

2. Остатокот на средствата на сметката од точката 1 на оваа одлука ќе служи за исплатување на извозните премии над износот предвиден во Сојузниот буџет за 1963 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 61
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с. р.

Претседател на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

731.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА ОД НОРМАЛЕН КОЛОСЕК САРАЕВО—ПЛОЧЕ

1. Според одредбите на оваа одлука ќе се финансира од 1 јануари 1963 година изградбата на првата етапа од железничката пруга од нормален колосек Сараево—Плоче (во понатамошниот текст: изградбата на пругата Сараево—Плоче).

Вкупните средства за изградба на пругата Сараево—Плоче изнесуваат 50.300 милиони динари.

2. За финансирање на изградбата на пругата Сараево—Плоче федерацијата обезбедува 43.650 милиони динари. Овој износ претставува вкупен износ на средствата со кои федерацијата учествува во финансирањето на работите од точката 3 на оваа одлука.

3. Со средствата на федерацијата од точката 2 на оваа одлука се финансираат на изградбата на пругата Сараево—Плоче работите:

	милиони динари
1) на долниот строј на пругата, до износот	22.480
2) на горниот строј на пругата, до износот	10.120
3) на зградите, до износот	1.425
4) на сигнално-сигурносните и телекомуникационите уреди и врски, до износот	3.330
5) на електрификацијата на пругата, до износот	3.465
6) на студиите и проектите, со трошоците на откупот и експропријацијата, до износот	2.830

Ако на одделни работи од ставот 1 под 1—6 на оваа точка се постигнат заштеди, неискористените средства на федерацијата ќе се употребат, по завршетокот на изградбата на првата етапа, за финансирање на работите од изградбата на втората етапа од пругата Сараево—Плоче.

4. Годишните вложувања на средствата на федерацијата за финансирање на работите на изградбата на пругата Сараево—Плоче. изнесуваат:

	милиони динари
во 1963 година	6.000
во 1964 година	13.400
во 1965 година	16.200
во 1966 година	8.050

5. Средствата на федерацијата можат да се користат за финансирањето на работите од точката 3 на оваа одлука:

1) ако Социјалистичка Република Босна и Херцеговина почнувајќи од 1964 година учествува со вкупен износ од 6.650 милиони динари (15%), во финансирањето на тие работи, со тоа нејзините годишни вложувања да бидат сразмерни со годишните вложувања на средствата на федерацијата, и ако преземе обврски дека ќе ги поднесува сите пречекорени трошоци на одделни работи;

2) ако републичката стопанска банка гарантира за обврските на републиката од одредбата под 1 на оваа точка.

6. Инвеститор за изградбата на пругата Сараево—Плоче е Заедницата на железничките претпријатија Сараево.

7. Финансирањето на изградбата на пругата Сараево—Плоче може да се врши само во рамките на инвестиционата програма донесена од надлежниот орган и на проектите усогласени со таа инвестициона програма.

Основните технички елементи на пругата Сараево—Плоче утврдени во инвестиционата програма донесена пред влегувањето во сила на оваа одлука, не можат да се менуваат.

8. Југословенската инвестициона банка ќе склучи со инвеститорот договор за давање и користење на средствата на федерацијата за финансирање на изградбата на пругата Сараево—Плоче во согласност со одредбите од оваа одлука.

9. Изградбата на пругата Сараево—Плоче инвеститорот е должен да ја отстапи согласно со важечките сојузни и републички прописи.

10. Југословенската инвестициона банка е должна да врши контрола на наменската употреба на средствата предвидени со оваа одлука.

11. Поблиски прописи за примена но оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 43
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Мијалко Тодориќ, с. р.

732.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА КРЕДИТОТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ЛУКАТА ПЛОЧЕ

1. Според одредбите од оваа одлука се кредитира проширувањето на луката Плоче на капацитет од најмалку 2 милиони тона годишен промет.

Проширувањето на капацитетот на луката Плоче опфаќа: довршување на изградбата на брегот за патници „1 А" во должина од 150 метра и на патничко-товарниот брег, тн. „Босанска обала", во должина од 200 метра; изградба на товарниот брег број 5 во должина од 500 метра; изградба на други лучки постројки и набавка на потребна претоварна механизација, во вкупната вредност од 9.800 милиони динари.

2. За кредитирање на проширувањето на капацитетот на луката Плоче федерацијата обезбедува 6.800 милиони динари, ако Претпријатието на луката Плоче, како инвеститор, на име свое учество обезбеди 3.000 милиони динари.

Износот на средствата на федерацијата од ставот 1 на оваа точка е вкупен износ со кој федерацијата учествува во кредитирањето на работите од точката 1 став 2 на оваа одлука.

3. Вложувањето на средствата на федерацијата според оваа одлука почнува од 1 јануари 1964 година и изнесува:

	во милиони динари
1) во 1964 година — — —	1.600
2) во 1965 година — — —	2.000
3) во 1966 година — — —	2.200
4) во 1967 година — — —	1.000

4. Кредитирањето на проширувањето на капацитетот на луката Плоче се врши во рамките на инвестиционата програма донесена од надлежниот орган и проектите усогласени со таа инвестициона програма.

5. Средствата на федерацијата во износ од 6 800 милиони динари ќе му се одобрат на Претпријатието на луката Плоче како кредит, со рок за враќање од 30 години и со интерес по норма од 3% годишно.

Рокот за враќање на кредитот почнува од 1 јануари 1968 година.

6. Југословенската инвестициона банка ќе склучи со инвеститорот договор за кредит во согласност со одредбите од оваа одлука и ќе ги утврди другите услови на кредитот.

Југословенската инвестициона банка е должна да врши контрола на наменската употреба на средствата според оваа одлука.

7. Поблиски прописи за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии, во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 52
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

733.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичката Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ИНТЕРЕС НА ФОНДОВИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

1. Од плаќање интерес на фондовите во стопанството се ослободуваат во 1964 година општествените инвестициони фондови на општествено-политичките заедници од територииите на социјалистичките републики Македонија и Црна Гора и Автономна Покраина Косово и Метохија.

Ако општествено-политичките заедници од ставот 1 на оваа точка одлучат, врз основа на членот 11 од Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, да ги укинат своите општествени инвестициони фондови, на средствата на укинатите фондови пренесени во кредитните фондови на деловните банки овие банки во 1964 година нема да пресметуваат ниту плаќаат интерес на фондовите во стопанството.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

Сојузна скупштина

АС бр. 63
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

734.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ПРОИЗВОДСТВО НА КАУСТИЧНА И КАЛЦИНИРАНА СОДА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ДОХОДОТ ЗА 1964 ГОДИНА

1. За дејноста производство на каустична и калцинирана сода по амонијачна постапка од подгрупата 120-11 на Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи според дејностите, која е составен дел на Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и 12/63), стопанските организации се ослободуваат од плаќање на придонесот од доходот на стопанските организации во 1964 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 45
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с.р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с.р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с.р.

735.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ДОЛЖНИ ДА ПЛАЌААТ ПРИДОНЕС ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДНОТО БОГАТСТВО И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НОРМИТЕ НА ТОЈ ПРИДОНЕС

1. Во Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61, 23/61, 53/62 и 13/63) во точката 2а по зборовите: „Рудникот на олово и цинк Пробиштип и Рудниците и топилниците на олово и цинк Звечани не плаќаат во 1962" се додаваат зборовите: „и 1963".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Овој придонес во 1963 година не го плаќаат ниту Рудникот на железна руда Љубија и Рудникот на жива Идрија."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 49
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

736.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИНТЕРЕСНАТА НОРМА НА ФОНДОВИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА ДЕЈНОСТА ПРОИЗВОДСТВО НА СОЛ

1. За дејноста производство на сол во рудниците на сол и соларниците од подгрупата 116—21 на Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи според дејностите, што е составен дел од Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ",

бр. 10/62 и 12/63), се плаќа интерес на фондовите во стопанството по норма од 6%.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

Сојузна скупштина

АС бр. 68
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

737.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ПРОИЗВОДСТВО НА МОРСКА СОЛ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ДОХОДОТ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. За дејноста производство на сол во морските соларници од подгрупата 116-22 на Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи според дејностите, што е составен дел од Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и 12/63), не се плаќа придонес од доходот на стопанските организации.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

Сојузна скупштина

АС бр. 69
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

738.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 27 декември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА СРЕДСТВАТА ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА СООБРАЌАЈНИТЕ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОВЛАСТИЦИТЕ ВО ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО 1964 ГОДИНА

1. Средствата за давање надоместок на сообраќајните стопански организации за повластиците во патничкиот сообраќај во 1964 година (во понатамошниот текст: надоместокот) ги обезбедуваат сите исплатители на лични доходи, пензии и инвалидски принадлежности, како и приватни работодавци.

Надоместокот се пресметува и се плаќа на секое примање на кое се пресметува и се плаќа придонес за буџетите од личниот доход, како и на износот на пензиите и инвалидските принадлежности, освен на инвалидските примања на воените инвалиди од војните.

По исклучок од одредбата на ставот 2 од оваа точка, во основицата за пресметување на надоместокот не влегуваат личните примања од привремен работен однос на лица запослени на земјоделски дејности во земјоделски организации.

2. Надоместокот се пресметува со примена на норма од 1,5% врз основицата што ја сочинуваат бруто износите на личните доходи, пензиите и инвалидските принадлежности, а се уплатува на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство во роковите и на начинот што се предвидени за уплатување на придонесот за буџетите од личниот доход

Ако редовните придонеси од личниот доход се плаќаат според паушални основици, како основица за пресметување на надоместокот служат тие паушални основици, а ако редовните придонеси од личниот доход се плаќаат во паушални износи — основицата за пресметување на надоместокот ја сочинува нето-примањето (точка 1 став 2) наголемено со паушалните износи на редовните придонеси од личниот доход.

3. Надоместокот се плаќа од средствата од кои се исплатуваат примањата од точката 1 став 2 на оваа одлука.

4. Стопанските организации на железничкиот, поморскиот, речниот, воздушниот и друмскиот сообраќај ќе го остваруваат надоместокот на начинот и под условите што ќе ги пропише Сојузниот секретаријат за финансии, во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

5. Лицата од слободни професии можат да ги користат повластиците по патничкиот сообраќај за користење на годишниот одмор и во 1964 година под условите што важеле за користењето на оваа повластица во 1963 година.

Сојузниот секретаријат за финансии ќе донесе, по потреба, прописи за начинот на пресметувањето и уплатувањето на средствата за давање надоместок на сообраќајните стопански организации.

6. На личните доходи пензиите и инвалидските принадлежности остварени во 1963 година, а кои се исплатуваат во 1964 година, ќе се пресметува надоместокот што важел за 1963 година.

7. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

Сојузна скупштина

АС бр. 71
30 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател на Стопанскиот собор, **Осман Карабеговиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

739.

Врз основа на членот 176 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 23 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА НАЈНИСКИТЕ ПРОЦЕНТИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО 1964 ГОДИНА ЗА СИГУРНОСНА РЕЗЕРВА И ВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА НА ФОНДОВИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Републичките заводи за социјално осигурување ќе формираат во 1964 година сигурносни и валоризациони резерви на фондот на инвалидското осигурување и на фондот на пензиското осигу-

рување предвидени со членот 133 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), и за тие резерви задолжително ќе издвојуваат, и тоа:

1) за сигурносна резерва на фондот на инвалидското осигурување и на фондот на пензиското осигурување — најмалку по 1% од приходите остварени со основниот придонес за инвалидско осигурување односно за пензиско осигурување;

2) за валоризациона резерва на фондот на инвалидското осигурување и на фондот на пензиското осигурување — најмалку по 7% од приходите остварени со основниот придонес за инвалидеко осигурување односно за пензиско осигурување.

2. Средствата внесени во валоризационите резерви републичките заводи за социјално осигурување можат во смисла на членот 134 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување да ги користат во текот на 1964 година за враќање на кредитите што според Одлуката за исплата на еднократен додаток на пензија („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/63) ги користеле за исплата на тој еднократен додаток. во обем што е потребен враќањето на кредитот да се изврши до крајот на 1964 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 51
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател
на Социјално-здравственото собор,
Олга Врабич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

740.

Врз основа на членот 178 во врска со членот 243 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ТРАЕЊЕТО НА МАНДАТОТ НА ПОЛОВИНАТА ОД БРОЈОТ НА СУДИИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

Мандатот на судија на Уставниот суд на Југославија им трае четири години на следните судии:

Беблер др Алеш,

Цази Јосип,

Радмиловиќ др Јерко,

Симиќ Владимир,

Сунариќ др Иво.

Сојузна скупштина

АС бр. 79
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

741.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичката Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 28 ноември 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 20 декември 1963 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДА НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА СКОПЈЕ

Статутот на Фондот за обнова и изградба на Скопје се потврдува.

Сојузна скупштина

АС бр. 38
24 декември 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

742.

Врз основа на членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62, 29/62, 31/62, 40/62, 42/62, 46/62, 51/62, 53/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 18/63, 20/63, 23/63, 30/63, 44/63 и 51/63) во делот II на Тарифата се вршат следните измени и дополненија:

1) тар. број 1 се менува и гласи:

„1 Производи на преработката на нафта:

	Динари
1) моторен бензин од 76 октани	40
2) моторен бензин од 86 октани	48
3) моторен бензин од 93 и над 93 октани	50
4) авионски бензин	30
5) бензин за бои и лакови (вајт-шпирт)	40
6) други специјални бензини	50
7) петрол за осветление и специјални петроли	70
8) млазно гориво и моторен петрол:	
а) петрол за мотори	20
б) млазно гориво 1	25
в) млазно гориво 4	20
9) Дизел-горива:	
а) D1	32
б) D2	26,5
в) D3	23,5
г) D4	18
10) авионски и моторни масла	134
11) минерални мазивни масти (и со адитиви)	25
12) парафини — пречистени	53

13) други производи на преработката на нафта, како: масло за диференцијали; турбо и трафо масло, циркулациони масла; масла за прегреана и високопрегреана пара; масла за режење и дупчење; масла за жичарници, синцири и запчаници; масла за компресори; масла за машини за ладење; парафинско и вазелинско масло (техничко и медицинско); други парафини; вазелин — технички и медицински; микровосоци и други восоци добиени со преработка на нафта, и др. 22%

14) на данок според овој тарифен број не подлежат следните производи: вретенски рафинат и филтрат; вретенски рафинат замастен; лежишно масло (и замастено); цилиндерско масло за заситена пара со точка на запаливост до 280°Ц; оскино масло; масло за импрегнација; масло за горење; масло за подови; регенерирано и хипоидно масло; природен гас; метан; етан; пропан; бутан; битумен и саѓи.

Забелешка:

1) Даночна основица е 1 килограм (освен за точката 13).

2) Данок според овој тарифен број не се плаќа:

а) на прометот на авионски бензин од октански број 70/72, 100/130 и 108/135 кога овие производи се увезуваат за потребите на Југословенската народна армија;

б) на прометот на брајшток и неутрални (базни) масла кога ги увезуваат рафинериите и други индустриски претпријатија за производство на моторни и хипоидни масла;

в) кога производите на една рафинерија ѝ се продаваат непосредно на друга рафинерија или на други индустриски претпријатија заради понатамошна преработка во други производи од овој тарифен број;

г) кога претпријатијата на петрохемиската индустрија набавуваат производи од овој тарифен број што исклучиво ги употребуваат како основен материјал за натамошна преработка;

д) кога производите од овој тарифен број добиени како споредни производи во петрохемиската индустрија, им се продаваат на рафинериите на нафта заради преработка во други производи од овој тарифен број.

3) Природни минерални восоци: озокерит, монтан-восок и церезин подлежат на данок според тар. број 80 на овој дел од Тарифата, како и другите природни восоци.";

2) тар. број 2 се брише;

3) во тар. број 9 под 1 даночната норма: „16" се заменува со нормата: „10";

4) тар. број 81 се брише;

5) во тар. број 89 нормата: „22%" се заменува со нормата: „21%";

6) во тар. број 91 нормата: „18%" се заменува со нормата: „16%", а нормата: „10" со нормата: „8%";

7) во тар. број 92 нормата: „23%" се заменува со нормата: „21%";

8) во тар. број 93 нормата: „20%" се заменува со нормата: „19", а нормата: „6%" — со нормата: „4%";

9) во тар. број 94 нормата: „30%" се заменува со нормата: „29%";

10) во тар. број 95 нормата: „29%" се заменува со нормата: „28%";

11) во тар. број 96 нормата: „15%" се заменува со нормата: „13%";

12) во тар. број 97 нормата: „27%" се заменува со нормата: „25%";

13) тар. број 98 се менува и гласи:

„98 Други тенки хартии:

1) тенки хартии од крпи и конфекциска бојосана хартија — — — — 30%

2) обична тенка хартија — — — — 29%";

14) во тар. број 99 нормата: „32%" се заменува со нормата: „31%", а нормата: „34%" — со нормата: „33%";

15) тар. број 139 се брише;

16) тар. број 140 се менува и гласи:

„140 Тутунски производи:

1) колекции, цигари екстра и режан тутун од сите квалитети — — — 57%

2) пури од сите видови, тутун за џвакање и бурмут — — — — — 36%

3) цигари:

чија малопродажна цена за едно пакување е динари:	Динари
100	56
90	51
80	44
75	41
70	39
55	30
50	27

Забелешка:

1) Како даночна основица за производите од точ. 1 и 2 на овој тарифен број се смета продажната цена на мало.

2) Како даночна основица за производите од точката 3 на овој тарифен број се смета едно пакување од 20 односно 15 цигари".

Член 2

Рафинериите на нафта и другите стопански организации што се занимаваат со преработка на нафта се должни да извршат попис на залихите на сурова нафта, недовршено производство и готови производи со состојбата на 31 декември 1963 година.

Сојузниот секретаријат за финансии ќе донесе поблиски прописи за пресметувањето на разликата помеѓу старите и новите даночни норми.

Член 3

Стопанските организации што вршат преработка на тутун се должни да извршат попис на затечените залихи на ферментиран тутун, како и на ферментиран тутун во недовршено производство и готови производи, со состојбата на 31 декември 1963 година.

Данокот на промет платен според досегашните прописи (тар. број 139) на количините на ферментиран тутун, како и на ферментиран тутун во недовршено производство и готови производи, пописани според одредбата од ставот 1 на овој член, ќе им се врати на стопанските организации што вршат преработка на тутун.

Се овластува Сојузниот секретаријат за финансии да донесе поблиски прописи за пресметувањето и враќањето на данокот на промет платен на залихите утврдени според ставот 1 на овој член.

Член 4

Одредбите на членот 1 од оваа уредба ќе се применуваат во поглед на тар. број 9 под 1 и тар.

број 81 од 1 јули 1963 година, а во поглед на другите тарифни броеви, како и одредбите на чл. 2 и 3 од оваа уредба — од 1 јануари 1964 година.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 260
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

743.

Врз основа на одредбата под 1 на точката 1 од главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ФЕРМЕНТИРАНИОТ ТУТУН

1. Претпријатијата за обработка на тутун, тутунските комбинати, земјоделските организации, земјоделските задруги и други работни организации што вршат откуп и обработка на тутун (во понатамошниот текст: организациите) се должни на 1 јануари 1964 година своите продажни цени на ферментираниот тутун да ги намалат за износот на укинатиот данок на промет.

Намалувањето според ставот 1 на оваа точка организациите ќе го извршат на тој начин што своите цени на ферментираниот тутун на 1 јули 1962 — ќе ги намалат за 32%.

2. Организациите се должни за намалувањето на цените од точката 1 на оваа одлука до 15 јануари 1964 година да го известат Сојузниот завод за цени.

3 Со парична казна од 20.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата што не ќе ги намали цените според точката 1 или не го пријави намалувањето на цените според точката 2 на оваа одлука.

За кое и да е од дејствијата од ставот 1 на оваа точка ќе се казни со парична казна од 1.000 до 50.000 динари и одговорното лице во организацијата.

4. Покрај казната за прекршок од точката 3 на оваа одлука, спрема организацијата ќе се примени и управната мерка од членот 34 на Законот за пазарната инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/59).

5. Сојузниот секретаријат за општи стопански работи ќе донесе, по потреба, поблиски прописи за тоа што се подразбира како намалување на цените во смисла на точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 238
16 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

744.

Врз основа на членот 22 ст. 2 и 3 од Законот за претпријатијата за патишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПАТИШТА НА ЦЕНАТА НА БЕНЗИНОТ И ПЛИНСКОТО МАСЛО

1. На малопродажната цена на бензинот и плинското масло, потрошувачот плаќа и надоместок за патишта, и тоа:

1) од еден литар бензин — 10 динари;

2) од еден литар плинско масло — 10 динари.

Како малопродажна цена на бензинот и плинското масло се подразбира продажната цена по која овие погонски горива им се продаваат на крајните потрошувачи.

2. Надоместокот од точката 1 на оваа одлука се плаќа на сите количини бензин и плинско масло продадени на крајните потрошувачи, освен на количините од точката 3 на оваа одлука.

Износите на надоместокот од ставот 1 на оваа точка им припиѓаат на претпријатијата за патишта на чие подрачје му е извршена продажбата на крајниот потрошувач.

3. Надоместок од точката 1 на оваа одлука не плаќаат при купување бензин и плинско масло на големо од производителот или од складот на трговско претпријатие на големо:

1) стопанските и други организации — на количините што ги користат за погон на пловни објекти и воздухоплови;

2) железничките транспортни претпријатија — на количините што ги користат за погон на шински возила;

3) единиците и установите на Југословенската народна армија.

4. Надоместокот за патишта за продадените количини бензин и плинско масло (точка 2) е должен да го пресмета продавачот и пресметаниот износ на надоместокот да го уплати на сметката на претпријатието за патишта.

Надоместокот за патишта продавачот го пресметува месечно а го уплатува најдоцна до 20-иот ден во месецот за изминатиот месец.

Уплатувањето се врши:

1) за количините на бензин и плинско масло во продажба на мало — на сметката на претпријатието за патишта на чие подрачје е извршена продажбата на мало;

2) за количините на бензин и плинско масло продадени на големо од страна на производителот или од склад на трговско претпријатие на големо непосредно на потрошувачот — на сметката на претпријатието за патишта на чие подрачје е седиштето на потрошувачот.

5. Поблиски прописи за начинот на наплатувањето и пресметувањето на надоместокот за патишта и за распределбата на наплатените надоместоци ако на определено подрачје се наоѓаат повеќе претпријатија за патишта, други организации или органи на кои им е доверено одржување, реконструкција и изградба на јавни патишта, донесува Сојузниот секретаријат за финансии, во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски.

6. Со денот на почетокот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на височината на надоместокот за патишта врз цената на бензинот и плинското масло („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/61 и 4/63).

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 250
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

745.

Врз основа на одредбата под 1 на точката 1 од главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА СУРОВА НАФТА

1. Највисоките продажни цени за сурова нафта се определуваат и изнесуваат за:

	Толеранција API степени	Дин./тон
1) сурова нафта тип „Стружец“	37 до 39	15.300
2) сурова нафта тип „Клоштар“	34 „ 36	14.100
3) сурова нафта тип „Криж“ (Шумеѓани)	—	14.500
4) сурова нафта тип „Гојло“, „Мрамор Брдо“, „Буњани“, „Дуго Село“	30 до 32	12.300
5) сурова нафта тип „Кикинда“	36 „ 38	14.800
6) сурова нафта тип „Елимир“	31 „ 33	12.900
7) сурова нафта тип „Бока“	31 „ 33	12.800

За секои започнати 0,5 API степени над или под степените наведени во ставот 1 од оваа точка цената се зголемува односно се намалува за 200 динари по тон.

Цените од ст. 1 и 2 на оваа точка се највисоки продажни цени на производителот франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица.

2. Се овластува Сојузниот завод за цени да ги утврдува продажните цени на увезената нафта во паритет со цените на домашната нафта определена во точката 1 од оваа одлука.

3. Со денот на почетокот на применувањето на оваа одлука престануваат да важат одредбите под 1 до 11 од точката 1 на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 9/61, 12/61, 53/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 17/63, 23/63 и 30/63).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 252
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

746.

Врз основа на одредбата под 1 на точката 1 од главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Највисоките продажни цени за следните нафтени деривати се определуваат и изнесуваат за:

		Дин /кг
1) моторен бензин од 76 октани		87
2) моторен бензин од 86 октани		100
3) моторен бензин од 93 до 96 октани		107
4) моторен петрол од 30 октани		63
5) плинско масло — дизел-гориво	D_1	80
	D_2	70
	D_3	64
	D_4	52
6) масло за горење:		Дин./кг
а) специјално масло за горење „марина“		35
б) масло за горење лесно (А)		30
в) масло за горење средно (В)		20
г) масло за горење тешко (С)		15
7) битумен 40/200		30

2. Цените од одредбите под 1 до 5 од точката 1 на оваа одлука се највисоки малопродажни цени, а цените од одредбите под 6 и 7 најниски продажни цени на производителот франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот.

3. Се овластува Сојузниот завод за цени, да ги утврдува, по потреба, паритетните цени за другите асортимани на нафтени деривати врз база на цените од точката 1 на оваа одлука.

4. Се овластува Сојузниот секретаријат за финансии да го пропише начинот на пресметувањето и уплатувањето односно остварувањето на разликата во цената за нафтените деривати од точката 1 на оваа одлука и во цената за нафтените деривати што важеле до денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

5. Со денот на почетокот на применувањето на оваа одлука престануваат да важат одредбите под 12 до 19 од точката 1 на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 9/61, 12/61 и 53/62).

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 251
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

747.

Врз основа на одредбата под 1 од точката 1 на главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ДРВЕСИНА И ЦЕЛУЛОЗА

1. Се определуваат највисоките продажни цени за дрвесина и целулоза:

	Дин./тон
1) дрвесина — — — — — — — —	63.000
2) целулоза сулфитна небелена:	
— I А од иглолисници — — — —	105.100
— II А од иглолисници — — —	94.620
— III А од иглолисници — — —	84.040
— пергамин од иглолисници — — —	120.870
— I А од широколисници — — —	91.200
— II А од широколисници — — —	81 000
— белива I А од иглолисници — —	110.390
3) целулоза сулфитна белена:	
— I А од иглолисници — — — —	124.500
— II А од иглолисници — — — —	112.050
— пергамин од иглолисници — —	149 400
— белена специјална (мека) од иглолисници — — — — — — —	143 180
— I А од широколисници — — —	108 000
— II А од широколисници — — —	96 000
4) целулоза сулфитна небелена на I А од иглолисници — — — — — —	103.750
5) вискозна целулоза, 90% суботија —	130.000.

2. Цените од точката 1 на оваа одлука се највисоки продажни цени на производителот франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот.

3. Сојузниот секретаријат за општи стопански работи може, по потреба, да ги утврдува паритетните цени за другите видови и квалитети на целулоза врз база на цените од точката 1 на оваа одлука.

4. Со денот на почетокот на применувањето на оваа одлука престануваат да важат:

1) Одлуката за определување на највисоките продажни цени за целулоза и дрвесина („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/62) и Наредбата за утврдување на паритетните највисоки продажни цени за одделни видови и квалитети целулоза („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/62);

2) точката 1 под 1 од Одлуката за определување на највисоките продажни цени за вискозна целулоза, цел-влакно и вештачка свила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/61).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 247
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

748.

Врз основа на одредбата под 1 од точката 1 на главата XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ НА ШУМАРСТВОТО

1. Се определуваат највисоките продажни цени за следните производи на шумарството:

	Дин./m³
1) трупци за фурнир — букови	20.000
2) трупци за лупење — букови	15.000

	од ела-смрека Дин./m³	од бука Дин./m³
3) трупци за режење:		
К-кладарки	17.000	14.500
I класа	15.000	13.500
II класа	13.500	9.500
III класа	8.500	7 000
4) трупци за прагови	—	7.200
5) целулозно дрво нетолчено:		
I класа	11.000	6.300
II класа	9.800	5.700
III класа	7.500	—
I/II класа за вискозна целулоза	—	6.000

Цените за толчено целулозно дрво ги утврдуваат спогодбено купувачот и продавачот, со тоа тие цени да можат да бидат за 1 m³ најмногу до 800 динари повеќе од цената за нетолчено целулозно дрво од соодветна класа;

	Дин./m³
6) рудничко (јамско) дрво:	
а) од ела и смрека	10.000
б) од бука	6.800
в) од даб	9.500
7) техничко обло дрво:	Динари
а) столбови за водови и скели, шипови, тунелско дрво, јарболи од ела и смрека	14.000
б) бродска граѓа и бродски стапови — од ела и смрека	10.000
в) столбови и стапови за хмел — од даб и иглолисници	10.000
8) дрво за дрвна волна од ела и смрека:	
I/II класа	9.700
III класа	8.600

9) индустриско дрво	Дин./pr.m	Дин./kg
а) за сува дестилација на бука	3.200	—
б) танинско дабово	—	6,5
в) танинско костеново	—	9,5

10) огревно дрво од тврди широколисници:	Дин./pr.m
I класа	4.000
II класа	3 700
III класа	2.900
сеченици	2.100

2. Цените од точката 1 на оваа одлука се највисоки продажни цени на производителот франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот, односно франко погонот (пиланата) на купувачот што му е најблизок на производителот (продавачот) ако тој погон е поблизок од најблиската натоварна станица на производителот.

По исклучок од ставот 1 на оваа точка, ако производите на шумарството од точката 1 на оваа одлука не се превезуваат со железница, брод или шлеп, републичкиот извршен совет може со свој пропис да определи друго франко постојано место за кое важат цените од точката 1 на оваа одлука, како и орган кој во спорните случаи ќе одлучува кое е тоа место.

Ако целулозното дрво или дрвото за дрвна волна се продава на просторен метар, се смета дека еден просторен метар содржи 0,75 кубен метар.

3. Со денот на почетокот на применувањето на оваа одлука престануваат да важат: Одлуката за определување на највисоките продажни цени за трупци за лупење и режање, рудничко (јамско) целулозно, техничко обло и индустриско (дестилационо и танинско) дрво од ела и смрека, бука, даб и костен („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и Службен лист на СФРЈ", бр 30/63) и Наредбата за утврдување на паритетните највисоки продажни цени за одделни сортименти на производи на шумарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/61).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

Р. п. бр. 246
26 декември 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

749.

Врз основа на точката 4 од Одлуката за определување на највисоките продажни цени за нафтени деривати („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА
ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ПОЗИТИВНИТЕ РАЗЛИКИ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА НЕГАТИВНИТЕ РАЗЛИКИ ВО ЦЕНИТЕ ЗА МОТОРЕН БЕНЗИН, ПЛИНСКО МАСЛО И МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ

1. Стопанските организации што се занимаваат со промет на нафтени деривати на кои им се покачуваат или намалуваат продажните цени во смисла

на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за нафтени деривати, се должни да ги попишат залихите на тие нафтени деривати со состојбата на 31 декември 1963 година и да ја утврдат позитивната или негативната разлика помеѓу старата и новата продажна цена.

Одредбите од ставот 1 на оваа точка се однесуваат и на производителите на нафтени деривати што имаат своја трговска мрежа за продажба на нафтени деривати, како и на Дирекцијата за суровини.

2. Како продажни цени за моторен бензин и плинско масло се сметаат определените највисоки малопродажни цени, а како продажни цени на маслото за горење тешко (С) — определените најниски продажни цени на производителот.

3. Организациите од точката 1 на оваа наредба и Дирекцијата за суровини се должни на попишаните залихи на нафтени деривати да ја пресметаат позитивната односно негативната разлика во цената, и тоа:

а) позитивната разлика во цената:

1) за моторен бензин 86 октани 5 динари за 1 килограм

2) за моторен бензин 93 октани 7 динари за 1 килограм

3) за масло за горење тешко (С) 1 динар за 1 килограм

б) негативната разлика во цената:

1) за моторен бензин 76 октани 3 динари за 1 килограм

2) за плинско масло D1 5 динари за 1 килограм

3) за плинско масло D2 5 динари за 1 килограм

4. За количините на нафтени деривати од точката 3 на оваа наредба што на 31 декември 1963 година заклучно се затекнале на пат, пресметувањето на разликата во цената ќе го изврши примателот на тие деривати.

Примателот на нафтените деривати не е должен да ја пресмета и уплати позитивната разлика во цената од точката 3 под а) на оваа наредба ако со потврда од општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите на чие подрачје се наоѓа седиштето на испраќачот на тие деривати докаже дека испраќачот ја пресметал и уплатил позитивната разлика во цената.

Примателот на нафтените деривати може да бара исплата на негативната разлика во цената од точката 3 под б) на оваа наредба за количините на нафтени деривати што се затекнале на пат, ако со потврда на органот од ставот 2 на оваа точка докаже дека испраќачот за тие количини на нафтени деривати не ја пресметал ниту наплатил негативната разлика во цената.

5. Организациите од точката 1 на оваа наредба и Дирекцијата за суровини што ја пресметуваат разликата во цената според одредбите од точката 3 на оваа наредба, ќе состават записник за попис на залихите по видови нафтени деривати и пресметка на разликите во цената и ќе му ги поднесат на општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите на чие подрачје се наоѓа нивното седиште. Записникот заедно со пресметката мора на тој орган да му се поднесе во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба. За количините на нафтени деривати што се затекнале на пат, записникот и пресметката се поднесуваат во рок од 3 дена од денот на пристигањето на пратката.

Пресметувањето на разликите во цената се врши според следниов образец:

Ред. број	Вид нафтени деривати	Количина на залихите во кг	Досегашна цена	Нова цена	Разлика во цената		Салдо на позитивната и негативната разлика
					позитивна за уплата	негативна за надоместок	
1	2	3	4	5	6	7	8

6. Општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите ќе ги провери наводите во записникот и пресметката на разликата во цената врз основа на книговодствената евиденција и фактичната состојба кај организацијата односно дирекцијата за суровини, и доколку утврди неточност ќе донесе решение со кое ја утврдува точната состојба.

7. Разликите во цената настанати поради покачувањето на цените ќе се уплатат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба во корист на сметката бр. 841-87 — Разлика во цената на затечените залихи на моторен бензин, плинско масло и масло за горење.

8. Барањето за исплата на надоместокот за негативните разлики во цената, организациите од точката 1 на оваа наредба односно Дирекцијата за суровини ѝ го поднесуваат на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која се води нивната жиро-сметка

Кон барањето за исплата на надоместокот за негативните разлики во цената организациите односно Дирекцијата за суровини ги прилагаат записникот и пресметката од точката 5 на оваа наредба, односно решението на општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите (точка 6). Записникот и пресметката мораат да бидат заверени од општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите.

Организациите од точката 1 на оваа наредба кои на попишаните залихи имаат и позитивни и негативни разлики во цената, ќе извршат пребивање на позитивните и негативните разлики па салдото ќе го уплатат на сметката од точката 7 на оваа наредба — ако позитивните разлики се поголеми од негативните, а ќе поднесат барање за исплата — ако негативните разлики се поголеми од позитивните.

За количините на нафтени деривати што се затекнале на пат примателот кон записникот и пресметката на разликата по цената прилага и потврда од точката 4 на оваа наредба.

9. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за исплата на надоместокот е уредно, го одобрува/износот на надоместокот во корист на жиро-сметката на подносителот на барањето а на товар на сметката од точката 7 на оваа наредба.

10. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-19430/1
31 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

750.

Врз основа на членот 3 став 3 од Уредбата за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ПОПИС НА ЗАЛИХИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ФЕРМЕНТИРАНИОТ ТУТУН ШТО Е ЗАТЕЧЕН НА 31 ДЕКЕМВРИ 1963 ГОДИНА КАЈ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ИЗРАБОТКА НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

1. Стопанските организации што се занимав т со изработка на тутунски производи од тар. број 140 на делот II од Тарифата за данокот на промет се должни според состојбата на 31 декември 1963 година да ги попишат по количина, квалитет и вредност залихите на суровини на ферментиран тутун од домашно производство и од увоз, како и залихите на полупроизводи и готови производи д [illegible] д [illegible] у у ([illegible] п н тамошниот текст:

залихите). Со пописот ќе се опфатат и залихите што тој ден се затекнале на пат.

2. Пописот на залихите ќе го изврши комисија чиј еден член мора да биде службеник на органот на управата надлежен за работите на финансиите на онаа општина на чија територија е седиштето на стопанската организација. Комисијата со пописот ќе ги опфати и залихите во готови производи во складовите на претставништвата на стопанската организација утврдени со записникот за пописот од страна на комисијата на претставништвото, како и залихите во готови производи што се затекнале на пат за тие складови.

3. Пописот на залихите ќе го изврши комисијата според местата каде се утврдени залихите, и тоа:

1) во складот на непреработени стоки на стопанската организација — по количина, квалитет и вредност врз основа на фактурите на добавувачите;

2) во недовршеното производство (одделенија за сортирање на листот, режање, изработка и пакување) — по вредност и количина на залихите содржани во мешавините на тутун, а според просечната цена на одделна мешавина што е формирана во фазата на сортирањето на листот;

3) во складот на готови производи на стопанската организација — по количина и вредност на залихите содржани во готовите производи, а според просечната цена на мешавината потрошена во одделни видови преработки во готовите производи;

4) залихите во готови производи испратени до 31 декември 1963 година заклучно за складовите на претставништвата — според транспортните документи и документацијата во книговодството на стопанската организација, на ист начин како и под 3;

5) залихите во готови производи затечени во складовите на претставништвата ќе ги попише комисијата на претставништвото — по количина и по видови на преработките и записникот за тој попис ќе ѝ го достави на стопанската организација за комисијата од точката 2 на оваа наредба.

4. За пописот на залихите комисијата ќе состави записници во кои ќе ги внесе следните податоци, и тоа:

1) во записникот за пописот на залихите во складот на непреработени стоки: назив и седиште на добавувачот; број и датум на фактурата на добавувачот; вид и количина на залихата во килограми; вредност според фактурата на добавувачот; даночна норма; вкупен износ на данокот на промет платен на залихите. Во овој записник се внесуваат и залихите затечени на пат за стопанската организација за кои со транспортните документи (товарен лист и др.) е утврдено дека се испратени до 31 декември 1963 година заклучно;

2) во записникот за пописот на залихите во недовршеното производство: количина и вредност на залихата пресметана врз база на просечната цена на мешавините на тутун; даночна норма; вкупен износ на данокот на промет платен на залихите;

3) во записникот за пописот на залихите во готови производи во складот на готови стоки на стопанската организација: количина и вредност врз база на просечната цена на мешавината потрошена во одделни видови преработки во готовите производи; даночна норма; вкупен износ на данокот на промет платен на залихите.

На ист начин ќе се внесат податоците и во записниците за пописот на залихите во готови производи затечени на пат за складовите на претставништвата, како и на залихите во готови производи затечени во тие складови, што ќе ги утврди комисијата на претставништвото.

5. Вкупниот износ на данокот на промет платен на затечените залихи утврдени со записници ќе се подели на три еднакви делови и секој од тие делови при секое декадно пресметување сукцесивно ќе се одбива од вкупно утврдениот износ на данокот на промет за таа декада.

6. Еден примерок од записникот за пописот на залихите и за пресметаниот и платениот данок на промет на тие залихи стопанската организација од точката 1 на оваа наредба ќе ѝ достави на Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

Службата на општественото книговодство е должна во доставените декадни извештаи да контролира дали стопанската организација на начинот наведен во точката 5 од оваа наредба го одбила платениот износ на данокот на промет од вкупно утврдениот износ на данокот на промет за определена декада.

7. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-19355/1
31 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

751.

Врз основа на членот 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62), Сојузниот секретаријат за надворешна трговија издава

НАРЕДБА
ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИ

1. Увозот на сите видови моторни возила од страна на граѓани е забранет.

2. По исклучок, моторни возила можат да увезуваат:

1) граѓани што се ослободени од плаќање царина според членот 13 точ. 5 и 16 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62 и 42/62), под условите пропишани во таа уредба;

2) југословенски и странски државјани што се доселуваат на постојан престој во Југославија, ако поминале во странство најмалку 5 години а не ги исполнуваат условите за ослободување од плаќање царина на моторни возила според членот 13 точка 5 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа;

3) службеници што на 2 мај 1962 година се наоѓале на служба во странство и тој ден имале во своја сопственост моторно возило што го набавиле по одлука на својата установа односно претпријатие заради вршење на својата службена должност.

3. Граѓаните што врз основа на точката 2 под 1 на оваа наредба можат да увезуваат моторни возила се должни при увозот да ѝ ги поднесат на царинарницата преку која имаат намера да ги увезат доказите предвидени во прописот за спроведување на одредбите од членот 13 точ. 5 и 16 на Уредбата за Привремената општа царинска тарифа.

Граѓаните што врз основа на точката 2 под 2 на оваа наредба можат да увезуваат моторни возила се должни при увозот на царинарницата преку која имаат намера да ги увезат да ѝ поднесат потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на Југославија во земјата во која се наоѓале дека во странство поминале најмалку 5 години.

Службениците што врз основа на точката 2 под 3 на оваа наредба можат да увезуваат моторни возила се должни при увозот на царинарницата преку која имаат намера да ги увезат да ѝ поднесат потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на Југославија во земјата во која се наоѓале на служба за тоа дека на 2 мај 1962 година го имале во своја сопственост тоа моторно возило и потврда дека моторното возило го набавиле по одлука на својата установа односно претпријатие заради вршење на својата службена должност.

4 Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/62).

5. Оваа наредба влегува во сила на 1 јануари 1964 година.

П. бр. 4040
26 декември 1963 го
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
Никола Цуверовиќ, с. р.

752.

Врз основа на членот 48 од Уредбата за книговодството на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/55), Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

УПАТСТВО
ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ (ИНВЕНТАРИСАЊЕТО) КАЈ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/56, 50/59, 49/60 и 50/61) во точката XVI по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Количините на готови производи чие мерење на тежината би создавало големи трошоци или би барало повеќе време (на пример: јаглен кај рудниците на јаглен, шеќер кај фабриките за шеќер. храна за добиток кај земјоделските организации и слично), се попишуваат со помош на кубицирање, мерни инструменти или на друг начин вообичаен за односниот вид готови производи. Попишувањето, извршено на овој начин, мора да биде документирано (приемница на магацинот на готови производи и слично). Ако готовите производи се попишуваат со кубицирање, таквите производи треба на соодветен начин однапред да се подготват за попис."

Досегашниот став 3 станува став 4.

2. Во точката XVIII по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите од точката XVI став 3 согласно се применуваат и при пописот на определени стоки во трговијата (жито кај претпријатија за промет и преработка на жито и храна за добиток кај претпријатија за промет со храна за добиток)."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 3 и 4.

3. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-19145/1
23 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

753.

Врз основа на членот 2 од Законот за движењето на граница („Службен лист на ФНРЈ", бр. 101/47) и членот 6 оддел I под а) точка 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/58, 18/59 и 9/61), Сојузниот секретаријат за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УСТАНОВУВАЊЕ ГРАНИЧЕН ВОЗДУШЕН ПРЕМИН ЉУБЉАНА—БРНИКИ

1. Се установува граничен воздушен премин Љубљана—Брники, преку кој може да се премину́ва државната граница.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1244
17 декември 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Воин Лукиќ, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

„Службени гласник Социјалистичке Републике Србије" во бројот 45 од 2 ноември 1963 година објавува:

Наредба за измена на Наредбата за височината на посебниот додаток за санитарни инспектори и службеници со висока медицинска спрема запослени во органите на управата надлежни за работите на народното здравје и во управните установи со делокруг од областа на народното здравје.

Во бројот 46 од 9 ноември 1963 година објавува:

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Универзитетот во Белград;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Институтот за медицина на трудот;

Решение за разрешување и именување претседател и членови на Заводот за техничка соработка на Социјалистичка Република Србија;

Решение за именување членови на Советот на Заводот за ортопедска протетика;

Решение за разрешување и именување претседател на Советот на Дирекцијата за изградба на хидросистемот Дунав—Тиса—Дунав;

Решение за разрешување и именување член на Советот на Институтот за здравствена заштита на мајката и детето;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Балнеоклиматолошкиот институт;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Институтот за туберкулоза;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Специјалната болница за детска парализа и коскено-зглобната туберкулоза;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Психијатриска болница;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Заводот за трансфузија на крв.

Во бројот 47 од 16 ноември 1963 година објавува:

Одлука за роковите за склучување договори помеѓу здравствените установи и заводите за социјално осигурување;

Решение за разрешување и именување претседател и членови на Советот на Републичкиот завод за јавна управа

Во бројот 48 од 23 ноември 1963 година објавува:

Наредба за вакцинирање на населението против заразни болести во 1964 година;

Исправка на Уредбата за основање Републички совет за научна работа.

Во бројот 49 од 2 декември 1963 година објавува:

Наредба за елементите на договорот за давање здравствени услуги на осигурените лица;

Исправка на Привремениот деловник на Собранието на Социјалистичка Република Србија.

НАРОДНЕ НОВИНЕ

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

„Народне новине" службени лист Социјалистичке Република Хрватске во бројот 43 од 10 октомври 1963 година објавуваат:

Правилник за измена на Правилникот за жигосување на дрвата и за издавање проследница за дрво.

Во бројот 44 од 17 октомври 1963 година објавуваат:

Препорака на Саборот за статутите на општините во СР Хрватска.

Во бројот 45 од 24 октомври 1963 година објавуваат:

Закон за Републичкиот комитет за туризам;

Закон за измени и дополненија на Законот за буџетот на Социјалистичка Република Хрватска (Републичкиот буџет) за 1963 година;

Закон за завршната сметка за извршување на буџетот на Народна Република Хрватска (Републичкиот буџет) за 1962 година;

Закон за завршната сметка на Резревниот фонд на Народна Република Хрватска за 1962 година;

Одлука за привремено регулирање на надоместоците на пратениците и функционерите што ги избира или именува Саборот на Социјалистичка Република Хрватска.

Во бројот 46 од 31 октомври 1963 година објавуваат:

Одлука за постојаните одбори на Стопанскиот собор на Саборот на СРХ;

Одлука за избор на членови на постојаните одбори на Стопанскиот собор на Саборот;

Одлука за основање комисија на Просветно-културниот собор на Саборот на СРХ;

Одлука за основање комисија на Организационо-политичкиот собор на Саборот на СРХ;

Одлука за именување претседател на Републичкиот комитет за туризам;

Одлука за разрешување и именување републички секретари;

Правилник за отстапување изградбата на инвестициони објекти;

Правилник за издавање одобрение за изградба на инвестициони објекти;

Правилник за техничкиот преглед на изградените инвестициони објекти.

Во бројот 47 од 7 ноември 1963 година објавуваат:

Одлука за определување инвестициони објекти што се од општ интерес за Републиката;

Одлука за измени на Одлуката за именување членови на Републичката комисија за верски прашања;

Одлука за измени на Одлуката за утврдување бројот на членовите на управниот одбор на Републичкиот фонд за нестопански инвестиции и за именување членови на тој одбор;

Решение за именување потсекретар во Републичкиот секретаријат за школство и образование;

Решение за именување помошник републички секретар за општи стопански работи.

Во бројот 48 од 14 ноември 1963 година објавуваат:

Одлука за измена во составот на Одборот за општествени служби на Извршниот совет на Саборот;

Решение за разрешување помошник републички секретар за стоковен промет;

Решение за именување помошник претседател на Републичкиот комитет за туризам;

Решение за именување помошник претседател на Републичкиот комитет за туризам;

Решение за именување помошник претседател на Републичкиот комитет за туризам.

Во бројот 49 од 21 ноември 1963 година нема правни прописи.

Во бројот 50 од 28 ноември 1963 година објавуваат:

Насоки за изработка на Општествениот план на Социјалистичка Република Хрватска за 1964 година;

Одлука за измена на височината на средствата за одделни намени и за поинаквиот распоред на средствата помеѓу одделни раздели во буџетот на Социјалистичка Република Хрватска (Републичкиот буџет) за 1963 година;

Одлука за плаќање надоместок за услугите што ги врши Републичкиот завод за статистика и за начинот на користење на приходите остварени од тие услуги;

Одлука за дополнение на Одлуката за плаќањето на надоместоците за услугите што ги врши Хидрометеоролошкиот завод на СР Хрватска и за начинот на користење на приходите остварени од тие услуги;

Одлука за измени на Одлуката за именување членови на Републичката комисија за верски прашања;

Решение за именување членови на Републичкиот комитет за туризам.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" во бројот 28 од 12 август 1963 година објавува:

Одлука за организирање и регулирање на исхраната и давање помош на работниците и службениците и нивните фамилии од град Скопје;

Одлука за дополнување на Одлуката за плаќање на придонесите за лица вон работен однос осигурени според прописите за социјално осигурување;

Одлука за образување на Комисија за сместување на републичките органи, општествено-политичките организации и установи;

Одлука за основање на Републички одбор за помош на Скопје;

Одлука за разрешување и именување член на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје;

Одлука за именување членови на Републичкиот одбор за помош на Скопје;

Решение за разрешување и именување претседател и членови на Републичката комисија за признавање право на пензија според членот 73 став 2 од Законот за пензиското осигурување;

Решение за разрешување и именување претседател и членови на посебната Комисија за давање мислење по чл. 29, 31 став 1 точка 3, 38 став 4, 75 и 215 од Законот за пензиското осигурување;

Решение за разрешување и именување заменик член на Вишиот дисциплински суд при Извршниот совет;

Решение за именување помошник на секретарот на Извршниот совет;

Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за општи стопански работи;

Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за сообраќај и врски;

Решение за назначување директор на железничко-транспортното претпријатие — Скопје;

Решение за разрешување в.д. директор и назначување директор на Заедницата на претпријатијата за патишта — Скопје;

Наредба за задолжително учество на граѓаните во отстранувањето на последиците од земјотресот во град Скопје и околината;

Наредба за прифаќање евакуираните ученици од Скопје во училиштата во Социјалистичка Република Македонија.

Во бројот 29 од 21 август 1963 година објавува:

Одлука за основање и утврдување на делокругот на одборите на Извршниот совет;

Одлука за одлагање на плаќањето ануитети по кредитите дадени од средствата на Републиката на работните организации од подрачјето на град Скопје;

Одлука за дополнување на Одлуката за определување на објекти односно работи за изградба спрема нивната вредност;

Одлука за определување на стопански организации кои не вршат издвојување на посебна задолжителна резерва на фондовите во 1963 година;

Одлука за условите за давање кредити за вложување на основни средства на стопанските организации од подрачјето на град Скопје;

Наредба за укинување на Наредбата за задолжително учество на граѓаните во отстранувањето на последиците од земјотресот во град Скопје и околината;

Одлука за делот од премиите за здравствено реосигурување на земјоделците што се издвојува за трошоците на службата (режиски додаток) што му припаѓа на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје за 1963 година.

Во бројот 30 од 27 август 1963 година објавува:

Закон за основање Републички секретаријат за градежништво и комунални прашања и Републички секретаријат за народно здравје и социјална политика;

Закон за завршната сметка за извршувањето на буџетот на Народна Република Македонија за 1962 година;

Одлука за именување на републички секретари;

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање и утврдување на делокругот на одборите на Извршниот совет;

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претседатели и членови на одборите на Извршниот совет;

Одлука за образување Комисија за прашањата на евакуацијата на населението од Скопје.

Во бројот 31 од 6 септември 1963 година објавува:

Закон за постапката за поправка на објекти од општествен стандард оштетени со земјотресот во Скопје;

Препорака за мерките за отстранување последиците од земјотресот во Скопје во областа на школството;

Препорака за мерките за отстранувањето на последиците од земјотресот на Универзитетот во Скопје;

Препорака за подобрување составот на наставниот кадар во основните училишта;

Решение за распишување избори за пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Идадија I;

Решение за распишување дополнителни избори за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Маврово;

Одлука на намените и условите под кои ќе се даваат кредити за трајни обртни средства;

Одлука за користење на посебната буџетска резерва што се издвојува од приходите на одделни општини во 1963 година;

Одлука за условите под кои лицата, кои што, покрај земјоделската дејност обавуваат и занаетчиска дејност, можат да го користат правото на избор на здравствено осигурување;

Правилник за отстапување од одредбите на правилниците за полагањето на завршниот испит во училиштата;

Правилник за изградба на објекти и изведување на работи во сопствена режија;

Правилник за начинот за водење на градежна книга и градежен дневник;

Правилник за издавање одобрение за изградба на инвестициони објекти;

Правилник за вршење технички прегледи на изградени инвестициони објекти;

Правилник за отстапување изградба на инвестициони објекти и работи.

СОДРЖИНА

Страна

712. Указ за прогласување на Општествениот план на Југославија за 1964 година 943
Општествен план на Југославија за 1964 година — — — — — — — — — 943
713. Указ за прогласување на Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година 963
Закон за стопанско-планските мерки во 1964 година — — — — — — — — — 963
714. Указ за прогласување на Законот за Сојузниот буџет за 1964 година — — — 969
Закон за Сојузниот буџет за 1964 година 969
715. Указ за прогласување на Законот за Уставниот суд на Југославија — — — 972
Закон на Уставниот суд на Југославија — 972
716. Указ за прогласување на Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството — — — 976
Закон за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанство 976
— — — — — — — — — 976
717. Указ за прогласување на Законот за заемот за инвестиции во стопанството за 1964 година — — — — — — — — 979
Закон за заемот за инвестиции во стопанството за 1964 година — — — — 979
718. Указ за прогласување на Законот за дополнение на Законот за придонесот од доходот на стопанските организации — 980
Закон за дополнение на Законот за придонесот од доходот на стопанските организации — — — — — — — — — 981
719. Указ за прогласување на Законот за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации — 981
Закон на нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации — — — — — — — — 981
720. Указ за прогласување на Законот за границите за определување во 1964 година на нормите на придонесите за социјално осигурување и за додаток на деца и за нормата на придонесот за запослување на работници — — — — — — — — 986
Закон за границите за определување во 1964 година на нормите на придонесите за социјално осигурање и за додаток на деца и за нормата на придонесот за запослување на работници — — — — — 986
721. Указ за прогласување на Законот за дополнение на Законот за придонесот за станбена изградба — — — — — — 986
Закон за дополнение на Законот за придонесот за станбена изградба — — — 986

Страна

722. Указ за прогласување на Законот за престанок на важењето на Законот за придонесот за експлоатација на рудното богатство и на Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес — 987
Закон за престанок на важењето на Законот за придонесот за експлоатација на рудното богатство и на Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес 987

723. Указ за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за данокот на личниот приход на граѓаните — 987
Закон за измени и дополненија на Законот за данокот на личниот приход на граѓаните — — — — — — — — 987

724. Указ за прогласување на Законот за отстапување определени приходи на федерацијата на резервниот фонд на град Скопје — — — — — — — — — 988
Закон за отстапување определени приходи на федерацијата на резервниот фонд на град Скопје — — — — — 988

725. Указ за прогласување на Законот за давање надоместок на општествените фондови и банките за отпишаните кредити и за регулирање на кредитните односи на работните организации и граѓаните на територијата на град Скопје — — — 988
Закон за давање надоместок на општествените фондови и банките за отпишаните кредити и за регулирање на кредитните односи на работните организации и граѓаните на територијата на град Скопје — — — — — — — 988

726. Указ за прогласување на Законот за посебното регулирање на определени прашања од областа на финансирањето на станбената изградба на територијата на град Скопје — — — — — — — — 990
Закон за посебното регулирање на определени прашања од областа на финансирањето на станбената изградба на територијата на град Скопје — — — 991

727. Указ за прогласување на Законот за посебното регулирање на определени прашања од областа на станбените односи на територијата на град Скопје — — 991
Закон за посебното регулирање на определени прашања од областа на станбените односи на територијата на град Скопје 991

728. Одлука за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата — 991

729. Одлука за доделување средстава од стопанските резерви на федерацијата за кредитирање на набавката на железнички возни средства и претоварна механизација — — — — — — — — — 992

730. Одлука за употреба на средствата на посебната сметка на федерацијата формирани според одредбите од ставот 3 на главата XV на Сојузниот општествен план за 1963 година — — — — — 992

731. Одлука за финансирање на изградбата на железничката пруга од нормален колосек Сарајево—Плоче — — — — — — 992

Страна

732. Одлука за кредитот за проширување на капацитетот на луката Плоче — — — 993

733. Одлука за ослободување од плаќање интерес на фондовите во стопанството 994

734. Одлука за ослободување на дејноста производство на каустична и калцинирана сода од плаќање на придонесот од доходот за 1964 година — — — — — — 994

735. Одлука за дополнение на Одлуката за определување стопанските организации што се должни да плаќаат придонес за експлоатација на рудното богатство и за определување на нормите на тој придонес — — — — — — — — — — 994

736. Одлука за интересната норма на фондовите во стопанството за дејноста производство на сол — — — — — — 994

737. Одлука за ослободување на дејноста производство на морска сол од плаќање на придонесот од доходот на стопанските организации — — — — — — — 995

738. Одлука за средствата за давање надоместок на сообраќајните стопански организации за повластиците во патничкиот сообраќај во 1964 година — — 995

739. Одлука за најниските проценти на задолжителното издвојување во 1964 година за сигурносна резерва и валоризациона резерва на фондовите на инвалидското осигурување и пензиското осигурување — — — — — — — — 995

740. Одлука за траењето на мандатот на половината од бројот на судиите на Уставниот суд на Југославија — — — — 996

741. Одлука за потврда на Статутот на Фондот за обнова и изградба на Скопје — 996

742. Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — 996

743. Одлука за намалување на продажните цени на ферментираниот тутун — — 998

744. Одлука за определување височината на надоместокот за патишта на цената на бензинот и плинското масло — — — 998

745. Одлука за определување на највисоките продажни цени на сурова нафта — — 999

746. Одлука за определување на највисоките продажни цени за нафтени деривати — 999

747. Одлука за определување на највисоките продажни цени за дрвесина и целулоза 999

748. Одлука за определување на највисоките продажни цени за одделни производи на шумарството — — — — — — — — 1000

749. Наредба за пресметување и уплатување на позитивните разлики и за остварување надоместок на негативните разлики во цените за моторен бензин, плинско масло и масло за горење — — — — — — — 1000

750. Наредба за попис на залихите и за пресметување на данокот на промет на ферментираниот тутун што е затечен на 31 декември 1963 година кај стопанските организации што се занимаваат со изработка на тутунски производи — — — 1001

751. Наредба за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓани — 1002

752. Упатство за дополненија на Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации — 1003

753. Решение за установување граничен премин Љубљана—Брници — — — — — 1003

Издава [illegible] „Службен лист на СФРЈ" Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубомир Гурић Улица Јована Ристића бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград